Врз основа на член 101-б став 1 од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.98/00, 17/03, 65/04 и 113/05 год.), градоначалникот на општина Гевгелија на ден 18.01.2006 година, донесе

## О Д Л У К А
## за објавување на јавен оглас за избор на директор на ЈУДГ "Детска радост" Гевгелија

**Член 1**

Со оваа Одлука се задолжува Управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" Гевгелија да објави јавен оглас за избор на директор.

**Член 2**

Во јавниот оглас ќе бидат утврдени условите кои треба да ги исполнува кандидатот за директор, потребната документација, времето на траењето на јавниот оглас и рокот во кој ќе се изврши изборот.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.08-141/1 Градоначалник
8.01.2006 год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Делев с.р.***

Врз основа на член 41 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 и 11/05 год.) и член 15 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2006 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.19/05 и 10/05 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2006 година

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2006 година, ставка 464 подставка 464990 - Други трансфери, Програма ДО во износ од 19.706,00 денари се доделуваат на ЈПКД "Комуналец" за одржување на јавната чистота на јавно прометни површини.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансии. локални даноци и такси и средствата ќе се преведат во Комерцијална банка на ж-ро с-ка бр. 300100000021371.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

О б р а з л о ж е н и е

ЈПКД "Комуналец" поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2006 година за одржување на јавната чистота на јавно прометните површини.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на општна Гевгелија, одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2006 година во износ од 19.706,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-67/2 Градоначалник
10.01.2006год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Делев с.р.***

Врз основа на член 41 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 и 11/05 год.) и член 15 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2006 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.19/05 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2006 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2006 година, ставка 464 подставка 464990 - Други трансфери, Програма ДО во износ од 30.000,00 денари се доделуваат на Месна заедница Богородица за реновирање на објектот Младински дом.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансии, локални даноци и такси и средствата ќе се преведат во Македонска банка на ж-ро с-ка бр. 220904100281194.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

Месна заедница Богородица поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2006 година за реновирање на објектот Младински дом.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на општна Гевгелија, одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2006 година во износ од 30.000,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-78/2 Градоначалник
12.01.2006год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Делев с.р.***

Врз основа на член 41 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 и 11/05 год.) и член 15 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2006 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.19/05год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2006 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2006 година, ставка 464 подставка 464990 - Други трансфери, Програма ДО во износ од 15.000,00 денари се доделуваат на Натка Митеска од Гевгелија за новородено дете.

Персоналниот данок ќе се пресмета и уплати согласно законските прописи.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансии. локални даноци и такси и средствата ќе се исплатат во Инвест банка на штедна книшка бр.2500000000111-4002-001-11920.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

Натка Митеска од Гевгелија поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2006 година за новородено дете.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на општна Гевгелија, одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2006 година во износ од 15.000,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-16/2
4.01.2006год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
***Драги Делев с.р.***

Врз основа на член 41 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 и 11/05 год.) и член 15 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2006 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.19/05год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2006 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2006 година, ставка 464 подставка 464990 - Други трансфери, Програма ДО во износ од 3.000,00 денари се доделуваат на Ленче Дрварова од Гевгелија за здравствени потреби.

Персоналниот данок ќе се пресмета и уплати согласно законските прописи.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансии. локални даноци и такси и средствата ќе се исплатат во Стопанска банка на штедна книшка бр.001269537-6.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

Ленче Дрварова од Гевгелија поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2006 година за здравствени потреби.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на општнта Гевгелија, одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2006 година во износ од 3.000,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-1838/2 Градоначалник
23.11.2005год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Делев с.р.***

Врз основа на член 41 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 и 11/05 год.) и член 15 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2006 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.19/05год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2006 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2006 година, ставка 464 подставка 464990 - Други трансфери, Програма ДО во износ од 25.000,00 денари се доделуваат на Анка Ј.Зајкова од Гевгелија за опожарен стан.

Персоналниот данок ќе се пресмета и уплати согласно законските прописи.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансии. локални даноци и такси и средствата ќе се исплатат во Стопанска банка на штедна книшка бр.80710-0002568432.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

Анка Зајкова од Гевгелија поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2006 година за опожарен стан.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на општнта Гевгелија, одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2006 година во износ од 25.000,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-74/2 Градоначалник
12.01.2006год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Делев с.р.***

Врз основа на член 41 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 и 11/05 год.) и член 15 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2006 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.19/05год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2006 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2006 година, ставка 464 подставка 464990 - Други трансфери, Програма ДО во износ од 3.000,00 денари се доделуваат на Велков Крсте од Гевгелија за здравствени потреби.

Персоналниот данок ќе се пресмета и уплати согласно законските прописи.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансии. локални даноци и такси и средствата ќе се исплатат во Инвест банка на штедна книшка бр.2500000000111-4002-001-11920.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

Крсте Велков од Гевгелија поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2006 година за здравствени потреби.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на општитна Гевгелија, одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2006 година во износ од 3.000,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-109/2<br>16.01.2006год.<br>Гевгелија

Градоначалник<br>на општина Гевгелија,<br>***Драги Делев с.р.***

**С О Д Р Ж И Н А**

1.Одлука за објавување на јавен оглас за избор на директор на ЈУДГ "Детска радост" Гевгелија ........................................................................................................ 1

2.Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија ............................................ 1

3.Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година на Месна заедница Богородица ............................................... 2

4.Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година на Натка Митеска од Гевгелија ............................................... 2

5.Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година на Ленче Дрварова од Гевгелија ............................................. 3

6.Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година на Анка Ј.Зајкова од Гевгелија ............................................... 4

7.Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година на Крсте Велков од Гевгелија ............................................... 4

"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба
Уредува и издава: Општина Гевгелија - Служба за административни работи
улица "Димитар Влахов" 4 тел. 213-843

Врз основа на член 25 став 1 точка 13 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 26.01.2006 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**За одржување на јавното осветлување во**
**Општина Гевгелија за 2006 година**

## I.ОПШТ ДЕЛ

Програмата се изготвува со цел да се утврдат активностите за обезбедување на функционирањето на јавното осветлување на подрачјето на општина Гевгелија во 2006 година, како и потребните финансиски средства за спроведување на истата.

Работите кои се опфатени се од домен от на:

-Редовно одржување на постоечкото јавно осветлување на подрачјето на општината Гевгелија. Тука не е опфатено опремувањето со улично осветлување на нови неосветлени улици, за кои се потребни значително поголеми средства ( потребно е изготвување на дополнителна програма со конкретни проекти и ситуации за цена на чинење);
-Степен на уреденоста на јавното осветлување;
-Ориентациона годишна потрошувачка на електрична енергија за јавно осветлување;
-Потребни средства за финансирање на јавното осветлување;
-Бројот на корисниците на јавното осветлување на подрачјето на општина Гевгелија;
-Потребна опрема за нормализирање на постоечкото јавно осветлување на подрачјето на опшитна Гевгелија;

## II.ПОСЕБЕН ДЕЛ

1.Редовно одржување на јавното осветлување

Редовното одржување на јавното осветлување се утврдува според изготвен интерен оперативен план за одржување на населени места и опфаќа:
-Замена на прегорени и искршени светилки;
-Замена на заштитни стакла и нивно чистење;
-Замена на сите елементи на сијалично место;
-Подесување на уредите кои служат за автоматско палење и гаснење на електричните светилки (ден/ноќ), кои се оштетени или ја изгубиле осетливоста;
-Ослободување на светлосните тела од вегетација и др.

Приоритет за почести контроли и интервенции при отстранување на дефектите ќе се дава на осветлувањето во централните подрачја по населени места во општината, крстосниците со поголема фреквенција на сообраќајот, пешачките премини или улиците во близина на болници, училишта, детски градинки, цркви и други улици, кои се во близина на објекти од витално значење.

За населените места, каде што според законот за јавно осветлување се ослободени од плаќање на комунална такса, а има поставено јавно осветлување,

како што се населените - односно туристичките места Серменин, Конско, Хума и Смрдлива Вода, (за кои како туристички локалитети се фактурира електрична енергија само еднаш годишно) потребно е да се одреди одреден процент (во вредност од околу 5%) од вкупните средства што се собираат и да се пренасочат за тие подрачја. И тоа, посебно за подобрување и користење на осветлувањето на главните патишта и раскрсници.

2.Степен на уреденоста на јавното осетлување

Степенот на уреденоста на јавното осветлување е претставено табеларно по населени места за светилки што светат (исправни, јануари 2005 година), светилки што не светат (неисправни) и вкупен број на светилки по населени места.

| Населено место | Исправни | Неисправни | Вкупно | % на осветленост |
|---|---|---|---|---|
| **Гевгелија** | | | | |
| живини сијалици 125W | 452 | 70 | 522 | |
| живини сијалици 160 W | 154 | 195 | 349 | |
| живини сијалици 250 W | 28 | 14 | 42 | |
| живини сијалици 400 W | 30 | 6 | 36 | |
| натриумови сијалици 250 W | 60 | 17 | 77 | |
| неонски сијалици 25 W | 7 | 6 | 13 | |
| Гевгелија вкупно: | 731 | 308 | 1.039 | 70% |
| **Негорци** | | | | |
| живини сијалици 125 W | 68 | 26 | 94 | |
| живини сијалици 160 W | 4 | 2 | 6 | |
| живини сијалици 250 W | 6 | / | 6 | |
| натриумови сијалици 250 W | 2 | / | 2 | |
| Негорци вкупно: | 80 | 28 | 108 | 74% |
| **Богородица** | | | | |
| живини сијалици 125 W | 26 | 10 | 36 | |
| живини сијалици 250 W | 6 | / | 6 | |
| Богородица вкупно: | 32 | 10 | 42 | 76% |
| **Мрзенци** | | | | |
| живини сијалици 125 W | 21 | 3 | 24 | |
| живини сијалици 160 W | 6 | 6 | 12 | |
| Мрзенци вкупно: | 27 | 9 | 36 | 75% |
| **Прдејци** | | | | |
| живини сијалици 125 W | 30 | 11 | 41 | |
| Прдејци вкупно: | 30 | 11 | 41 | 73% |
| **Моин** | | | | |
| живини сијалици 125 W | 20 | 5 | 25 | |
| Моин вкупно | 20 | 5 | 25 | 80% |
| **Ново Конско** | | | | |
| живини сијалици 125 W | 19 | 4 | 23 | |
| Ново Конско вкупно: | 19 | 4 | 23 | 82% |
| **Кованец** | | | | |
| живини сијалици 125 W | 4 | 2 | 6 | |
| живини сијалици 160 W | 4 | 2 | 6 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Кованец вкупно: | 8 | 4 | 12 | 67% |
| **Серменин**<br>живини сијалици 125 W<br>живини сијалици 160 W | <br>4<br>7 | <br>1<br>1 | <br>5<br>8 | |
| Серменин вкупно: | 11 | 2 | 13 | 85% |
| **Конско**<br>живини сијалици 125 W | <br>10 | <br>/ | <br>10 | |
| Конско вкупно: | 10 | / | 10 | 100% |
| **Смрдлива вода**<br>живини сијалици 125 W<br>живини сијалици 160 W | <br>4<br>6 | <br>3<br>6 | <br>7<br>12 | |
| Смрдлива вода вкупно: | 10 | 9 | 19 | 53% |
| **Хума**<br>живини сијалици 125 W<br>живини сијалици 160 W | <br>15<br>1 | <br>/<br>/ | <br>15<br>1 | |
| Хума вкупно: | 16 | / | 16 | 100% |
| **Миравци**<br>живини сијалици 125 W<br>живини сијалици 160 W<br>живини сијалици 250 W<br>натриумови сијалици 250 W | <br>70<br>4<br>6<br>4 | <br>10<br>/<br>1<br>/ | <br>80<br>4<br>7<br>4 | |
| Миравци вкупно: | 84 | 11 | 95 | 88% |
| **Милетково**<br>живини сијалици 125 W<br>живини сијалици 160 W | <br>26<br>4 | <br>9<br>1 | <br>35<br>5 | |
| Милетково вкупно: | 30 | 10 | 40 | 75% |
| **Петрово**<br>живини сијалици 125 W<br>живини сијалици 160 W | <br>20<br>2 | <br>3<br>/ | <br>23<br>2 | |
| Петрово вкупно: | 22 | 3 | 25 | 88% |
| **Смоквица**<br>живини сијалици 125 W | <br>25 | <br>5 | <br>30 | <br>83% |
| **Општина Гевгелија се вкупно:** | **1004** | **380** | **1384** | **72%** |

Или пак табеларно претставени по видови на светилки за општина Гевгелија:

| Ред.бр. | Општина Гевгелија | Исправни | Неисправни | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 1. | живини сијалици 125 W | 682 | 126 | 608 |
| 2. | живини сијалици 160 W | 183 | 211 | 394 |
| 3. | живини сијалици 250 W | 40 | 14 | 54 |
| 4. | живини сијалици 400 W | 30 | 6 | 36 |
| 5. | Натриумови сијалици 250 W | 62 | 17 | 79 |
| 6. | Неонски сијалици 25 W | 7 | 6 | 13 |
| | **Се вкупно:** | **1004** | **380** | **1384** |

Вкупно светилки во Миравци и околните населени места

| Ред.бр. | Миравци | Исправни | Неисправни | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 1. | живини сијалици 125 W | 141 | 27 | 168 |
| 2. | живини сијалици 160 W | 12 | 1 | 13 |
| 3. | живини сијалици 250 W | 6 | 1 | 7 |
| 4. | натриумови сијалици 250 W | 4 | - | 4 |
| | | | | |
| | | | | |
| | **Се вкупно:** | **163** | **29** | **192** |

Вкупно сијалици во Гевгелија, Миравци и населените места

| | | | |
|---|---|---|---|
| општина Гевгелија | 1004 | 380 | 1384 |
| Миравци | 163 | 29 | 192 |
| Вкупно: | 1167 | 409 | 1576 |

Во зависност од потребите по населени места и во зависност од можностите за обезбедување на финансиски средства, се предлага да бројот на светилките се зголеми од 8% до 10% годишно по населено место.

3.Годишна потрошувачка на електрична енергија за јавно осветлување во опшитна Гевгелија

Податоците се земени од читањето на мерните уреди (струјомерите) за последните три години station наназад:

| **Период** | **Вкупно потрошена ел.енергија** |
|---|---|
| | |
| 1.Јануари-Декември / 2004 год. | 760.312 KWh/год. |
| 2.Јануари-Декември / 2005 год. | 990.761 KWh/год. |
| | |

Согласно залагањата за зголемување и подобрување на бројот на светлосни места, а со тоа и потрошувачката на електрична енергија, како најверодостоен податок е потрошувачката од последната 2005 година, која се потрошени 990.761 KWh/год.

Но, треба да се има предвид дека во секој момент не е можна целосна осветленост на подрачјето на општина Гевгелија (секој пат има места каде што не свети по некоја светилка од разни причини). До колку се направат напори за нивно отстранување процентот на осветленоста на постоечките светлосни места да се подобри и се зголеми од сегашните 68% (јануари 2006 год.) на очекуваните 90%. Тоа ќе придонесе за значително подобрување на постоечкото јавно осветлување.

Зголемувањето на бројот на светилките од 1640 во 2005 год. за 4%, осносно на 1760 светилки во 2006 година, ориентационо би значело и зголемена годишна потрошувачка на електрична енергија за 2006год. и би изнесувала 2.981.000 ден.

(Цената на комуналната такса за користење и одржување на јавното осветлување месечно изнесува: 15KWh x 2,9896 ден. KWh = 44,8 ден.

Потрошувачката на електрична енергија ја следи Комисијата за контрла на наменското трошење на средствата за јавно осветлување со читање на мерните уреди (струјомерите) секој први или втори ден во месецот. Читањето на струјомерите се врши во присуство на службено лице од Подружница "Електродистрибуција" - Гевгелија и овластено лице од опшитна Гевгелија (член на Комисијата).

4.Број на корисници на јавно осветлување на подрачјето на опшитна Гевгелија (заедно со Миравци)

Според податоците од јануари 2005 год. со кои располага Подружница "Електродистрибуција" Гевгелија, вкупниот број на корисници по електрични броила на 0,4 KB потрошувачка (на кои им се фактурира и комунална такса наменето за улично осветлување) изнесува 8451 потрошувачи во опшитна Гевгелија (со Миравци).

Месечната такса по електрично броило изнесува: 44,85 ден., а годишната 538,20 ден. по броило. Од тука произлегува дека со целосна наплата на сметките годишно би се собрале 4.548.000 денари комунална такса. Ако се има предвид дека целосна годишна наплата практично не е можна (доколку на крајот од годината процентот на наплата достигне околу 95%) може да се очекува остварување на годишни средства, по основа на наплата за улично осветлување, во вредност од 4.320.000 ден.

Доколку процентот на наплата на електрична енергија е помал од (95%), во тој случај и наплатените годишни средства, по основа на јавно осветлување, би биле помали.

Во 2005 година за потрошена електрична енергија за улично осветлување е фактурирано од страна на Подружница "Електродистрибу-ција" - Гевгелија на опшитна Гевгелија износ од 2.981.000 денари, а за извршени услуги со набавка на материјали (по ситуации) е фактурирано 726.000 денари или се вкупно за 2005 год. е фактурирано 3.707.000 денари.

5.Потребни средства за финансирање на јавното осветлување

Целосна проценка на потребните средства за финансирање на јавното осветлување посебно во делот на одржување, не е можна, бидејќи сето тоа зависи и од временските прилики и неприлики кои ќе влијаат на дефектите на јавното осветлување. Исто така, од движењето на цените за набавка на потребната опрема на пазарот наменета за јавно осветлување и др.

Средства кои би се собрале по основа на годишна наплата:
(со 95% наплата) ............................................... 4.320.000 денари

Средства кои би биле потребни за годишна наплата на потрошена електрична енергија (со 95% потрошена количина на ел.енергија) 3.010.000 ден.

Средства за одржување на јавно осветлување и останати трошоци 1.210.000 ден.

Односно, за наплата на електрична енергија за јавно осветлување и за материјални трошоци за одржување на јавното осветлување се потребни вкупно 4.220.000 ден.

За планирање на нови осветлувања остануваат 100.000 ден.

Со овие средства се планира осветлување на нови улици и тоа:

-дел од ул."Миле Пецанов" Гевгелија

-"Моински пат" до Динќут

-ул. "Коле Неделковски" и "Љубљанска"

-ОУ "Владо Кантарџиев" Гевгелија

| Р.бр. | Име на материјалот | Ед.мера | Количина |
|---|---|---|---|
| 1. | живини сијалици 125 W | бр. | 300 |
| 2. | живини сијалици 160 W | бр. | 200 |
| 3. | живини сијалици 250 W | бр. | 50 |
| 4. | живини сијалици 400 W | бр. | 20 |
| 5. | Натриумовн сијалици 250 W | бр. | 30 |
| 6. | Пригушници за внатрешна монтажа 125 W | бр. | 100 |
| 7. | Пригушници за надворешна монтажа 125 W | бр. | 100 |
| 8. | Пригушници за внатрешна монтажа 250 W | бр. | 20 |
| 9. | Пригушници за внатрешна монтажа 400 W | бр. | 20 |
| 10. | Фасонки Е27 - порцелански | бр. | 250 |
| 11. | Фасонки Е40 - порцелански | бр. | 40 |
| 12. | кабел Р/Ф 1х1,5мм ......... | м. | 400 |
| 13. | кабел Р/Ф 1х2,5мм ........ | м. | 100 |
| 14. | кабел 3 х 1,5мм ......... | м. | 100 |
| 15. | кабел ПП 3х2,5мм ......... | м. | 100 |
| 16. | Силиконски кабел Р/Ф 1х1,5мм ......... | м. | 100 |
| 17. | Форел со оптичко око | бр. | 15 |
| 18. | оптичко око | бр. | 15 |
| 19. | Заштитно стакло | бр. | 150 |
| 20. | Комплет арматура 125 W вандарма | бр. | 70 |
| 21. | Комплет арматура 250 W натриумова | бр. | 10 |
| 22. | Комплет арматура 250 W живина | бр. | 10 |
| 23. | Ињектор за натр. сијалица 250 W | бр. | 10 |
| 24. | Електрично броило 10-40 А, 3х220 В | бр. | 3 |
| 25. | Електрично броило 10-40 А, 220 В | бр. | 3 |
| 26. | Подножје за осигурувачи 160 А | бр. | 10 |
| 27. | Осигурувачи ХБТ 00 | бр. | 100 |
| 28 | Автоматски осигурувачи 16 А | бр. | 50 |
| 29. | Контактор 63 А | бр. | 8 |
| 30. | Контактор 40 А | бр. | 8 |
| [illegible] | [illegible] | [illegible] | [illegible] |
| [illegible] | [illegible] | [illegible] | [illegible] |
| 33. | Ампула 1500 W | бр. | 20 |
| 34. | Ампула 500 W | бр. | 20 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 35. | Топка Ф 500/160 | бр. | 50 |
| 36. | Фланша комплет за 125 | бр. | 50 |
| 37. | Метал халогена рефлектор 400 W | бр. | 10 |
| 38. | Метал халогена сијалица 400 W | бр. | 20 |
| 39. | Метал халогена сијалица 1000 W | бр. | 20 |
| 40. | Метал халогена сијалица 1500 W | бр. | 20 |
| 41. | Упаљач за метал халогена сијалица 250-400 W | бр. | 20 |
| 42. | Фасонки за рефлектор со метал халогена сијал. | бр. | 30 |
| 43. | Сијалици 100 W | бр. | 50 |

Потребните материјали мора да се набават согласно Законот за јавни набавки.

Набавката на материјали за одржување на јавното осветлување ќе го врши Комисијата за јавни набавки на Општинската администрација Гевгелија. Набавените материјали ќе може Подружницата "Електродистрибуција" Гевгелија да ги вградува према потребата што ќе ја утврди надлежна комисија на општината и за што ќе дава извештај за вградениот материјал преку соодветно изготвени ситуации за тоа. Контролата може да ја врши посебно формирана комисија од страна на Општина Гевгелија за наменско трошење на средствата

**III.** Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-231/1 | Претседател
26.01.2006 год. | на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија | ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 11 став 3 од Законот за библиотеките ("Службен весник на РМ" бр.66/04 год.) и член ______ од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 26.01.2006 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за давање согласност на Статутот на Јавната општинска установа Библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија

1.Се дава согласност на Статутот на Јавната општинска установа библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија усвоен од Управниот одбор на установата на 23.12.2005 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-233/1 | Претседател
26.01.2006 год. | на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија | ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 55 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 и 11/05 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 26.01.2006 година, по расправата на Извештајот за работата на

комуналните инспектори при општина Гевгелија за периодот 01.09.2005 год. до 31.12.2005 година, го донесе следниот,

## З А К Л У Ч О К

1.Се усвојува Извештајот за работата на комуналните инспектори при општина Гевгелија за периодот 01.09.2005 год. до 31.12.2005 година.

2.Комуналните инспектори по службена должност, а не само по барање на граѓаните да вршат почести контроли и во селата во општината.

3.За да се оневозможи создавање на диви депонии, комуналните инспектори, надлежните одделенија на општинската администрација во соработка со Месните заедници да одредат привремени локации за депонии во селата во општината.

4.Со цел за заштита на животната средина и одржување на комуналната хигиена потребно е:

-да се спроведе едукација на децата од претшколско и основно образование;

-да се организираат работни акции со учениците од основно и средно образование;

5.Заклучокот да се достави до комуналните инспектори во општина Гевгелија.

6.Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-232/1 Претседател
26.01.2006 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 55 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 и 11/05 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 26.01.2006 година, по расправата по Статутот на Јавната општинска установа библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија, го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

1.Се дава согласност на Статутот на Јавната општинска установа библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија со следните забелешки:

-во членот 19 став 1 точките 3 и 5 зборот "предлага " да се замени со зборот "донесува" и по зборот "Библиотеката" да се додаде зборот "предлага".

-во членот 19 став 1 точките 4 и 5 зборот "предлага " да се замени со зборот "усвојува" и по зборот "Библиотеката" да се додаде зборот "предлага".

-во членот 11 точка 4 став 1 алинеа 2 по зборот "години" да се додадат зборовите "во дејноста".

2.Заклучокот да се достави до Јавната општинска установа - библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија.

3.Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-233/2 Претседател
26.01.2006 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

## С О Д Р Ж И Н А

1.Програма за одржување на јавното осветлување во општина Гевгелија за 2006 година ........................................................................................................... 6
2.Решение за давање согласност на Статутот на Јавната општинска установа Библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија ........................................................ 12
3.Заклучок по Извештајот за работата на комуналните инспектори при општина Гевгелија за периодот 1.09.2005 до 31.12.2005 година ............................... 12
4.Заклучок по Статутот на Јавната општинска установа библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија ...................................................................................................... 13

"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба
Уредува и издава: Општина Гевгелија - Служба за административни работи
улица "Димитар Влахов" 4 тел. 213-843

Врз основа на член 17 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. Весник на Р.М. бр. 51/05 год.") и член 25 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија (Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 8/02 и 11/05 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 7.02.2006 година, донесе

## ГОДИШНА ПРОГРАМА
## за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија

### I. Општи одредби

1. Со оваа програма се утврдуваат планските документи, кои ќе се изработат за урбанистичко уредување на просторот во градот Гевгелија, населените места и на подрачјето вон населените места (ГУП, и ДУП за градот Гевгелија, УП за село и УП за подрачје вон населено место), во општина Гевгелија, изворите на средства за финансирање и други прашања поврзани со планските документи.

Со изработка на урбанистичките планови треба да се обезбеди рационално искористување на просторот, намалување на бесправната изградба, вклопување на објектите, кои се бесправно изградени и отворање на нови локации за:

-домување
-деловни објекти
-индустрија и мало стопанство
-спорт и рекреација и
-планска изградба на комунални објекти

Преку донесените урбанистички планови Општината ги реализира усвоените годишни програми за комунално уредување, за изградба на локални патишта и улици, водоводни мрежи, фекални и атмосферски канализациски мрежи, заштита на животната средина и др.

Потребата од изработка на урбанистичките планови исто така е иницирано и од Одделението за урбанизам, градежништво, архитектура и заштитан а животна средина, врз основа на следењето на степенот на квалитетот и потребата за реализација на плановите, роковите на важноста на истите, новонастанатите промени и потреба за развој, како и предлозите, иницијативите и барањата од физичките и правните лица доставени до Одделението.

Изработката на урбанистичките планови ќе се финансира од Буџетот на општина Гевгелија за која намена се педвидени 5.000.000,00 денари

Урбанистичките планови ќе се изработуваат согласно Законот за јавни набавки од правни лица кои поседуваат лиценца за вршење на оваа дејност.

### II. Посебни одредби

1. **Измена и дополнување на Генералниот урбанистички план** на градот Гевгелија

-Изработката на планот е во тек
-Фаза : Нацрт и Предлог на Генерален урбанистички план

-Површина на опфатот : проширување на урбанистичкиот опфат за домување, за индустрија и за мало стопанство, рекреација (проширување за 60ха, или вкупна површина на урбанистичкиот опфат 765,50ха).

-цена на изработка на планот 600.000,00 денари

**2. Ревизија на детален урбанистички план за центарот на град Гевгелија**

-Фаза : Нацрт и Предлог план

-Површина на опфатот 11,50 ха

-Намена на просторот : објекти од јавен интерес, деловни објекти, трговија, услужни дејности, занаетчиство, хортикултурно уредување и сл.

-цена на изработка на планот околу 567.640,00 денари

**3. Детален урбанистички план на дел од 4-та урбана единица во Гевгелија**

-Фаза : Нацрт Предлог план

-Површина на опфатот : 12,00 ха

-Намена на просторот : домување, трговија услужни дејности, хортикултурно уредување, комунални објекти и др.

-цена на изработка на планот околу 600.000,00 денари

**4. Детален урбанистички план на дел од 5-та урбана единица во Гевгелија**

-Фаза : Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат : 8,00 ха

-Намена на просторот : домување, трговија, услужни дејности, хортикултурно уредување, комунални објекти и др.

-цена на изработка на планот околу 395.000,00 денари

**5. Детален урбанистички план на дел од 7-ма урбана единица во Гевгелија**

-Фаза : Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат: 15,50 ха

-Намена на просторот : домување, трговија, услужни дејности, хортикултурно уредување, комунални објекти и др.

-цена на изработка на планот околу765.000,00 денари

**6. Детален урбанистички план на дел од 3-та урбана единица во Гевгелија**

-Фаза : Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат : 6,0 ха

-Намена на просторот : домување, трговија, услужни дејности, хортикултурно уредување, комунални објекти и др.

-цена на изработка на планот 296.160,00 денари

**7. Детален урбанистички план на дел од Западна сервисна зона во Гевгелија**

-Фаза : Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат 8,70 ха

-Намена на просторот : мали и средни стопански капацитети со придружни содржини, хортикултурно уредување, комунални објекти и др.

-цена на изработка на планот околу 430.000,00 денари

**8. Детален урбанистички план на дел од Источна индустриска зона во Гевгелија**

-Фаза : Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат : 8,00 ха

-Намена на просторот : мали и средни стопански капацитети со придружни содржини, хортикултурно уредување, комунални објекти и др.

-цена на изработка на планот околу 395.000,00 денари

**9. Детален урбанистички план на Североисточна сервисна зона во Гевгелија**

-Фаза : Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат : 18,00 ха

-Намена на просторот : мали и средни стопански капацитети, сервиси, услужни дејности, хортикултурно уредување, комунални објекти и др.

-цена на изработка на планот 890.000,00 денари

**10. Детален урбанистички план на Спортско-рекреативен центар (Касарна) во Гевгелија**

-Фаза : Нацрт и Предлпг план

-Површина на опфат 11,50 ха

-Намена на просторот : содржини за спорт и рекреација, базени, придружни содржини, хортикултурно уредување, угостителски дејности, комунални објекти и др.

-цена на изготвување на планот 568.000,00 денари

**11. Урбанистички план за село на населено место Миравци**

-Фаза : Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат : 125,00 ха (според ГУП)

-Намена на просторот : домување, деловни простори, трговија, сервиси, јавни функции, мало стопанство, спорт и рекреација, партерно и хортикултурно уредување, комунални објекти и др.

-Изработка на планот ќе се реализира по урбани единици

**12.Урбанистички план за село на населено место Давидово**

-Фаза : Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат : 60,00 ха (според ДУП)

-Намена на просторот : домување, деловни простори, трговија, сервиси, јавни функции, мало стопанство, спорт и рекреација, партерно и хортикултурно уредување, комунални објекти и др.

-Изработка на планот ќе се реализира по урбани единици

**13. Урбанистички план за село на населено место Моин**

-Фаза : Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат 20,0 ха

-Намена на просторот: домување, деловни простори, трговија, сервиси, јавни функции, мало стопанство, партерно и хортикултурно уредување, комунални објекти и др.

-цена на изработка на планот 617.000,00 денари

**14. Урбанистички план за село за населено место Ново Конско**

-Фаза : Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат : 15,0 ха

-Намена на просторот: домување, деловни простори, трговија, сервиси, јавни функции, мало стопанство, партерно и хортикултурно уредување, комунални објекти и др.

-цена на изработка на планот 462.750,00 денари

**15. Урбанистички план на туристички локалитет Смрдлива Вода**

-Фаза : Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат : 30,0 ха

-Намена на просторот : викенд куќи, хотели, угостителски објекти, јавни содржини, рекреација и спорт, услужни содржини, комунални објекти и др.

-цена на изработка на планот 925.500,00 денари

**16. Урбанистички план за подрачје вон населено место**
**- Мрзенци - Прдејци**

-фаза : Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат : 30,0 ха

-Намена на просторот : мали и средни стопански капацитети со придружни содржини : угостителство, сервиси, комунални објекти и др.

-цена на изработка 925.500,00 денари

**17. Урбанистички план за подрачје вон населено место**
**- Прдејци**

-Фаза : Нацрт и Предлог план

-Површиона на опфат 20,00 ха

-Намена на просторот : мали и средни стопански капацитети со придружни содржини : угостителство, сервиси, комунални објекти и др.

-цена на изработка на планот 617.000,00 денари

**18. Урбанистички план за подрачје вон населено место**
**- Покрај автопат Е75 од граница до мотел "Вардар"**

-Фаза : Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат : 12,00 ха

-Намена на просторот : Услужни објекти, придружни објекти, хортикултурно уредување, комунални објекти и др.

-Цена на изработка на планот 370.200,00 денари

**19. Урбанистички план за подрачје вон населено место**
**западно покрај автопат Е75 Прдејци - Смоквица**

-Фаза : Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат 20,00 ха

-Намена на просторот : угостителско - туристички комплекс, спорт и рекреација, придружни содржини, сервиси, услужни дејности, хортикултурно уредување, комунални објекти и др.

-цена на изработка на планот 617.000,00 денари

**20. Урбанистички план за подрачје вон населено место од Динќут до Живинарска фарма**

-Фаза : Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат : 30,0 ха

-Намена на просторот : мали и средни стопански капацитети со придружни содржини, сервиси, услужни дејности, партерно и хортикултурно уредување, комунални објекти и др.

-Цена на изработка на планот 925.500,00 денари

**21. Урбанистички план за подрачје вон населено место - од Затворот до КО Мрзенци**

-Фаза : Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат : 20,0 ха

-Намена на просторот мали и средни стопански капацитети со придружни содржини, сервиси, услужни дејности, партерно и хортикултурно уредување, комунални објекти и др.

-цена на изработка на планот 617.000,00 денари

**22. Урбанистички план за подрачје вон населено место Мрзенци -Негорци**

-Фаза : Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат: 20,0 ха

-Намена на просторот : здравно - туристички и објекти за банско лекување, објекти за рекреација и спорт, услужни дејности, хортикултурно уредување, комунални објекти и др.

-Цена на изработка на планот 617.000,00 денари

**III.Оваа Годишна програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Гевгелија.**

Бр. 07-334/1 Претседател
7.02.2006 год. на Совет на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 22 од Законот за превоз во патниот сообраќај ("Службен весник на РМ" бр.68/04 год.) и член 25 став 1 точка 20 од Статутот на општина Гевгелија, ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 и 11/05 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 7.02.2005 година, донесе

## О Д Л У К А
## За општински линиски превоз на патници во општина Гевгелија

### 1.ОПШТИ ОДРЕДБИ

#### Член 1

Со оваа Одлука се уредува вршењето на општински линиски превоз на патници во општина Гевгелија (во натамошниот текст: општински линиски превоз)

како комунална дејност од јавен интерес и незаменлив услов за животот и работата на граѓаните во општината.

За вршење на општински линиски превоз општината ги уредува:

-единствена мрежа на линии;

-единствен возен ред, начинот на неговото истакнување, одржување и менување;

-начинот на организирање на контролата на сообраќајот на автобусите и линиите како и евиденцијата за тоа;

-тарифен систем и систем на наплата;

-локација на автобуски свртувалишта и стојалишта и постапка за нивна измена;

-изградбата, обележувањето, опремувањето, одржувањето и користењето на автобуските свртувалишта и стојалишта;

-одредување релација и место на превоз со комбе возило со најмногу девет седишта (8+1);

-критериуми за начинот и постапката за издавање и одземање на дозволата за вршење општински линиски превоз и распределување на линиите на превозниците во општински линиски превоз;

**Член 2**

Општински линиски превоз на патници можат да вршат превозници кои ги исполнуваат условите од член 8 од Законот за превоз во патниот сообраќај и ќе добијат лиценца за вршење на таков превоз.

**Член 3**

При вршењето на општински линиски превоз на патници, превозникот е должен во возилото да има лиценца за видот на превозот што го врши, дозвола и регистриран возен ред во оригинал или заверен препис од органот што го регистрирал возниот ред.

## 2.ЕДИНСТВЕНА МРЕЖА НА ЛИНИИ ЗА ОПШТИНСКИ ЛИНИСКИ ПРЕВОЗ

**Член 4**

За вршење на општински линиски превоз на патници се утврдува следната мрежа на автобуски линии и стојалишта на подрачјето на општината и тоа:

| Ред бр. | Број и име на линијата | Траса на линијата | Автобуски стојалишта на линијата |
|---|---|---|---|
| 1. | "Илинденска"<br>"С.М.Данко"<br>"Ј.Јосифовски"<br>"Р.Ковачевиќ"<br>"Булев.-Гевгел."<br>"Илинденска" | ул."Илинденска" -ул."Железничка" - дел од ул."Борис Кидрич" - дел од ул."С.М. Данко" - ул."Таља Бикова" - ул."мирче Ацев" - ул."Ристо Фршинин" - ул."Јосиф Јосифовски" - дел од ул."Маршал Тито" - ул."Петар Мусев" - ул."Радован Ковache- | Детска градинка "Цветови", Железничка станица, Медицински центар, Спортска сала, официрска зграда, црква "Св.Кирил", сервис "Тефтер", ОУ "Крсте Мисирков" (западна ограда на игралиште), спроти кафеана "Елени", Пионерски дом, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | виќ" - дел од ул."7-ми Ноември" - ул."Булевар Гевгелија" - ул."Борис Кидрич - ул. "Железничка" - ул."Илинденска". | спроти "Морандо", подвозник, Железничка станица, Детска градинка "Цветови" |
| 1а. | "Илинденска"<br>"Мирче Ацев"<br>"Булевар"<br>"Р.Ковачевиќ"<br>"Ј.Јосифовски"<br>"Илинденска" | ул."Илинденска" - ул."Мирче Ацев" - дел од ул."Маршал Тито" - дел од ул."Борис Кидриќ" - ул."Булевар Гевгелија" - дел од ул."7-ми Ноември" - ул."Радован Ковачевиќ" - ул."Петар Мусев" - дел од ул."Маршал Тито" - ул."Јосиф Јосифовски" - ул."Ристо Фршинин" - ул."Илинденска" | Детска градинка "Цветови", Македонска банка, подвозник, сервис "Морандо", спроти Пионерски дом, кафеана "Елени", кај ОУ "Крсте Мисирков", сервис "Тефтер", спроти црква "Св.Кирил", детска градинка "Цветови" |
| 2. | Моински пат<br>"7-ми Ноември"<br>"Индустриска"<br>("Винојуг") | Моински пат - ул."Јосиф Јосифовски" - ул."Ристо Фршинин" - ул."Мирче Ацев" - ул."Таља Бикова" - дел од ул."Слободан М.Данко" - дел од ул."Борис Кидриќ" - ул."Булевар Гевгелија" - дел од ул."7-ми Ноември" (индустриска) | "Близнак-ком", сервис "Тефтер", црква "Св.Кирил", официрска зграда, спортска сала, Медицински центар, подвозник, сервис "Морандо", Технички преглед, дирекција "Винојуг" |
| 2а. | "7-ми Ноември"<br>"Индустриска"<br>"Винојуг"<br>Моински пат | дел од ул."7-ми Ноември" - ул."Булевар Гевгелија" - дел од ул."Борис Кидриќ" - ул. "Слободан М.Данко" - ул. "Таља Бикова" - ул."Мирче Ацев" - ул."Ристо Фаршинин" - ул."Јосиф Јосифовски" - ул." Моински пат" | дирекција "Винојуг", технички преглед, спроти сервис "Морандо, под надвозник, Медицински центар, спортска сала, официрска зграда, црква "Св.Кирил", сервис "Тефтер", "Близнак ком" |
| 3. | "Деко Ковачев"<br>(Хот.Пелагон.)<br>"Илинденска" | Раул - дел од ул."Деко Ковачев" - ул."Сава Михајлов" - ул."Панче Пешев" - ул."Миле Пецанов" - дел од ул."Деко Ковачев" - ул."Радован Ковачевиќ" - дел од ул."7-ми Ноември" - ул. "Г.П.Одреди" - ул. "Маршал Тито, ул "Таља Бикова" - дел од ул."Слободан М.Данко" - дел од ул."Борис Кидрич" - ул."Железничка"- ул. "Илин-денска" | Хотел Пелагонија, спроти кафеана "Елени", Шумско, Таља Бикова, спортска сала, Медицински центар, желез-ничка станица, градинка "Цветови" |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3а. | "Илинденска" "Деко Ковачев" (хот.Пелагонија) | ул."Илинденска" - ул."Железничка" - дел од ул."Борис Кидриќ" - ул."Слободан М.Данко" - ул."Радован Ковачевиќ" - дел од ул."Деко Ковачев" - ул."Миле Пецанов" - ул."Панче Пешев" - ул."Сава Михајлов" - дел од ул."Деко Ковачев" - ул. "Булевар Гевгелија" - ул.- "7-ми Ноември" - ул. "Никола Карев" | Градинка "Цветови", Железничка станица, Медицински центар, кафеана "Елени", полициски згради, хотел "Пелагонија", прва кључка на "Никола Карев", "Винојуг" |
| 4. | Мотел "Вардар" "Никола Карев" | Мотел "Вардар - стар автопат - влез во Гевгелија - ул."Борис Ќидриќ" - ул. "Железничка" - ул."Илинденска" - ул."Мирче Ацев" - ул."Таља Бикова" - дел од ул."Слободан М.Данко" - ул."Радован Ковачевиќ" - дел од ул."Деко Ковачев" - ул."Миле Пецанов" - ул. "Панче Пешев" - ул."Сава Михајлов" - дел од ул."Деко Ковачев" - ул. "Булевар Гевгелија" - ул. "7-ми Ноември" - ул."Никола Карев" | Мотел "Вардар", терминал, под надвозник, Железничка станица, Детска грдинка "Цветови, официрска зграда, спортска сала, кафеана "Елени", пред полициска зграда, хотел "Пелагонија", прва кључка на ул."Никола Карев" |
| 4а. | "Нилола Карев" Мотел "Вардар" | ул."Никола Карев" - ул. "7-ми Ноември" - ул. "Булевар Гевгелија" - ул. "Деко Ковачев" - ул."Радован Ковачевиќ" - дел од ул."7-ми Ноември" - ул. "Гевгелиски П.Одреди" - ул. Маршал Тито- ул.Мирче Ацев - ул. "Илинденска" - ул."Железничка" - ул. "Борис Кидриќ" - излез од Гевгелија - стар автопат - Мотел "Вардар" | Прва кључка ул."Никола Карев", хотел "Пелагонија", полициска зграда, спроти кафеана "Елени, шумско, ул. "Мирче Ацев", детска градинка "Цветови", Железничка станица, под надвозник, терминал, мотел "Вардар" |
| 5. | Гевгелија-Богородица | Гевгелија - Богородица - градичен премин (стојалиште: автобуска станица - "7-ми Ноември", "Б.Гевгелија") | Гевгелија-Богородица (центарот на селото и новото училиште-граничен премин) |
| 6. | Гевгелија-Прдејци | Гевгелија-Прдејци- Мрзенци и Негорци (стојалиште: автобуска | Гевгелија,Мрзенци,Негорци и Прдејци |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | станица - "7-ми Ноември" | |
| 7. | Гевгелија-Негорци | Гевгелија-Негорци - Мрзенци (стојалиште: автобуска станица - "7-ми Ноември" | Гевгелија-Мрзенци,Негорци |
| 8. | Гевгелија-Кованци | Гевгелија-Кованци - Негорци (стојалиште: автобуска станица - "7-ми Ноември" | Гевгелија-Негорци,Кованци |
| 9. | Гевгелија-Ново Конско | Гевгелија-Ново Конско - Моин (стојалиште: автобуска станица - "Скопска", "П.Мусев", "М.Тито", "Моински пат") | Гевгелија, Моин, Ново Конско |
| 10. | Гевгелија-Миравци | Гевгелија-Смоквица-Миравци -Давидово (стојалиште: автобуска станица - "7-ми Ноември", "Б.Гевгелија") | Гевгелија-Смоквица-Миравци-Давидово |
| 11. | Гевгелија-Петрово | Гевгелија-Петрово - Габрово и Миравци (стојалиште: автобуска станица - "7-ми Ноември", "Б.Гевгелија") | Гевгелија-Миравци-Петрово Габрово |
| 12. | Гевгелија-Милетково | Гевгелија-Милетково-Миравци-Давидово (стојалиште: автобуска станица - "7-ми Ноември", "Б.Гевгелија") | Гевгелија-Милетково-Миравци-Давидово |

За почетно стојалиште (станица) за вршење општински линиски превоз на патници за селата во општината се одредува автобуската станица во градот.

Општински линиски превоз на патници заради задоволување на потребите на граѓаните може да се врши и сезонски на следната мрежа на сезонски линии и тоа:

-Гевгелија- Смрдлива вода - од 1-ви Мај до 1-ви Октомври во среда, сабота, недела и државни празници.

-Гевгелија- Серменин - од 1-ви Април до 30-ти Септември секој викенд државни и верски празници, а од 1-ви Октомври до 30-ти Март во истите денови само ако дозволуваат временските услови.

**Член 5**

Превозниците, граѓаните, месните заедници и други правни и физички лица можат да иницираат отварање на нови линии или продолжување и скратување на постојните линии.

За отварање на нови линии, продолжување, скратување и укинување на постојните линии одлучува Советот на опшитната на предлог на Градоначалникот

на општината ако е исполнети неопходните сообраќајно технички и економски услови.

**Член 6**

Линијата во општинскиот линиски превоз на патници има број и име.

Името на линијата се означува со името на почетното и крајното (почетна-крајната) свртувалиште како и со името на некои пофреквентни стојалишта.

Бројот и името на линијата се поставува на видно место во возилото, на автобуските стојалишта и на автобуските свртувалишта."

**Член 7**

Бројот и називот на линијата е испишан на бела основа со црни печатни букви на македонски јазик со кирилско писмо.

Бројот и називот на автобуската линија се истакнува на предната и бочната страна на автобусот.

**Член 8**

Фрекфенцијата на утврдените линии ќе ја одреди Градоначалникот на општината во соработка со превозниците во зависност од потребите на населението.

**Член 9**

За задоволување на потребите на населението за превоз како и обезбедување на непречено и безбедно одвивање на општинскиот линиски превоз во утврдената мрежа на линии ќе се вклучат потребен број на автобуси.

Бројот на автобусите ќе го утврди Градоначалникот на општината во договор со превозниците.

**Член 10**

Автобуските линии во општинскиот линиски превоз се одржуваат согласно утврдениот возен ред.

**Член 11**

Потребата од сезонски линии ја утврдува Градоначалникот на општината.

## 3.ЕДИНСТВЕН ВОЗЕН РЕД, НАЧИНОТ НА НЕГОВОТО ИСТАКНУВАЊЕ, ОДРЖУВАЊЕ И МЕНУВАЊЕ

**Член 12**

Возен ред е документ со кој се утврдува линијата, видот на превозот, релациите на кои се врши превозот, редоследот на станиците и стојалиштата,нивната оддалеченост од почетната станица или стојалиште, времето на пристигнување, застанување и заминување на секоја станица и стојалиште, периодот во кој превозот го врши превозникот и рокот на важењето на возниот ред.

**Член 13**

Возниот ред согласно мрежата на лини од член 4 на оваа Одлука го утврдува превозникот и го регистрира кај Градоначалникот на општна Гевгелија.

Возниот ред и линијата се регистрираат на име на превозникот и не може да се пренесува на друг превозник.

Возниот ред и дозволата се издаваат со рок на важење од 4 години.

За регистрираниот возен ред на превозникот му се издава решение.

Возниот ред се истакнува на почетно-крајните свртувалишта и стојалишта.

Превозникот го истакнува возниот ред во возилото.

Превозникот е должен да ги одржува линиите согласно регистрираниот возен ред.

**Член 14**

Качување и слегување на патниците се врши само на автобуските стојалишта согласно со утврдениот и регистриран возен ред.

**Член 15**

Во текот на важењето на возниот ред превозот на определена линија може да биде запрен поради прекинување на сообраќајот на патот.

Превозникот е должен за привременото запирање на превозот на линијата веднаш да го извести Градоначалникот на општината.

**Член 16**

Во текот на важењето на возниот ред превозникот не може да го менува или откажува утврдениот возен ред, освен во случај на настанати вонредни околности.

## 4.НАЧИН НА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА КОНТРОЛА НА СООБРАЌАЈОТ НА АВТОБУСИТЕ И ЛИНИИТЕ КАКО И ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ТОА

**Член 17**

Контрола на сообраќајот на автобусите и линиите врши превозникот преку сопствена служба за контрола, како и овластениот инспектор за сообраќај.

**Член 18**

Градоначалникот на општината прибира, обработува, чува, посредува и користи податоци за издавање на лиценци за вршење на овој вид на превоз и регистрација на возните редови како и податоци потребни за распределба на дозволи за превоз на патници.

## 5.ТАРИФЕН СИСТЕМ И СИСТЕМ НА НАПЛАТА

**Член 19**

Во општинскиот линиски превоз на патници се утврдува единствен тарифен систем.

**Член 20**

Цената на услугата во општински линиски превоз на патници ја утврдува и објавува превозникот.

**Член 21**

Услугите во општински линиски превоз на патници се наплатуваат со билет што ги обезбедува и издава превозникот на автобуската станица и во возилото.

## 6.ЛОКАЦИЈА НА АВТОБУСКИТЕ СВРТУВАЛИШТА И СТОЈАЛИШТА И ПОСТАПКА ЗА НИВНА ИЗМЕНА

**Член 22**

Локацијата на автобуските свртувалишта и стојалишта ги одредува Советот на општината на предлог на Градоначалникот на општината.

**Член 23**

Автобуско стојалиште е уреден простор надвор од коловозната лента, одреден и обележан за застанување на автобуси согласно возниот ред и за безбедно влегување односно излегување на патници.

**Член 24**

Локацијата на автобуските стојалишта ја одредува Советот на општината на предлог на Градоначалникот на општината.

**Член 25**

Автобуско свртувалиште е уреден простор на крајните точки од линијата наменет за качување и слегување на патници и служи за свртување на возилата заради промена на насоката на движење.

**Член 26**

Локацијата на автобуските свртувалишта ја одредува Советот на општината на предлог на Градоначалникот на општината.

Локацијата на автобуските свртувалишта може да се менува ако тоа е од интерес за подобра организација на превозот и безбедност на сообраќајот.

Локаците на автобуските стојалишта е дадена во табелата во членот 4 од оваа Одлука.

## 7.ИЗГРАДБА, ОБЕЛЕЖУВАЊЕ, ОПРЕМУВАЊЕ, ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА АВТОБУСКИ СВРТУВАЛИШТА И СТОЈАЛИШТА

**Член 27**

Изградбата, обележувањето, опремувањето, одржувањето и начинот на користењето на свртувалиштата и стојалиштата во општинскиот линиски превоз на патници го врши и уредува општината.

**Член 28**

Автобуските стојалишта и свртувалишта се обележува со табла која содржи натпис "автобуско стојалиште односно свртувалиште" и назив на местото.

Таблата од став 1 на овој член може да содржи и други натписи што служат за известување на патниците (возен ред).

Таблата се истакнува на видно место на автобуското стојалиште.

**Член 29**

Автобуските стојалишта и свртувалишта треба да имаат:

-затворен простор од трите страни и горниот дел што во потполност ги заштитува патниците од атмосверски влијанија изграден од погоден материјал.

-извод од возниот ред на автобусите што поаѓаат, доаѓаат и поминуваат на односното стојалиште истакнат на видно место.

Автобуските стојалишта и свртувалишта може да имаат и:

-урбана опрема

-рекламни паноа и друго

**Член 30**

Автобуските стојалишта и сврталишта ги обележува, одржува и опремува општината.

**Член 31**

Превозниците за користење на стојалиштата и свртувалиштата плаќаат надоместок.

## 8.ПРЕВОЗ СО КОМБЕ ВОЗИЛО

**Член 32**

Релацијата и местото на превозот со комбе возило го одобрува Градоначалникот на општината на превозникот кој ги исполнува условите од Законот и оваа Одлука.

**Член 33**

Превоз на патници со комбе возило со најмногу 9 седишта, сметајки го и седиштето на возачот, може да се врши од и до населените места, каде нема организирано превоз со општински линиски превоз,до најблиското стојалиште или свртувалиште за општински линиски превоз.

**Член 34**

Превоз на патници со комбе возило може да се врши и на сезонски линии кои ги одобрува Градоначалникот на општината, ако тоа е од интерес и потреба на граѓаните (до одредени излетнички, туристички места и друго).

## 9.КРИТЕРИУМИ ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ И ОДЗЕМАЊЕ НА ДОЗВОЛАТА ЗА ВРШЕЊЕ ОПШТИНСКИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ

**Член 35**

Општински линиски превоз на патници можат да вршат превозници што ќе добијат лиценца за вршење на таков превоз.

**Член 36**

Лиценца се издава на барање на превозникот.

Барањето за издавање на лиценца се поднесува до градоначалникот на општината.

Со барањето за издавање на лиценца се приложуваат следните писмени докази:

-име, назив,седиште и адреса на превозникот;

-доказ од трговскиот регистар за регистриран превоз во патниот сообраќај и решение за вршење на претежна дејност за овој вид на превоз;

-доказ за сопственост на едно или повеќе возила што ги исполнуваат посебните техничко експлоатациони услови пропишани за возила за вршење превозот;

-доказ дека има вработено возачи во зависност од бројот на возилата што ги исполнуваат условите предвидени со прописите за безбедност на сообраќајот на патиштата;

-потврда од овластена станица за технички преглед за исполнување на посебните техничко-експлоатациони услови за возилото

-доказ дека управителот или овластеното лице одговорно за превоз има успешно поминато проверка за професионална компетентност;

-доказ дека не е во сила правосилна судска пресуда за кривично дело против имотот, стопанството или безбедноста во јавниот сообраќај;

-доказ дека има во сопственост капацитет за паркирање и одржување на возилата или доказ за користење на таков капацитет со рок на важење од најмалку 4 години;

-доказ дека во возилата за вршење општински линиски превоз на патници да има вградено фискален апарат.

Лиценцата се издава за период од 4 години,

**Член 37**

Лиценцата може да се одземе ако се утврди дека не постојат условите од член 8 на Законот односно член 36 на оваа Одлука или превозот се врши спротивно на издадената лиценца. Решение за одземање на лиценцата издава градоначалникот на општината.

За одземањето на лиценцата на превозникот му се издава решение со кое се задолжува во рок од 8 дена од денот на приемот на решението да ја врати лиценцата.

За одземањето на лиценцата се известуваат надлежните инспекциски органи.

Против решението на градоначалникот на општината од претходниот став може да се изјави жалба во рок од 8 дена од денот на приемот на решението до Министерот за транспорт и врски.

**Член 38**

Дозвола за вршење превоз на определена линија во општинскиот линиски превоз издава Градоначалникот на општината.

Дозволата за вршење превоз во општинскиот линиски превоз на патници може да добие превозник што има добиено лиценца за таков вид на превоз.

Превозникот кој има добиено лиценца може да врши превоз откако ке добие дозвола и ке регистрира возен ред кај градоначалникот на општината.

Дозволата и возниот ред се издаваат за период од 4 години.

**Член 39**

Распределба на линиите во општинскиот линиски превоз на патници наведено во членот 4 на оваа одлука се врши по пат на јавен повик.

Јавниот повик го распишува и распределбата на линиите го врши комисија што ја формира Градоначалникот на општината.

Распределбата на линиите ќе се врши по следните критериуми:

1.Превозникот да има лиценца за вршење на превоз и да ги исполнува техничко-експлоатационите услови предвидени со Пра-вилникот.

2.Ако има повеќе превозници линијата ќе се додели на превозникот:

-што има поголем број на регистрирани сопствени автобуси

-старост на автобусите е најмала

-поголем број на вработени возачи

-стручни лица за квалитетно одржување на автобусите и за вршење на превозот

-располага со сопствен паркинг за возилата или доказ за користење на таков капацитет со рок на важење од најмалку 4 години.

-најниска понудена цена

**10.НАДЗОР**

**Член 40**

Надзор над законитоста на работата на превозниците кои вршат општински превоз на патници врши Градоначалникот на општината.

**Член 41**

Инспекциски надзор над примената на Законот за превоз во патниот сообраќај и во оваа одлука врши овластен инспектор за локален сообраќај и патишта.

**Член 42**

За утврдување недостатоци во превозот инспекторот составува записник и со решение одредува рок на отстранување на недостатоците.

Ако во определениот рок не се отстранат неправилностите, инспекторот поднесува барање за поведување на прекршочна постапка.

**Член 43**

За непочитување на оваа Одлука се применуваат казнените одредби од Законот за превоз во патниот сообраќај.

**8.Преодни и завршни одредби**

**Член 44**

Обележувањето на автобуските стојалишта и свртувалишта ќе се врши во рок од 3 месеци од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

**Член 45**

Превозниците ќе го усогласат своето работење со одредбите на оваа одлука во рок од 6 месеци од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

**Член 46**

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за градски и приградски превоз на патници во општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.9/03 год.) и Одлуката за условите,начинот и постапката за

издавање лиценца за вршење на градски и приградски превоз на патници во општина Гевгелија("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.1/04год.).

**Член 47**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-333/1 — Претседател
7.02.2005 год. — на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија — ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 12 став 3 од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.98/00, 17/03, 65/04 и 113/05 год.) и член 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 7.02.2006 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
**за давање согласност на Статутот на Јавната општинска установа за деца Детска градинка "Детска радост" Гевгелија**

1.Се дава согласност на Статутот на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка "Детска радост" Гевгелија усвоен од Управниот одбор на установата со Одлука бр.02-36 од 23.01.2006 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-331/2 — Претседател
7.02.2006 год. — на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија — ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалнта самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), а во врска со член 98 став 1 алинеа 2 од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.98/00, 17/03, 65/04 и 113/05 год.) и член 25 став 1 точка 29 од Статутот на општина Гевгелија ("Слуужбен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 и 11/05 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 7.02.2006 година, донесе

## О Д Л У К А
**за усвојување на Годишната програма за работа на Јавната општинска установа за деца Детска градинка "Детска радост" Гевгелија за 2005/2006 година**

1.Се усвојува Годишната програма за работа на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка "Детска радост" Гевгелија за 2005/2006 година бр.01-38 од 23.01.2006 година усвоена од Управниот одбор на Детската градинка.

2.Ова Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-332/2
7.02.2006 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 55 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 и 11/05 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 7.02.2006 година, по расправата по Статутот на Јавната општинска установа за деца - Детска градинака "Детска радост" Гевгелија, го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

1.Се дава согласност на Статутот на Јавната општинска установа за деца - Детска градинака "Детска радост" Гевгелија со следните забелешки, кои треба да се усогласат со Законот за заштита на децата и тоа:

-Во членот 12 во ставот 1 да се бришат зборовите "планови и", ставот 2 на членот 12 да биде став 3 и да се усогласи со членот 46 од Законот, а став 2 на членот 12 да биде ставот 2 од членот 46 на законот.

-Во членот 14 во ставот 2 по зборот "директорот" да се брише запирката и да се додаде зборот "и".

-Во членот 15 во ставот 1 зборот "програма"да се замени со зборот "програми".

-Во членот 17 во ставот 2 зборовите "утврдуваат според" да се заменат со зборовите "уредуваат со".

-Во членот 22 во ставот 2 по зборот "член" да се додадат зборовите "од новиот состав".

-Во членот 23 став 1 да се бришат алинеите 9,10, 11, 12, 13 и 14 како и ставот 2.

-Во членот 24 ставот 1 да се измени и гласи:"со Управниот одбор претседава претседателот на Управниот одбор", во ставот 2 зборовите "и неговиот заменик" да се бришат, а зборот "избираат" да се замени со зборот "избира".

-Во членот 30 во ставот 2 зборовите "и претставува" да се брише.

-Член 36 да се брише.

-Во членот 40 во алинеа 1 зборот "стручната" се брише, а зборот "дејност" се заменува со зборот "дејноста".

-Во членот 41 да се бришат алинеите 3, 4, 5, 6 и 7 на ставот 2, да се додаде нова алинеа 3 која да гласи: "врши и други работи утврдени со Статутот" и ставот 3 да се брише.

-Во членот 63 сите три става да се бришат, а да се земе целиот текстот на членот 115 од Законот.

-Во членот 67 да се брише ставот 3.

-Во членот 69 да се брише ставот 2.

2.Заклучокот да се достави до Јавната општинска установа за деца - Детска градинка "Детска радост" Гевгелија.

3.Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-331/1

Претседател

7.02.2006 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 55 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 и 11/05 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 7.02.2006 година, по расправата по Годишната програма за работа на ЈУДГ "Детска радост" Гевгелија за 2005/2006 година, го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

1.Годишната програма за работа на ЈУДГ "Детска радост" Гевгелија за 2005/2006 година да се усвои со следните забелешки:

-Да се достави Одлуката за усвојување на Годишната програма за работа на ЈУДГ "Детска радост" Гевгелија за 2005/2006 година од седницата на Управниот одбор од 9.09.2005 година.

-Во поднасловот "уреденост на дворните површини:" на страна 18 е наведено дека "и оваа година ќе посветиме големо внимание на уредувањето на дворните површини". Одржувањето на дворните површини на градинките воопшто не е задоволително бидејќи во истите има обрасната трева, разлиен смет, разрушени огради, руинирана куќа и недостаток на засадени дрвја и цвеќе.

Во врска со ова се предлага превземање на мерки и активности за расчистување на имовинско-правните односи за руинираната куќа во дворот, целосно оградување на дворните површини, воведување на ноќна чуварска служба, зголемена контрола на службата за внатрешни работи во вечерните часови, збогатување и одржување на зелените површини и зголемување на фонд на детски играчки.

-Во табелата на страна 20 наведените податоците се од 1.09.2004 година, поради што треба да се наведат нови податоци, бидејќи се усвојува програма за 2005/2006 година.

-Во поднасловот "Програма за работа на директорот" на страна 57 во ставот 3 да се бришат зборовите "врши надзор над финансиското работење", бидејќи е спротивно на законските прописи; на страна 58 ставот 2 да се измени и да гласи: "Директорот на ЈУДГ Детска радост Гевгелија му помага во извршувањето на работните задачи на педагогот".

-Се констатира дека со оваа Програма се обезбедува целосна контрола на директорот врз правата и обврските на педагогот, набавките за потребите на детските градинки, вработените и врз родителите и децата.

-Во текстот на Годишната програма да се изоставаат податоците за Детската градинка во Стојаково, која територијално и припаѓа на општина Богданци.

-Надлежните инспекциски органи да поднесат најмалку два пати годишно извештај за реализација на Годишната програма.

2.Овој Заклучок да се достави до Јавната општинска установа за деца - Детска градинка "Детска радост".

3.Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-332/1 Претседател
7.02.2006 год. на Советот на општина Гевгелија

Гевгелија *Панде Кацарски с.р.*

## С О Д Р Ж И Н А


1.Годишна програма за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија ........................................................................................................................ 14

2.Одлука за општински линиски превоз на патници во општина Гевгелија ........................................................................................................................ 18

3.Решение за давање согласност на Статутот на Јавната општинска установа за деца Детска градинка "Детска радост" Гевгелија ................................ 28

4.Одлука за усвојување на Годишната програма за работа на Јавната општинска установа за деца Детска градинка "Детска радост" Гевгелија за 2005/2006 година .................................................................................................. 28

5.Заклучок за давање согласност на Статутот на Јавната општинска установа за деца Детска градинка "Детска радост" Гевгелија ................................ 29

6.Заклучок по Годишната програма за работа на ЈУДГ "Детска радост" Гевгелија за 2005/2006 година ............................................................................ 30



"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба
Уредува и издава: Општина Гевгелија - Служба за административни работи
улица "Димитар Влахов" 4 тел. 213-843

Врз основа на член 25 став 1 точка 43 и член 86 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 и 11/05), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.02.2006 година, донесе

## О Д Л У К А
## за купување на теренско моторно возило за потребите на општина Гевгелија

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдува потреба од купување (набавка) на теренско моторно возило, наменето за извршување на функциите на органите на општината.

### Член 2

Потребните средства за набавка на возилото се предвидени во Буџетот на општина Гевгелија за 2006 година, во програма Е Општинска администрација, подпрограма ЕО, категорија 48 Капитални расходи, подставка 483310 Купување на моторни возила во висина од 550.000,00 денари.

### Член 3

Се овластува Градоначалникот на општина Гевгелија, набавката да ја изврши согласно Законот за јавни набавки.

### Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-500/1
28.02.2006 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот општина Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 55 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 и 11/05 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 28.02.2006 година, по расправата по Предлог-Програмата за финансирање на спортските активности во општина Гевгелија, го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

1.На активните спортски клубови и спортисти во првиот квартал на 2006 година да се исплати 25% од износите на средства предложени од Комисијата за образование, наука и спорт како измена на Предлог-Програмата за финансирање на спортските активности во општина Гевгелија.

2.Општинската администрација да побара програми за планирани активности и средства од спортските субјекти од кои не се доставени програми и да се внесат во Предлог-Програмата.

Со Предлог-Програмта што ќе се достави до Советот на општината до 31.03.2006 година да се достават и Програмите на сите спортски субјекти.

3.Овој Заклучок да се достави до Општинската администрација Гевгелија.

4.Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-499/1 Претседател
28.02.2006 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 55 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 и 11/05 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 28.02.2006 година, по расправата по Информацијата за бесправно изградените објекти во општина Гевгелија во периодот од 1996 до 2005 година, го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

1.Се усвојува Информацијата за бесправно изградените објекти во општина Гевгелија во периодот од 1996 до 2005 година.

Се констатира дека бројката на бесправно изградените објекти е голема, иако во последните години покажува тенденција на намалување поради економската состојба на инвеститорите. Загрижува и малиот број на извршени решенија од страна на извршната служба.

2.За да се намали бесправната изградба на објекти потребно е:

-да се информираат граѓаните за последиците од бесправно градење на објекти;

-да се донесат потребните и ажурираат постојните урбанистички планови;

-да се легализираат бесправно изградените објекти за кои има решение во урбанистичките планови, а општината дава поволни услови на плаќање на надоместокот за уредувањење на градежно земјиште.

Во иднина градежната инспекција да биде помобилна на теренот и навреме да интервенира и спречи секоја бесправна градба на објекти како за тие што има така и за тие што нема решение во урбанистичките планови.

3.Овој Заклучок да се достави до Градежната инспекција.

4.Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-502/1 Претседател
28.02.2006 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

## С О Д Р Ж И Н А

1.Одлука за купување на теренско моторно возило за потребните на општина Гевгелија ........................................................................................................ 32

2.Заклучок по Предлог-Програмата за финансирање на спортските активности во општина Гевгелија ........................................................................ 32

3.Заклучок по Информацијата за бесправно изградените објекти во општина Гевгелија во периодот од 1996 до 2005 година ........................................... 33

Врз основа на член 51 став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## За запирање на објавувањето на Одлуката за висината на надоместокот на членовите на Советот на општина Гевгелија

1.Се запира објавувањето на Одлуката за висината на надоместокот на членовите на Советот на општина Гевгелија, донесена од Советот на општина Гевгелија на 28.02.2006 година.

2.Се предлага на Советот на општина Гевгелија да го разгледа Решението и во рок од 15 дена да одлучи по истото во смисла на Законот за локалната самоуправа.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

## О б р а з л о ж е н и е

Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.02. 2006 година, донесе Одлука за висината на надоместокот на членовите на Советот на општина Гевгелија бр.07-501/1 од 28.02.2006 година.

Сметам дека донесената Одлука не е во согласност со Законот за локалната самоуправа согласно член 51 став 1 од истиот Закон, поради што должен сум во рок од 7 дена од нејзиното доставување да го запрам нејзиното објавување и да ги образложам причините за тоа.

Тргнувајќи од тоа укажувам на Советот на општината дека донесената Одлука е спротивна на членот 45 и членот 100 од Законот за локалната самоуправа.

Според членот 45 од Законот за локалната самоуправа, членовите на Советот имаат право на надоместок за присуство на седници и надоместок на патните и дневните трошоци во рамките утврдени со Закон. Во членот 100 од истиот Закон е определено дека до донесувањето на Законот од членот 45 на овој Закон, членовите на Советот ќе примаат надоместок за присуство на седници на Советот без оглед на нејзиното времетраење, најмногу до 30% од просечната месечна нето плата во Република Македонија исплатена во последните три месеци, а надоместоците за патните и дневните трошоци ќе им се исплатуваат според прописите кои се однесуваат на државните службеници.

Со Одлуката на Советот покрај правото на членовите на Советот од членот 100 на Законот за локалната самоуправа е предвидено членовите на Советот да имаат право и на месечен надоместок (паушал) за трошоците направени во извршувањето на задачите утврдени со актите на Советот како и надоместок за учество во работата на седниците на комисиите и другите работни тела и учество при склучување на брак.

Бидејќи законот не предвидува право на членовите на Советот на месечен надоместок за извршување на задачи утврдаени со акти на Советот како и надоместок за работа во комисиите и учество при склучување на брак, а одлуката на

Советот предвидува и такво право на членовите на Советот сметам дека истата не е во согласност со Законот за локалната самоуправа и затоа го запирам нејзиното објавување.

Бр.08-530/1<br>3.03.2006год.<br>Гевгелија

Градоначалник<br>на општина Гевгелија,<br>***Драги Делев с.р.***

## С О Д Р Ж И Н А

1.Решение за запирање на објавувањето на Одлуката за висината на надоместокот на членовите на Советот на општина Гевгелија .............................. 34

"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба
Уредува и издава: Општина Гевгелија - Служба за административни работи
улица "Димитар Влахов" 4 тел. 213-843

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002 год.) и член 25 став 1 точка 4 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 и 11/05год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 14.03.2006 година, донесе

## ЗАВРШНА СМЕТКА
## на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година

### Член 1

Вкупниот износ на планираните и оствараените приходи и расходи во 2005 година изнесуваат:

| | Планирано 2005 | Извршено 2005 |
|---|---|---|
| Даночни приходи | 86.940.000,00 | 82.514.186,50 |
| Неданочни приходи | 2.280.000,00 | 676.801,50 |
| Трансфери и донации | 95.505.427,00 | 90.605.569,00 |

| | | |
|---|---|---|
| -Вкупно приходи | 184.725.427,00 ден. | 173.796.557,00 ден. |
| -Вкупно расходи | | 142.421.068,00 ден. |
| -Салдо на 31.12.2005 | | 31.375.489,00 ден. |

### Член 2

Разликата помеѓу оствараените приходи и извршените расходи на Буџетот на општина Гевгелија во износ од 31.375.489,00 денари се пренесува како приход на Буџетот на општина Гевгелија за 2006 година и тоа:

| | |
|---|---|
| -Пренесени приходи на основниот Буџет | 29.870.213,00 ден. |
| -Пренесени приходи на сметка - Средства за солидарност | 196.771,00 ден. |
| -Пренесени приходи на сметка - Наменски дотации | 1.308.505,00 ден. |

### Член 3

Планираните и остварените приходи односно извршените расходи по видови се искажани во билансите на приходи и расходи и тоа како што следува:

**Член 4**

Завршната сметка на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-607/1
14.03.2006 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 27 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04 год.) и член 25 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.5/02 и 11/05 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 14.03.2006 година, донесе

## О Д Л У К А
## за донесување на Буџетски календар

**Член 1**

Роковите за планирање и усвојување на Буџетот на општината се определуваат со буџетски календар.

**Член 2**

Со Буџетскиот календар се утврдуваат следните рокови во кои ќе се преземат и донесува потребните дејствија за изготвување и донесување на Буџетот на општината и тоа:

| **Р. бр** | **назив на органот** | **Опис на постапката/дејствието што се превзема** | Месец во тековната година | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII |
| 1 | Советот на општината | донесува на **буџетскиот календар** | * | * | * | | | | | | | | |
| 2 | Министерот за финансии | изготвува **извештај** и го доставува до **Владата** за фискалната состојба во текот на годината | | | * | | | | | | | | |
| 3 | Советот на општината | ја донесува или разгледува **Фискалната стратегија на општината** | | | * | | | | | | | | |
| 4 | Градоначалникот на општината | ги утврдува главните **насоки за подготвување на финансиските планови** на општинските буџетски корисници | | | * | * | | | | | | | |
| 5 | Градоначалникот на општината | ги **доставува до општинските буџетски корисници** главните насоки за изготвување на финансиските планови | | | * | * | | | | | | | |
| 6 | Општинските буџетски корисници | ги доставуваат до општината своите **предлог буџетски пресметки/ финансиски планови**, со образложение за висината на износите по позиции | | | | * | * | | | | | | |
| 7 | Одделението за | ги **анализира барањата** на | | | | | | * | * | | | | |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | финан,лок.дан. и такс на општин. администрација | општинските буџетски корисници и го известува Градоначалникот за **основните параметри** (зголем. или намалени барања) | | | | | | | | | | | |
| 8 | Министерот за финансии | го доставува до општината **буџетскиот циркулар** за подготовки на буџетите на општ. и износот на даноци од буџет.на РМ | | | | | | | | до 30. 09. | | | |
| 9 | Одделението за финан,лок.дан и такси заедно со Градоначалникот на општината | го подготвуваат **нацрт-буџетот на општината** и поднесува на Советот на општината | | | | | | | | | * | * | |
| 10 | Градоначалникот на општината | го доставува до Советот на општината **предлог-буџетот** на општината | | | | | | | | | | * | * |
| 11 | Советот на општината | **го донесува буџетот** на општината за наредната година | | | | | | | | | | | до 31. 12. |

Забелешка: Обележените полиња ги означуваат роковите во кои треба да се презимат предвидените дејствија.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-608/1
14.03.2006 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 55 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 и 11/05 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 14.03.2006 година, по расправата по Иницијативата за измена и дополнување на Статутот на општина Гевгелија, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

1.Се усвојува Иницијативата за измена и дополнување на Статутот на општина Гевгелија.

2.Се овластува Комисијата за статут и прописи на Советот на општина Гевгелија да изработи нацрт и предлог измени и дополнувања на Статутот на општина Гевгелија.

3.Заклучокот да се достави до Комисијата за статут и прописи на Советот на општина Гевгелија.

4.Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.0
14.0



Гевгелија

***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 55 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 и 11/05 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 14.03.2006 година, по расправата по Иницијативата за донесување на Деловник на Советот на општина Гевгелија, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

1.Се усвојува Иницијативата за донесување на Деловник на Советот на општина Гевгелија.

Деловникот на Советот на општина Гевгелија да се изработи и донесе во две фази како нацрт и предлог-деловник на Советот на општина Гевгелија.

2.Се овластува Комисијата за статут и прописи на Советот на општина Гевгелија да изработи нацрт и предлог-деловник на Советот на општина Гевгелија.

3.Заклучокот да се достави до Комисијата за статут и прописи на Советот на општина Гевгелија.

4.Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-610/1 — Претседател
14.03.2006 год. — на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија — *Панде Кацарски с.р.*

Врз основа на член 55 и 61 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 и 11/05 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 14.03.2006 година, по расправата по Граѓанската иницијатива од граѓаните на Месна заедница Прдејци за подршка од Советот на општина Гевгелија за изградба на клучка на автопатот Е-75 на Прдејци, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

1.Се подржува Граѓанската иницијатива од граѓаните на Месна заедница Прдејци за подршка од Советот на општина Гевгелија за изградба на клучка на автопатот Е-75 на Прдејци.

2.За решавање на проблемот на жителите на населеното место Прдејци за излез и влез на магистралниот пат Е-75 се оценува дека од страна на органите на општина Гевгелија и надлежните државни органи се превземени потребните активности.

За резултатите од превземените активности да се извести Советот на општина Гевгелија како и жителите на населеното место Прдејци.

3.Заклучокот да се достави до Месната заедница Прдејци и државните органи надлежни за превземање на потребните мерки за решавање на проблемот.

4.Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-611/1 — Претседател
14.
Ге

Врз основа на член 55 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 и 11/05 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 14.03.2006 година, по расправата по Решението за запирање на објавувањето на Одлуката за висината на надоместокот на членовите на Советот на општина Гевгелија и Одлуката за висината на надоместокот на членовите на Советот на општина Гевгелија., го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

1.Се потврдува Одлуката за висината на надоместокот на членовите на Советот на општина Гевгелија донесена од Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.02.2006 година чие објавување беше запрено со Решение на градоначалникот на општина Гевгелија објавено во ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.5/06 год. од 3.03.2006 година).

2.Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-606/1
14.03.2006 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 25 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 и 11/05 година) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.02.2006 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За висината на надоместокот на членовите на Советот на општина Гевгелија**

**Член 1**

Членовите на Советот на општината имаат право на надоместок за присуство на седниците на Советот на општината.

Надоместокот на членовите на Советот за присуство на седница на Советот без оглед на нејзиното времетраење изнесува 30% од просечната месечна нето плата во Република Македонија исплатена во последните три месеци.

**Член 2**

За трошоците направени во извршувањето на задачите утврдени со актите на Советот на членовите на Советот се определува месечен надоместок и тоа:

-на членовите на Советот во износ од 7.000,00 денари

-на претседателот на Советот во износ од 10.000,00 денари

**Член 3**

Членовите на комисиите и другите работни тела на Советот имаат право на надоместок за извршување на задачите од својата надлежност.

Надоместокот од претходниот став изнесува 700,00 денари за учество во работата на седницата на работното тело.

Надоместокот се исплаќа по завршувањето на седницата односно по завршувањето на прекинатата или одложената седница како за една седница завршена во еден ден.

**Член 4**

Членовите на Советот на опшитната за учество при склучување на брак имат право на надоместок во износ од 700 денари независно од бројот на склучените бракови.

Право на надоместок за учество при склучување на брак во деновите на државните празници и неделите имаат и матичарите во износ од 400 денари.

**Член 5**

Членовите на Советот, комисиите и другите работни тела на Советот за службени патувања надвор од општината имаат право на надоместок на патни и дневни трошоци според прописите кои се однесуваат на државните службеници.

**Член 6**

Средствата за надоместокот утврден со оваа Одлука ќе се обезбеди со Буџетот на општината, а ќе ги исплатува Одделението за финансии и локални даноци и такси.

Исплатата на надоместокот ќе се врши врз основа на евиденцијата за присуство што ја води општинската администрација, односно евиденцијата од Органот за внатрешни работи за членовите на Советот што учествуваат при склучување на брак и матичарите.

**Член 7**

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува даважи одлуката за утврдување на надоместок на членовите на советот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.11/02 год.)

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на опшитна Гевгелија".

Бр.07-501/1
28.02.2006 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на опшитна Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

## С О Д Р Ж И Н А

1.Завршна сметка на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година .......... 36
2.Одлука за донесување на Буџетски календар ............................................ 71
3.Заклучок по Иницијативата за измена и дополнување на Статутот на општина Гевгелија ................................................................................................ 72
4.Заклучок по Иницијативата за донесување на Деловник на Советот на општина Гевгелија ................................................................................................ 73
5.Заклучок по Граѓанската иницијатива од граѓаните на Месна заедница Прдејци за подршка од Советот на општина Гевгелија за изградба на клучка на автопатот Е-75 на Прдејци ................................................................................ 73
6.Заклучок по Одлуката за висината на надоместокот на членовите на Советот на општина Гевгелија ............................................................................ 74
6.Одлука за висината на надоместокот на членовите на Советот на општина Гевгелија ................................................................................................ 74

"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба
Уредува и издава: Општина Гевгелија - Служба за административни работи
улица "Димитар Влахов" 4 тел. 213-843

Врз основа на член 55 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 и 11/05 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 4.04.2006 година, по расправата по Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште во општина Гевгелија за 2005 година, го донесе следниот,

## З А К Л У Ч О К

1.Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште во општина Гевгелија за 2005 година.

2.При реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште, во иднина, да се дава приоритет на решавањето на имотно-правните работи за да можат да се реализираат планираните инфраструктурни објекти.

3.Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-752/1 Претседател
4.04.2006 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 55 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 и 11/05 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 4.04.2006 година, по расправата по Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Гевгелија за 2005 година, го донесе следниот,

## З А К Л У Ч О К

1.Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Гевгелија за 2005 година.

2.Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-753/1 Претседател
4.04.2006 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

# АКТИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

Врз основа на член 12 од Законот за библиотеките ("Службен весник на РМ" бр.66/04 год.),член 50 од Законот за установите ("Службен весник на РМ"бр.32/05 год.) и член 50 став 1 точка 16 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
**за именување нов Вршител на должноста директор**

**на Јавната општинска установа-**
**библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија**

1.За нов Вршител на должноста директор на Јавната општинска установа-библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија до изборот на директор по пат на јавен конкурс, а најдолго до 6 месеци се именува

-Слободанка Дуева од Гевгелија, со завршено Високо образование, вработена во библиотеката.

2.Вршителот на должноста директор ќе ги води работите на библиотеката и ќе ги преземе потребните активности и мерки за усогласување на работењето и актите на библиотеката со Законот за библиотеките и другите законски прописи.

3.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.08-676/1 Градоначалник
22.03.2006год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Делев с.р.***

Врз основа на член 37 од Законот за културата - пречистен текст ("Службен весник на РМ" бр.66/04 год.), член 50 од Законот за установите ("Службен весник на РМ"бр.32/05 год.)и член 50 став 1 точка 9 и 16 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на нов Вршител на должноста директор на**
**Јавната општинска установа Дом на културата "Македонија" Гевгелија**

1.За нов Вршител на должноста директор на Јавната општинска установа-Дом на културата "Македонија" Гевгелија до изборот на директор по пат на јавен конкурс, а најдолго до 6 месеци се именува

-Марица Мишева од Гевгелија, со завршено средно образование, вработена во Домот на културата.

2.Вршителот на должноста директор ќе ги води работите на домот и ќе ги преземе потребните активности и мерки за усогласување на работењето и актите на домот со Законот за култура и другите законски прописи.

3.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.08-675/1 Градоначалник
22.03.2006год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Делев с.р.***

Врз основа на член 41 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 и 11/05 год.) и член 15 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2006 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.19/05 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2006 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2006 година, ставка 464 подставка 464990 - Други трансфери, Програма ДО во износ од 15.000,00 денари се доделуваат на Здружението на граѓани "ТеРа" за организирање доброволен концерт "Пријателите за Игор".

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансии, локални даноци и такси и средствата ќе се преведат во Комерцијална банка Гевгелија на ж-ро с-ка бр.300102000004425 - Игор Узунов.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**Образложение**

Здружението на граѓани "ТеРа" поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2006 година за организирање доброволен концерт "Пријателите за Игор".

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на опшитна Гевгелија, одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2006 година во износ од 15.000,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-295/2
2.02.2006год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
***Драги Делев с.р.***

Врз основа на член 41 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 и 11/05 год.) и член 15 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2006 год. ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.19/05 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2006 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2006 година, ставка 463 подставка 463190 - Останати трансфери до невладини организации, Програма ДО во износ од 26.693,00 денари се доделуваат на Здружението на пензионерите на општина Гевгелија за реализирање на програмски активности.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансии, локални даноци и такси и средствата ќе се преведат во Стопанска банка Гевгелија на ж-ро с-ка бр.200000001498836.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**Образложение**

Здружението на пензионери на општина Гевгелија поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2006 година за реализирање на програмски активности.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на општнa Гевгелија, одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2006 година во износ од 26.693,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-234/2 Градоначалник
27.01.2006год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Делев с.р.***

Врз основа на член 41 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 и 11/05 год.) и член 15 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2006 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.19/05 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2006 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2006 година, ставка 463 подставка 463120 - Трансвери до спортски клубови, Програма LO во износ од 50.000,00 денари се доделуваат на ФК "Кожуф" Гевгелија за реализирање на програмски активности.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансии, локални даноци и такси и средствата ќе се преведат во Тутунска банка Гевгелија на ж-ро с-ка бр.210040236840122.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

ФК "Кожуф" Гевгелија поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2006 година за реализирање на програмски активности.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на општнa Гевгелија, одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2006 година во износ од 50.000,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-194/2 Градоначалник
23.01.2006год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Делев с.р.***

Врз основа на член 41 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 и 11/05 год.) и член 15 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2006 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.19/05 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2006 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2006 година, ставка 463 подставка 463120 - Трансвери до спортски клубови, Програма LO во износ од 100.000,00 денари се доделуваат на ФК "Кожуф" Гевгелија за реализирање на програмски активности.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансии, локални даноци и такси и средствата ќе се преведат во Тутунска банка Гевгелија на ж-ро с-ка бр.210040236840122.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

ФК "Кожуф" Гевгелија поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2006 година за реализирање на програмски активности.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на општтна Гевгелија, одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2006 година во износ од 100.000,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-577/2 Градоначалник
9.03.2006год. на општина Гевгелија,
3.Ова Решение влегува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.08-806/4 Градоначалник
17.11.2006 год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Делев с.р.***

Врз основа на член 98 и член 98-а од Законот за основно образование (Основен текст на законот Сл.весник на РМ бр.44/95 и измените Сл.весник на РМ бр.24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 63/04, 55/05, 82/04, 81/05, 113/05 и 35/06) и член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), Градоначалникот на општина Гевгелија донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избор на директор на Општинското Основно Училиште "Климент Охридски"-Миравци**

1.За директор на Општинското Основно Училиште "Климент Охридски"-Миравци, се избира лицето

-Михаил Петров, со завршен Факултет за ликовни уметности-графика и графички дизајн.

2.Избраното лице од точка 1 ги има сите права и обврски предвидени со актите на ООУ "Климент Охридски", Законот за основно образование и другите законски прописи.

3.Ова Решение влегува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.08-807/4 Градоначалник
30.10.2006 год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Делев с.р.***

Врз основа на член 98 и член 98-а од Законот за основно образование (Основен текст на законот Сл.весник на РМ бр.44/95 и измените Сл.весник на РМ бр.24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 63/04, 55/05, 82/04, 81/05, 113/05 и 35/06) и член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), Градоначалникот на општина Гевгелија донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избор на директор на Општинското Основно Музичко Училиште "Васо Карајанов"-Гевгелија**

1.За директор на Општинското Основно Музичко Училиште "Васо Карајанов"-Гевгелија, се избира лицето

-Орце Издушнов, со завршен Факултет за музичка уметност-кларинет.

2.Избраното лице од точка 1 ги има сите права и обврски предвидени со актите на ООМУ " Васо Карајанов ", Законот за основно образование и другите законски прописи.

3.Ова Решение влегува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.08-808/4 Градоначалник
2.11.2006 год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Делев с.р.***

Врз основа на член 100-б од Законот за основно образование (Основен текст на законот Сл.весник на РМ бр.44/95 и измените Сл.весник на РМ бр.24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 63/04, 55/05, 82/04,81/05, 113/05 и 35/06) и член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), Градоначалникот на општина Гевгелија донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување на вршител на должноста директор на Општинското Основно Училиште "Крсте Мисирков "-Гевгелија**

1.Се разрешува Роза Петровиќ, со завршена Педагошка академија одсек математика-физика, од вршител на должноста директор на Општинското Основно Училиште "Крсте Мисирков"-Гевгелија, заради избор на директор.

2.Ова решение има примена до 30.11.2006 год.

3.Ова Решение влегува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

**Образложение**

На ден 12.10.2006 година, со Решение бр.08-809/2, за вршител на должноста директор на Основното Училиште "Крсте Мисирков" - Гевгелија, градоначалникот на општина Гевгелија, ја именува Роза Петровиќ, вработена во ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија.

Според одредбите од членот 100-б, став 2 од Законот за основно образование, лицето именувано за вршител на должноста директор на основно училиште, ги врши работите до избор на нов директор.

Заради горе наведеното и заради веќе спроведената постапка за избор на директор во ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија, градоначалникот на општина Гевгелија донесе решение како во диспозитивот.

Бр.08-809/3 Градоначалник
21.112006 год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Делев с.р.***

Врз основа на член 100-б од Законот за основно образование (Основен текст на законот Сл.весник на РМ бр.44/95 и измените Сл.весник на РМ бр.24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 63/04, 55/05, 82/04,81/05, 113/05 и 35/06) и член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), Градоначалникот на општина Гевгелија донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување на вршител на должноста директор на Општинското Основно Училиште "Владо Кантарџиев "-Гевгелија**

1.Се разрешува Мара Петровиќ, со завршена Педагошка академија одсек македонски-српски, од вршител на должноста директор на Општинското Основно Училиште "Владо Кантарџиев"-Гевгелија, заради избор на директор.

2.Ова решение има примена до 30.11.2006 год.

3.Ова Решение влегува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

**Образложение**

На ден 12.10.2006 година, со Решение бр.08-810/2, за вршител на должноста директор на Основното Училиште "Владо Кантарџиев" - Гевгелија, градоначалникот на општина Гевгелија, ја именува Мара Петровиќ, вработена во ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија.

Според одредбите од членот 100-б, став 2 од Законот за основно образование, лицето именувано за вршител на должноста директор на основно училиште, ги врши работите до избор на нов директор.

Заради горе наведеното и заради веќе спроведената постапка за избор на директор во ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија, градоначалникот на општина Гевгелија донесе решение како во диспозитивот.

Бр.08-810/3 Градоначалник
21.112006 год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Делев с.р.***

Врз основа на член 100-б од Законот за основно образование (Основен текст на законот Сл.весник на РМ бр.44/95 и измените Сл.весник на РМ бр.24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 63/04, 55/05, 82/04,81/05, 113/05 и 35/06) и член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), Градоначалникот на општина Гевгелија донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување на вршител на должноста директор на Општинското Основно Училиште "Климент Охридски"-Миравци**

1.Се разрешува Снежана Катарова, со завршен Педагошки факултет одсек одделенска настава, од вршител на должноста директор на Општинското Основно Училиште "Климент Охридски"-Миравци, заради избор на директор.

2.Ова решение има примена до 30.11.2006 год.

3.Ова Решение влегува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

**Образложение**

На ден 12.10.2006 година, со Решение бр.08-811/2, за вршител на должноста директор на Основното Училиште "Климент Охридски"-Миравци, градоначалникот на општина Гевгелија, ја именува Снежана Катарова, вработена во ООУ "Климент Охридски"-Миравци.

Според одредбите од членот 100-б, став 2 од Законот за основно образование, лицето именувано за вршител на должноста директор на основно училиште, ги врши работите до избор на нов директор.

Заради горе наведеното и заради веќе спроведената постапка за избор на директор во ООУ "Климент Охридски"-Миравци, градоначалникот на општина Гевгелија донесе решение како во диспозитивот.

Бр.08-811/3
21.11.2006 год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
***Драги Делев с.р.***

Врз основа на член 100-б од Законот за основно образование (Основен текст на законот Сл.весник на РМ бр.44/95 и измените Сл.весник на РМ бр.24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 63/04, 55/05, 82/04,81/05, 113/05 и 35/06) и член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), Градоначалникот на општина Гевгелија донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување на вршител на должноста директор на Општинското Основно Музичко Училиште "Васо Карајанов"-Гевгелија**

1.Се разрешува Орце Издушнов, со завршен Факултет за музичка уметност, од вршител на должноста директор на Општинското Основно Музичко Училиште "Васо Карајанов"-Гевгелија, заради избор на директор.

2.Ова решение има примена до 30.11.2006 год.

3.Ова Решение влегува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

**Образложение**

На ден 12.10.2006 година, со Решение бр.08-812/2, за вршител на должноста директор на Општинското Основно Музичко Училиште "Васо Карајанов"-Гевгелија, градоначалникот на општина Гевгелија, го именува Орце Издушнов, вработен во ООМУ "Васо Карајанов"-Гевгелија.

Според одредбите од членот 100-б, став 2 од Законот за основно образование, лицето именувано за вршител на должноста директор на основно училиште, ги врши работите до избор на нов директор.

Заради горе наведеното и заради веќе спроведената постапка за избор на директор во ООМУ "Васо Карајанов"-Гевгелија, градоначалникот на општина Гевгелија донесе решение како во диспозитивот.

Бр.08-812/3 Градоначалник
21.11.2006 год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Делев с.р.***

Врз основа на член 100-б од Законот за основно образование (Основен текст на законот Сл.весник на РМ бр.44/95 и измените Сл.весник на РМ бр.24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 63/04, 55/05, 82/04,81/05, 113/05 и 35/06) и член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), Градоначалникот на општина Гевгелија донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за разрешување на вршител на должноста директор на Општинското Основно Училиште "Ристо Шуклев"-Негорци

1.Се разрешува Јован Марков, со завршена Педагошка академија одсек македонски-српски, од вршител на должноста директор на Општинското Основно Училиште "Ристо Шуклев"-Негорци, заради избор на директор.

2.Ова решение има примена до 30.11.2006 год.

3.Ова Решение влегува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

### Образложение

На ден 12.10.2006 година, со Решение бр.08-813/3 за вршител на должноста директор на Општинското Основно Училиште "Ристо Шуклев"-Негорци, градоначалникот на општина Гевгелија, го именува Јован Марков, вработен во ООУ "Ристо Шуклев"-Негорци.

Според одредбите од членот 100-б, став 2 од Законот за основно образование, лицето именувано за вршител на должноста директор на основно училиште, ги врши работите до избор на нов директор.

Заради горе наведеното и заради веќе спроведената постапка за избор на директор во ООУ "Ристо Шуклев"-Негорци, градоначалникот на општина Гевгелија донесе решение како во диспозитивот.

Бр.08-813/4 Градоначалник
21.11.2006 год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Делев с.р.***

Врз основа на член 101-б од Законот за заштита на деца (Основен текст на законот Сл.весник на РМ бр.98/2000 и измените Сл.весник на РМ бр.17/2003, 65/2004 и 113/2005) и член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), Градоначалникот на општина Гевгелија донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избор на директор на Јавната општинска установа**
**Детска градинка "Детска радост" Гевгелија**

1.За директор на Јавната општинска установа Детска градинка "Детска радост" Гевгелијиа, се избира лицето

-Фроска Ристовска, со завршен Филозофски факултет - дипломиран педагог.

2.Избраното лице од точка 1 ги има сите права и обврски предвидени со актите на ЈОУДГ "Детска радост", Законот за заштита на деца и другите законски прописи.

3.Ова Решение влегува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.08-2048/4 Градоначалник
27.11.2006 год. на општина Гевгелија,
Гевгелија *Драги Делев с.р.*

Врз основа на член 29, 30 и 37 од Законот за култура - пречистен текст ("Службен весник на РМ" бр.66/04 год.) и член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), Градоначалникот на општина Гевгелија донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избор на директор на Јавната општинска установа**
**Дом на култура "Македонија" Гевгелија**

1.За директор на Јавната општинска установа Дом на култура "Македонија" Гевгелијиа, се избира лицето

-Нада Ристова, со завршен Филозофски факултет - историја на книжевностите на народите на СФРЈ со македонски јазик.

2.Избраното лице од точка 1 ги има сите права и обврски предвидени со актите на ЈОУ Дом на култура "Македонија", Законот за култура и другите законски прописи.

3.Ова Решение влегува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.08-2147/3 Градоначалник
4.12.2006 год. на општина Гевгелија,
Гевгелија *Драги Делев с.р.*

## С О Д Р Ж И Н А


1.Одлука за измени на буџетот на општина Гевгелија за 2006 година ...... 272

2.Одлука за усвојување на Стратегија за локален одржлив развој на општина Гевгелија ............................................................................................................ 273

3.Заклучок по Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2006 година за квартал III ..................................................... 273

4.Заклучок по Нацрт-Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година ...... 274

5.Заклучок по Нацрт-Програмата за уредување на градежно земјиште во општина Гевгелија за 2007 година ........................................................................ 274

6.Заклучок по Нацрт-Годишната програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Гевгелија за 2007 година ............................................................................................................ 274

7.Заклучок по Нацрт-Статутот на општина Гевгелија ............................... 275

8.Листа на информации од јавен карактер со кои располага општина Гевгелија ............................................................................................................ 275


## АКТИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ


1.Решение за избор на директор на Општинска јавна установа Пионерски дом "Јосип Броз Тито" Гевгелија ........................................................................ 278

2.Решение за разрешување на вршител на должноста директор на Општинска јавна установа Пионерски дом "Јосип Броз Тито" Гевгелија ..... 278

3.Решение за избор на директор на Јавна општинска установа Библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија ............................................................................ 279

4.Решение за разрешување на вршител на должноста директор на Јавна општинска установа Библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија ................................. 279

5.Решение за избор на директор на Општинското основно училиште "Крсте Мисирков" Гевгелија ............................................................................ 280

6.Решение за избор на директор на Општинското основно училиште "Владо Кантарџиев" Гевгелија ........................................................................ 280

7.Решение за избор на директор на Општинското основно училиште "Ристо Шуклев" Негорци ............................................................................ 281

8.Решение за избор на директор на Општинското основно училиште "Климент Охридски" Миравци ........................................................................ 281

9.Решение за избор на директор на Општинското основно музичко училиште "Васо Карајанов" Гевгелија ................................................................ 282

10.Решение за разрешување на вршител на должноста директор на Општинското основно училиште "Крсте Мисирков" Гевгелија .......................... 282

11.Решение за разрешување на вршител на должноста директор на Општинското основно училиште "Владо Кантарџиев" Гевгелија ....................... 283

12.Решение за разрешување на вршител на должноста директор на Општинското основно училиште "Климент Охридски" Миравци ........................ 284
13.Решение за разрешување на вршител на должноста директор на Општинското основно музичко училиште "Васо Карајанов" Гевгелија ............. 284
14.Решение за разрешување на вршител на должноста директор на Општинското основно училиште "Ристо Шуклев" Негорци ................................. 285
15.Решение за избор на директор на Јавната општинска установа Детска градинка "Детска Радост" Гевгелија ............................................................... 285
16.Решение за избор на директор на Јавната општинска установа Дом на култура "Македонија" Гевгелија ......................................................................... 286

"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба
Уредува и издава: Општина Гевгелија - Служба за административни работи
улица "Димитар Влахов" 4 тел. 213-843

Врз основа на член 43 став 1, а во врска со член 45 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.) и членовите 21 и 37 став 3 од Статутот на општина Гевгелија ("Слулжбен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.), Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања на Советот на општина Гевгелија, донесе

## О Д Л У К А
### за утврдување и исплата на трошоците и надоместокот за присуство на седници и другите активности и обврски на членовите на Советот на општината за периодот од 1.05.2006 до 30.11.2006 година

**Член 1**

За периодот од 1.05.2006 до 30.11.2006 година на членовите на Советот на општина Гевгелија да им се утврди и исплати надоместок за присуството на седниците на Советот на општина Гевгелија во износ од 30% од просечната месечна нето плата во Република Македонија исплатена во последните три месеци и надоместок за телефонски трошоци во износ од 2.000 денари месечно.

**Член 2**

За периодот од 1.05.2006 до 30.11.2006 година од трошоците и надоместокот на членовите на Советот за работата во комисиите на Советот на општина Гевгелија (разгледување материјали, давање предлози и иницијативи, присуство на седници, донесување Одлуки и заклучоци и други работи) да се утврдат и исплатат во месечен износ од 25% од просечната месечна нето плата во Република Македонија, исплатена во последните три месеци, без оглед на бројот на одржани седници и нивното времетраење.

**Член 3**

За периодот од 1.05.2006 до 30.11.2006 година трошоците и надоместокот на членовите на Советот на општина Гевгелија за остварените други активности (присуство на состаноци во месните заедници, населените места, посети, разработка на други материјали, прием на странки, присуство на седници и работа во времени комисии и други работни тела на Советот, патни трошоци направени за овие активности и други работи) да се утврдат и исплатат во висина од 7.000 денари месечно (паушално).

**Член 4**

За периодот од 1.05.2006 до 30.11.2006 година трошоците и надоместокот на членовите на Советот на општина Гевгелија за склучување на бракови во општина Гевгелија да се утврдат и исплатат во висина од 800 денари по склучен брак.

**Член 5**

За периодот од 1.05.2006 до 30.11.2006 година на претседателот на Советот на општина Гевгелија да му се утврди и исплати надоместок на трошоците, функционален додаток во износ од 3.000 денари месечно.

**Член 6**

Разликата на пресметаните а неисплатени трошоци и надоместоци на членовите на Советот (согласно оваа Одлука) за периодот од 1.05.2006 до 30.11.2006 година да се исплати најкасно до 31.12.2006 година, а средствата да се обезбедат од Буџетот на општина Гевгелија за 2006 година, програма - Совет на општина Гевгелија.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-2277/1 Совет на општина Гевгелија
30.11.2006 год. Комисија за мандатни прашања, Гевгелија
избор и именувања
Претседател,
***Марика Ризова с.р.***

Врз основа на член 43 став 1, а во врска со член 45 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.) и членовите 21 и 37 став 3 од Статутот на општина Гевгелија ("Слулжбен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.), Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања на Советот на општина Гевгелија, донесе

## О Д Л У К А
## за утврдување на трошоците и надоместокот за присуство на седници и другите активности и обврски на членовите на Советот на општината

**Член 1**

На членовите на Советот на општина Гевгелија им се утврдува надоместок за присуството на седница на Советот на општина Гевгелија во износ од 30% од просечната месечна нето плата во Република Македонија исплатена во последните три месеци и надоместок за телефонски трошоци во износ од 2.000 денари месечно.

**Член 2**

Трошоците и надоместокот на членовите на Советот за работата во комисиите на Советот на општина Гевгелија (разгледување материјали, давање предлози и иницијативи, присуство на седници, донесување Одлуки и заклучоци и други работи) се утврдуваат во месечен износ од 25% од просечната месечна нето плата во Република Македонија, исплатена во последните три месеци, без оглед на бројот на одржани седници и нивното времетраење, најмалку за учество во 2 комисии.

**Член 3**

Трошоците и надоместокот на членовите на Советот на општина Гевгелија за присуство на состаноци во месните заедници, населените места (собири, состаноци, посети, прием на странки) за работа и состаноци на времени комисии формирани од страна на Советот на општина Гевгелија како и патни трошоци направени за овие активности, се утврдуваат во висина од 7.000 денари месечно.

**Член 4**

Трошоците и надоместокот на членовите на Советот на општина Гевгелија за склучување на бракови во општина Гевгелија се утврдуваат во висина од 800 денари по склучен брак.

**Член 5**

На претседателот на Советот на општина Гевгелија да му се утврдува надоместок на трошоците, функционален додаток во износ од 3.000 денари месечно.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-2278/1 Совет на општина Гевгелија
30.11.2006 год. Комисија за мандатни прашања, Гевгелија
избор и именувања
Претседател,
***Марика Ризова с.р.***

**С О Д Р Ж И Н А**

1.Одлука за утврдување и исплата на трошоците и надоместокот за присуство на седници и другите активности и обврски на членовите на Советот на општината за периодот од 1.05.2006 до 30.11.2006 година ...................................... 287

2.Одлука за утврдување на трошоците и надоместокот за присуство на седници и другите активности и обврски на членовите на Советот на општината ........................................................................................................................ 288

"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба
Уредува и издава: Општина Гевгелија - Служба за административни работи
улица "Димитар Влахов" 4 тел. 213-843

Врз основа на член 43 став 1, а во врска со член 45 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.) и членовите 21 и 37 став 3 од Статутот на општина Гевгелија ("Слулжбен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.), Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања на Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 26.12.2006 , донесе

**О Д Л У К А**
**за престанување важноста на Одлуката за утврдување и исплата на трошоците и надоместокот за присуство на седници и другите активности и обврски на членовите на Советот на општина Гевгелија за приодот од 01.05.2006 до 30.11.2006 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува престанување на важноста на Одлуката за утврдување и исплата на трошоците и надоместокот за присуство на седници и другите активности и обврски на членовите на Советот на општина Гевгелија за приодот од 01.05.2006 до 30.11.2006 година("Службен гласник на општина Гевгелија"бр.23/06 год.).

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во"Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2277/2 Совет на општина Гевгелија
26.12.2006 год. Комисија за мандатни прашања, избори и именување,
Гевгелија Претседател,
*Марика Ризова с.р.*

Врз основа на член 43 став 1, а во врска со член 45 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.) и членовите 21 и 37 став 3 од Статутот на општина Гевгелија ("Слулжбен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.), Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања на Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 26.12.2006 , донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на трошоците и надоместокот за присуство на седници и другите активности и обврски на членовите на Советот на општина Гевгелија**

**Член 1**

Трошоците и надоместокот на членовите на Советот за работата во комисиите на Советот на општина Гевгелија (разгледување материјали, давање предлози и иницијативи, присуство на седници, донесување Одлуки и заклучоци и други работи) се утврдуваат во месечен износ од 25% од просечната месечна нето плата во Република Македонија, исплатена во последните три месеци, без оглед на бројот на одржани седници и нивното времетраење.

**Член 2**

Трошоците и надоместокот на членовите на Советот на општина Гевгелија за подготовка и вршење на стручни консултации со надлежни органи и стручни лица во врска со материјалите за седница на Советот, материјалите за седница на комисиите и други стручни тела,за работа и состаноци на времени комисии формирани од страна на Советот на општина Гевгелија, како и патни трошоци направени за овие активности, се утврдува во висина од 7.000 денари месечно.

**Член 3**

Трошоците и надоместокот на членовите на Советот на општина Гевгелија за учество при склучување на бракови во општина Гевгелија се утврдува во висина од 800 денари за ден, независно од бројот на склучените бракови.

На матичарите им се утврдува надоместок во висина од 400,00 денари за ден(само за саботите, неделите и државните празници), независно од бројот на склучените бракови.

**Член 4**

На претседателот на Советот на општина Гевгелија му се утврдува надоместок на трошоци, функционален додаток, во износ од 3.000 денари месечно.

**Член 5**

Со влегување во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на трошоците и надоместокот за присуство на седници и другите активности и обврски на членовите на Советот на општина гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија"бр.23/06 год.).

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во"Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2278/2 | Совет на општина Гевгелија
26.12.2006 год. | Комисија за мандатни прашања, избори и именување,
Гевгелија | Претседател,
*Марика Ризова с.р.*

**С О Д Р Ж И Н А**

1.Одлука за престанување важноста на Одлуката за утврдување и исплата на трошоците и надоместокот за присуство на седници и другите активности и обврски на членовите на Советот на општина Гевгелија за периодот од 1.05.2006 до 30.11.2006 година ........................................................................................................ 290

2.Одлука за утврдување на трошоците и надоместокот за присуство на седници и другите активности и обврски на членовите на Советот на општина Гевгелија .......................................................................................................................... 290

"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба
Уредува и издава: Општина Гевгелија - Служба за административни работи
улица "Димитар Влахов" 4 тел. 213-843

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02 и 11/05 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 26.12.2006 година, донесе

# С Т А Т У Т
## на општина Гевгелија

## I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Статут, во согласност со Законот се уредуваат: организацијата и работата на органите на општината, организацијата и работењето на комисиите на Советот на општината, вршењето на работите согласно начелото на супсидијарност, начинот на информирање на граѓаните и слободниот пристап до информации од јавен карактер, случаите на исклучување на јавноста од седниците на Советот на општината, начинот и постапката за доставување претставки и предлози за работата на органите на општината и постапување по нив, начинот на организирање јавни трибини, спроведување анкети и прибирање предлози од граѓаните, начинот на објавувањето на прописите на Советот, начинот на извршување на обврските од областа на одбраната во воена состојба, месната самоуправа, начинот и постапката за утврдување на грбот и знамето на општината, како и други прашања од значење за општината.

### Член 2

Општина Гевгелија (во понатамошниот текст: општината) е единица на локалната самоуправа, во која граѓаните го остваруваат правото на локална самоуправа непосредно и преку претставници во органите на општината во согласност со Уставот, Законот за локалната самоуправа, другите закони и овој Статут.

### Член 3

Подрачјето на општината е утврдено со закон и го сочинуваат катастарските општини на населените места: градот Гевгелија и населените места и села: Богородица, Габрово, Давидово, Кованци, Конско, Милетково, Миравци, Моин, Мрзенци, Негорци, Ново Конско, Петрово, Прдејци, Серменин, Смоквица и Хума.

### Член 4

Општината е правно лице.

### Член 5

Седиштето на општина Гевгелија е на ул. "Димитар Влахов" бр.4, Гевгелија.

### Член 6

Општината има грб.

Грбот има форма на шпански штит обшиен со златна лента во чиј горен дел т.н. глава на штитот е името на општина Гевгелија. Средишниот дел на штитот е поделен по вертикала: левата страна е во сребрена, а десната страна во бела боја.

Во долниот дел на штитот т.н. подножје е аплициран амблем на цвет во зелена боја, над него две паралелни брановити линии, амблем за река во сина боја,

на средината е амблем на планината "Кожув" во сиво сина боја и во горниот дел се зраци од сонц,е во вид на круна со црвена боја.

**Член 7**

Општината има знаме.

Знамето на општината е двобојно, поделено по вертикала, со сина и сребрена (светло сива) боја, на кое е аплициран грбот на општина Гевгелија.

Односот на ширината и должината на знамето, по хоризонтала е 1:2, а грбот се наоѓа во втората петтина на знамето.

Односот на ширината и должината на знамето по вертикала е 1:3, а грбот се наоѓа во втората четвртина на знамето.

**Член 8**

Општината има печат со тркалезна форма со пречник од 3 (три) сантиметри, во чија средина се наоѓа грбот на општината и на чии рабови е испишано "Република Македонија Општина Гевгелија".

Печатот на Советот на општината има тркалезна форма, со пречник од 3см, во чија средина се наоѓа грбот на општината и на чии работи е испишано во горниот дел "Република Македонија", под тоа "Совет на општината" и во долниот дел "Општина Гевгелија".

Печатот на градоначалникот на општината има тркалезна форма, со пречник од 3см, во чија средина се наоѓа грбот на општината и на чиј рабови е испишано во горниот дел "Република Македонија", под тоа "Градоначалник" и во долниот дел "Општина Гевгелија".

Начинот на употребата на печатот на општината ќе се уреди со посебен акт, во зависност од организационата поставеност на органите на општината.

**Член 9**

Општината има свој празник.

Празник на општината е 7-ми Ноември.

**Член 10**

Општината востановува општински признанија и награди.

Признанијата и наградите се утврдуваат со посебна одлука.

**Член 11**

Заради заштита и унапредување на заедничките интереси општината може, со одлука на Советот да се здружува во здруженија како и да здружува средства и да формира заеднички јавни служби со други општини од Републиката, во согласност со закон.

**Член 12**

Општината соработува со општините од Републиката, со единици на локална самоуправа од други земји, како и со меѓународни организации на локални заедници, како и да членува во меѓународни организации на локалните власти.

## II. НАДЛЕЖНОСТ НА ОПШТИНАТА

**Член 13**

Општината самостојно, во рамките на законот и овој статут ги уредува и врши работите од јавен интерес од локално значење, утврдени со Законот за локалната самоуправа, или друг закон, како и работите кои не се исклучени од нејзина надлежност или не се во надлежност на органите на државната власт.

**Член 14**

Општината е надлежна за вршење на следните работи :

1.Урбанистичкото (урбано и рурално) планирање, издавањето на одобрение за градење на објекти од локално значење утврдени со закон, уредувањето на просторот и уредувањето на градежното земјиште;

2.Заштита на животната средина и природата - мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето, заштита на природата, заштита од бучавата и нејонизирачкото зрачење;

3.Локален економски развој - планирање на локалниот економски развој, утврдување на развојните и структурните приоритети, водење на локална економска политика, подршка на развојот на малите и средните претпријатија и на претприемништвото на локално ниво и во тој контекст учество во воспоставувањето и развојот на локалната мрежа на институции и агенции и промовирање на партнерство;

4.Комуналните дејности - снабдување со вода за пиење, испорака на технолошка вода, одведување и пречистување на отпадни води, одведување и третман на атмосферски води, јавното осветлување, одржувањето на јавна чистота, собирање, транспортирање и постапување со комуналниот цврст и технолошки отпад, уредувањето и организирањето на јавниот локален превоз на патници, одржувањето на гробиштата и гробовите и давањето погребални услуги, изградбата, одржувањето, реконструкцијата и заштитата на локалните патишта и улици и други инфраструктурни објекти, регулирање на режимот на сообракајот, изградбата и одржувањето на улична сообракајна сигнализација, изградбата и одржувањето на јавниот простор за паркирање, отстранувањето на непрописно паркираните возила, отстранувањето на хаварисаните возила од јавните површини, изградба и одржување на пазарите, чистење на оџаците, одржување и користење на парковите, зеленилото, парк-шумите и рекреативните површини, регулација, одржување и користење на речните корита во урбанизираните делови, определувањето на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти:

5.Култура - институционална и финансиска подршка на културните установи и проекти, негувањето на фолклорот, обичаите, старите занаети и слични културни вредности, организирање на културни манифестации, поттикнување на разновидни специфични форми на творештво;

6.Спорт и рекреација - развој на масовниот спорт и рекреативните активности, организирање на спортски приредби и манифестации, одржување и изградбата на објекти за спорт, како и поддршка на спортски сојузи;

7.Социјална заштита и заштита на децата - детски градинки и домови за стари (финансирање, инвестиции, одржување и сопственост), децата без родители и родителска грижа, остварување на социјална грижа за инвалидните лица, деца со

воспитно-социјални проблеми, деца со посебни потреби, децата од едно родителски семејства, како и децата од улица, лицата изложени на социјален ризик, лицата засегнати со злоупотреба на дрога и алкохол, подигање на свеста на населението, домување на лица со социјален ризик, остварување на право и воспитување на децата од предучилишна возраст;

8.Образование - основање, финансирање и администрирање на основни и средни училишта во соработка со централната власт, во согласност со закон, како и организирање на превоз и исхрана на учениците и нивно сместување во ученички домови;

9.Здравствена заштита - управување со мрежата на јавни здравствени организации и објекти од примарна здравствена заштита во кои општината е застапена во сите одбори на сите здравствени организации во јавна сопственост, здравственото воспитување, унапредување на здравјето, превентивни активности, заштита на здравјето на работниците и заштита при работа, здравствен надзор над животната средина, надзор над заразните болести, помош на пациенти со специјални потреби (на пример, ментално здравје, злоупотреба на деца и др.) и други области определени со закон;

10.Спроведување на подготовки и преземање мерки за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од воени разурнувања, природни непогоди и други несреќи и од последици предизвикани од нив;

11.Противпожарна заштита што ја врши територијалната противпожарна единица;

12.Надзор над вршењето работи од надлежност на општината;

13.Други работи определени со закон.

### Член 15

Работите од членот 14 на овој Статут, се уредуваат со прописи на Советот на општината, во согласност со постапките и стандардите утврдени со закон.

Работите од членот 14 на овој Статут, кои задолжително ќе ги извршува општината ќе бидат определени со посебните закони.

### Член 16

Работите, кои не се исклучени од надлежност на општината или не се во надлежност на органите на државната власт, се определуваат со одлука на Советот на општината.

Со одлуката од став 1 на овој член се уредува начинот и постапката за вршење на тие работи.

### Член 17

Општината во рамките на законот, во согласност со начелото на супсидијарност, има право на своето подрачје да спроведува иницијативи во врска со сите прашања од значење за општината, што не се исклучени од нејзина надлежност или не се во надлежност на органите на државната власт.

Определувањето на работите од став 1 на овој член, дефинирањето на нивната содржина, начинот и постапката на нивното вршење се уредуваат со посебни одлуки на Советот, по предлог на градоначалникот.

## III.ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТЕЊЕ НА ОРГАНИТЕ НА ОПШТИНАТА

**Член 18**

**Органи на општината се: Советот и Градоначалникот**

**1.Совет на општина**

**Член 19**

Советот на општината е преставнички орган на граѓаните.

Советот на општината го сочинуваат 19 претставници на граѓаните избрани на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање.

Мандатот на членовите на Советот трае 4 (четири) години.

Членот на Советот во Советот одлучува по свое уверување.

Членот на Советот не може да биде отповикан.

**а).Конституирање на Советот**

**Член 20**

Конституирањето на Советот, се врши со верификација на мандатот на членовите на Советот избрани на начин утврден со закон и со давање и потпишување на свечена изјава со содржина утврдена со закон.

Верификацијата на мандатот на членовите на Советот се врши на првата конститутивна седница на Советот по предлог на Комисијата за прашања на верификација на мандати што се формира на почетокот на седницата од редот на новоизбраните членови на Советот.

Верификацијата на мандатите на членовите на Советот кои не биле присутни на првата седница на Советот, ја врши Советот на првата седница на која што тие ќе присуствуваат.

**Член 21**

Постапката за верификација на мандатите на членовите на Советот поблиску се уредува со Деловникот.

**б)Права и должности на членовите на Советот**

**Член 22**

Членот на Советот има права и должности утврдени со закон и со овој Статут.

Членот на Советот се стекнува со своите права и должности по верификацијата на мандатот.

Членовите на Советот даваат и потпишуваат свечена изјава која гласи:

"Јас (име и презиме) свечено изјавувам дека правата и должностите на член во Советот ќе ги вршам совесно и дека при нивното вршење ќе ги почитувам

Уставот, Законот, прописите на Советот и дека ќе го штитам уставниот поредок на Република Македонија".

**Член 23**

Членот на Советот има право и должност:

-да предлага претресување на прашања, појави и состојби што се од локално значење, како и од значење за граѓаните во општината;

-да дава иницијативи за донесување на одлуки и други акти од надлежност на Советот, како и да предлага амандмани, на начин и по постапка предвидени во Деловникот и да поставува прашања до градоначалникот на општината.

-да бара од администрацијта на општината (во натамошниот текст: администрација), како и од јавните служби, установи и претпријатија и од други институции, основани од општината, податоци и други информации за прашања од нивниот делокруг, а што му се потребни за неговата работа во Советот;

-да бара и да добие од администрацијата на општината стручна помош во изработувањето на предлози што тој му ги поднесува на Советот, во поставувањто на советнички прашања и во вршењето на други работи што му ги доверил Советот, односно комисија во која членува;

-да ги чува како тајна податоците, кои се класифицирани како такви, што ќе ги дознае на седница на Советот или на комисија.

Членот на Советот неможе да биде повикан на кривична одговорност или да биде притворен за искажано мислење или за гласање во Советот.

**Член 24**

Членот на Советот има право да присуствува и учествува во работата на седница на комисија на Советот, иако не е член на комисијата, но без право на одлучување.

Начинот на известување на другите членови за присуство на седници на комисиите во кои не е член ќе се регулира со Деловникот на Советот.

**Член 25**

Членот на Советот кој од оправдани причини е спречен да присуствува на седници на Советот и на комисија чиј член е, должен е за тоа благовремено да го извести претседателот на Советот и претседателот на комисијата.

Членот на Советот кој од оправдани причини подолго време е спречен да присуствува на седници на Советот и на комисија чиј член е, има право да побара од Советот одобрение за отсуствување од седниците.

По барањето од ставот 2 на овој член, Советот одлучува без претрес.

**в)Конфликт на интереси на членовите на Советот**

**Член 26**

1.Членот на Советот не може да учествува во процесот на одлучувањето за прашања во кои тој или неговиот брачен другар, дете или роднина, до втор степен странична линија, има финансиски или друг личен интерес.

2.Членот на Советот е должен да го информира Советот за прашањата за кои тој има финансиски или друг личен интерес.

3.Членот на Советот, не може да биде вработен во општинската администрација на општината во која е избран.

4.Со денот на вработувањето согласно со став 3 на овој член ќе се смета дека членот на Советот поднел оставка.

5.Членот на Советот вработен во јавните служби кој ги основала општината, не може да учествува во процесот на одлучувањето за прашања што се однесуваат на јавната служба во која е вработен.

**г)Претседател на Советот**

**Член 27**

Претседателот на Советот го избира Советот со јавно гласање, со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

Предлог за претседател на Советот може да даде секој член на Советот.

Изборот на претседател на Советот може да се врши и со тајно гласање, доколку за таков предлог на член на Советот одлучи Советот со мнозинство од присутните членови на Советот.

Постапката за избор на претседатаел на Советот со тајно гласање се уредува со Деловник.

**Член 28**

Претседателот на Советот:

-ги свикува и раководи со седниците на Советот на општината;

-се грижи за организацијата и работата на Советот;

-ги потпишува прописите што ги донел Советот и во рок од 3 (три) дена од денот на нивното донесување ги доставува на Градоначалникот заради објавување.

**д)Начин на работа на Советот на општината**

**Член 29**

Советот работи на редовни седници, а по потреба може да одржува свечени и вонредни седници.

**Член 30**

Денот, часот и местото на одржување на редовна седницата на Советот, како и предлогот на дневниот ред по кој ќе се работи на седницата се објавуваат на

огласна табла на општината, најдоцна 7 дена пред денот на одржувањето на седницата.

Претседателот на Советот може да одлучи денот, часот и местото на одржување на седницата на Советот, како и предлогот на дневниот ред да се објават во средствата за јавно информирање.

**Член 31**

Советот одржува свечени седници за одбележување на значајни историски настани, а може да одржува свечени седници и за ислушување на говори на наши и странски државници, претставници на меѓународни организации и истакнати граѓани на странски држави како гости на општината.

**Член 32**

Вонредна седница се свикува за прашања од значење за безбедноста и сигурноста на граѓаните и во случаи на вонредни околности.

Вонредна седница на Советот свикува претседателот на Советот по сопствена иницијатива или на барање од најмалку 1/3 од членовите на Советот или на предлог на градоначалникот.

Поканата за вонредна седница заедно со предлогот на дневен ред на членовите на Советот им се доставува на најбрз можен начин.

Пред отпочнувањето со работа на седницата, членовите на Советот гласаат за оправданоста на причините за свикување на вонредна седница, без претрес и со мнозинство од присутните членови на Советот.

**Член 33**

Во случај на спреченост или отсутност на претседателот на Советот, на седницата претседава најстариот член на Советот.

**Член 34**

Советот може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинство од вкупниот број членови на Советот.

Советот на општината одлучува со мнозинство гласови од присутните членови на Советот, а најмалку со една третина од вкупниот број на членови на советот,ако со статутот не е предвидено посебно мнозинство.

**Член 35**

Советот одлучува со јавно гласање.

Советот може да одлучи со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот, гласањето по определени прашања да биде тајно.

**ѓ)Исклучување на јавноста од седниците на Советот**

**Член 36**

Седниците на Советот се јавни.

Советот може да работи без присуство на јавноста само во случаи определени со закон и овој со Статут, како и кога тоа ќе го предложат градоначалникот, претседателот на Советот или најмалку 1/3(третина) членови на Советот.

Исклучување на јавноста може да се бара, кога прашањето за кое се расправа има допирни точки со јавниот морал, кога може да ги загрози интересите на определена личност или има допирни точки со одбраната и сигурноста на граѓаните.

По предлогот од став 1 на овој член, Советот одлучува без претрес, со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

**Член 37**

Свикувањето на седниците на Советот, утврдувањето на дневниот ред, текот на седницата, записниците, постапката за донесување на акти и други прашања сврзани со работата на Советот, поблиску се уредуваат со Деловникот.

**е).Надлежност на Советот**

**Член 38**

Советот на општината ги врши следните работи:

1.Донесува Статут на општината;

2.Донесува Деловник на Советот;

3.Донесува Програма за работа;

4.Донесува Буџет на општината и Годишна сметка на општината;

5.Ја утврдува висината на стапките на даноците и висината на надоместоците и таксите;

6.Донесува Генерален урбанистички план;

7.Донесува детални урбанистички планови,урбанистички планови за село и урбанистички планови вон населено место;

8. Донесува Програма за уредување на градежно земјиште;

9.Донесува Програма за одржување на сообраќајната сигнализација;

10.Донесува Одлука за регулирање на режимот на сообраќајот;

11.Донесува прописи од областа на заштита на животната средина и природата, локалниот економски развој, спортот и рекреацијата, социјалната заштита и заштита на децата, образованието, културата, здравствената заштита, противпожараната заштита, во рамките на надлежноста определена со посебен закон или во согласност со национална програма;

12.Донесува Програма за изградба и одржување на локални патишта и улици;

13.Донесува Програма за јавно осветлување;

14.Донесува Програма за изградба, реконструкција и одржување на локални водоводи;

15.Донесува Програма за одржување јавна чистота;

16.Донесува Програма за одржување и користење на парковите и други јавни површини од локално значење;

17.Донесува Програма за одржување на гробиштата;

18.Донесува Програма за одржување и користење на реките во урбанизирани подрачја;

19.Донесува Одлука за јавна чистота;

20.Донесува Одлука за начинот на превоз во градскиот и приградскиот сообраќај;

21.Донесува Одлука за одржување и користење на јавните пазаришта;

22.Донесува Одлука за начинот на користење и одржување на гробиштата;

23.Го уредува начинот на чистењето на оџаците;

24.Го уредува одржувањето на јавниот простор за паркирање и начинот на неговото користење;

25.Определува имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти од локално значење;

26.Ја утврдува организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација, на предлог на Градоначалникот;

27.Основа јавни служби и врши надзор над нивната работа;

28.Именува членови во управните одбори на јавните служби, кои ги основа;

29.Усвојува програми за работа и финансиски планови за финансирање на јавните служби, кои ги основал;

30.Одлучува за давање дозвола за вршење дејност од јавен интерес од локално значење, во согласност со закон;

31.Ги усвојува извештаите за работата и годишните сметки на јавните служби кои ги основала;

32.Одлучува за начинот на располагање со сопственоста на општината;

33.Одлучува за начинот на вршење на финансиска контрола на Буџетот на општината, во согласност со закон;

34.Го избира лицето кое раководи со подрачната единица на Министерството за внатрешни работи во општината, во согланост со закон;

35.Го разгледува и усвојува годишниот извештај за јавна безбедност на подрачјето на општината, кој го доставува до Министерот за внатрешни работи и Народниот правобранител;

36.Може да дава препораки на раководното лице на подрачната единица на Министерството за внатрешни работи од областа на јавната безбедност и безбедноста во сообраќајот;

37.Избира и разрешува претседател на Советот;

38.Формира постојани и повремени комисии;

39.Врши одделни овластувања во согласност со закон врз добрата од општа употреба и врз природните богатства на подрачјето на општината;

40.Востановува општински признанија и награди;

41.Дава мислење по предлог законите кои се однесуваат на општината;

42.Врши други избори и именувања од своја надлежност;

43.Донесува други одлуки за работите од своја надлежност;

44.Врши и други работи.

**1-а.Организација и работење на комисиите на Советот на општината**

**1.Комисии на Советот**

**Член 39**

За претресување на прашања од своја надлежност Советот од својот состав формира комисии.

Комисиите на Советот се формираат како постојани и повремени.

Мандатот на постојаните комисии трае колку и мандатот на членовите на Советот.

**Член 40**

Постојани комисии на Советот се:

-Комисија за прашања на верификација на мандати;

-Комисија за прашања на избори и именувања;

-Комисија за финансирање, буџет и локален економски развој;

-Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина;

-Комисија за статут и прописи;

-Комисија за здравствена,социјална заштита и заштита на децата;

-Комисија за образование, култура и спорт;

-Комисија за функционирање на системот на локалната самоуправа;

-Комисија за еднакви можности на жените и мажите;

2.9.Годишен финансиски план за 2008 година на Општинската установа за деца- Детска градинка "Детска Радост" Гевгелија
Предлагач и изготвувач: Општинска установа за деца
Рок: Декември 2007 година

2.10.Завршна сметка за 2006 година на Општинската установа за деца- Детска градинка "Детска Радост" Гевгелија
Предлагач и изготвувач: Општинска установа за деца
Рок: Март 2007 година

2.11.Годишен финансиски план за 2008 година на Општинската библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија

Предлагач и изготвувач: Општинската библиотека
Рок: Декември 2007 година

2.12.Завршна сметка за 2006 година на Општинската библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија

Предлагач и изготвувач: Општинска библиотека
Рок: Март 2007 година

2.13.Годишен финансиски план за 2008 година на Општинската установа Дом на култура "Македонија" Гевгелија

Предлагач и изготвувач: Домот на културата
Рок: Декември 2007 година

2.14.Завршна сметка за 2006 година на Општинската установа Дом на култура "Македонија" Гевгелија

Предлагач и изготвувач: Домот на културата
Рок: Март 2007 година

2.15.Годишен финансиски план за 2008 година на Општинската установа Работнички универзитет "Кирил и Методија" Гевгелија

Предлагач и изготвувач: Работнички универзитет
Рок: Декември 2007 година

2.16.Завршна сметка за 2006 година на Општинската установа Работнички универзитет "Кирил и Методија" Гевгелија

Предлагач и изготвувач: Работнички универзитет
Рок: Март 2007 година

2.17.Годишен финансов план на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито" за 2007 година.

Предлгач и изготвувач: ЈОУ "Јосип Броз Тито"
Рок: Јануари 2007 година

2.18.Завршна сметка на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито" за 2006 година.

Предлгач и изготвувач: ЈОУ "Јосип Броз Тито"
Рок: Март 2007 година

2.19.Годишен финансиски план за 2008 година на Територијалната противпожарна единица Гевгелија

Предлагач и изготвувач: ТППЕ
Рок: Декември 2007 година

2.20.Завршна сметка за 2006 година на Територијалната противпожарна единица Гевгелија

Предлагач и изготвувач: ТППЕ

Рок: Март 2007 година

## 3.АКТИ ОД ОБЛАСТА НА УРБАНИСТИЧКОТО УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ ВО НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

3.1.Програма за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Декември 2007 година

3.1.1.Одлука за донесување Детален урбанистички план за центарот на градот Гевгелија- ревизија (Нацрт и Предлог план)
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Институции овластени за изработка на урбанистички планови
Рок: Во текот 2007 година

3.1.2.Одлука за донесување измена и дополнување на Деталниот Урбанистички план на градот Гевгелија- северна зона - спрема Мрзенци (Нацрт и Предлог план)
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Институции овластени за изработка на урбанистички планови
Рок: Во текот 2007 година

3.1.3.Одлука за донесување измена и дополнување на Деталниот урбанистички план на градот Гевгелија - западна зона - спрема Моин (Нацрт и предлог-план)
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Институции овластени за изработка на урбанистички планови
Рок: Во текот 2007 година

3.1.4.Одлука за донесување измена и дополнување на Деталниот урбанистички план на градот Гевгелија за дел од 4-та УЕ - проширување (Нацрт и Предлог план)
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Институции овластени за изработка на урбанистички планови
Рок: Во текот 2007 година

3.1.5.Одлука за донесување измена и дополнување на Деталниот урбанистички план на градот Гевгелија за дел од 5-та УЕ (Нацрт и Предлог-План)
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Институции овластени за изработка на урбанистички планови
Рок: Во текот 2007 година

3.1.6.Одлука за донесување Урбанистички план за село, за селата: Негорци, Богородица, Прдејци, Мрзенци, Моин, Ново Конско, Миравци, Давидово, Смоквица, Петово, Милетково, Кованци, Габрово, Конско и Хума (Нацрт и Предлог на план)

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Институции овластени за изработка на урбанистички планови
Рок: Во текот 2007 година

3.1.7.Одлука за донесување на урбанистички план за село -за локалитетот Смрдлива Вода (Нацрт и Предлог-План)

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Институции овластени за изработка на урбанистички планови
Рок: Во текот на 2007 година

3.1.8.Одлука за донесување за измена и дополнување на Генералниот урбанистички план на градот Гевгелија

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Институции овластени за изработка на урбанистички планови
Рок: Во текот 2007 година

3.1.9.Одлука за донесување урбанистички план вон населено место - лево и десно од Автопатот Е-75

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач: Институции овластени за изработка на урбанистички планови
Рок: Во текот на 2007 година

3.2.Информација за состојбата со реализацијата на урбанистичките планови во општина Гевгелија

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Февруари 2007 година

3.3.Информација за бесправно изградени објекти во општина Гевгелија во периодот од 1996 до 2005 година

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Февруари 2007 год.

3.4.Информација за обемот на неизграденото градежно земјиште за кој е донесен ДУП и за кое не е донесено ДУП, а е во границите на градежен реон

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Јануари 2007 година

## 4.АКТИ ОД ОБЛАСТА НА УРЕДУВАЊЕТО НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ, ЛОКАЛНИ ПАТИШТА, СООБРАЌАЈ И ЈАВНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ

4.1.Извештај за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште во општина Гевгелија за 2006 година

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок:Јануари 2007 година

4.2.Програма за уредување на градежно земјиште во општина Гевгелија за 2008 година

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Декември 2007 година.

4.3.Извештај за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта во општина Гевгелија за 2006 година

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Јануари 2007 година

4.4.Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта во општина Гевгелија за 2008 година

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Декември 2007 година

4.5.Програма за јавното осветлување во општина Гевгелија за 2008 година

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Декември 2007 година

4.6.Информација за состојбата со изграденоста со станбени објекти и уреденоста на градежното земјиште во градот Гевгелија и населените места

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Февруари 2007 година

4.7.Информација за состојбата со речните корита и одводните канали во урбаните средини во општина Гевгелија

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација и ЈВП "Гевгелиско Валандовско поле"
Рок: Јануари 2007 година.

4.8.Информација за состојбата со хоризонталната и вертикалната сигнализација во општина Гевгелија

Предлагач: Градоначалник на општитната
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Март и Октомври 2007 година

4.9.Информација за состојбата на регионалните патишта кои поминуваат низ подрачјето на општина Гевгелија

Предлагач и изготвувач:Фондот за магистрални и регионални патишта и ЈП "Македонија пат" Гевгелија
Рок: Јануари 2007 година

4.10.Информација за состојбата со јавното осветлување во населените места во општина Гевгелија

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Февруари 2007 год.

4.11.Информација за хортикултурно уредување во општина Гевгелија.

Предлагач и изготвувач: ЈПКД "Комуналец" Гевгелија
Рок: Во текот на 2007 година

4.12.Сообраќајно поврзување на општина Гевгелија со Република Грција со изградба на нов премин

Предлагач и изготвувач: Надлежни институции
Рок: Во текот на 2007 година

## 5.АКТИ НА КОИ СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА ДАВА СОГЛАСНОСТ

5.1.Извештај за работењето на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија за 2006 год.

Предлагач и изготвувач: ЈПКД "Комуналец" Гевгелија
Рок: Април 2007 година

5.2.Годишна завршна сметка на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија за 2006 год.

Предлагач и изготвувач: ЈПКД "Комуналец" Гевгелија
Рок: Април 2007 година

5.3.Програма за работа на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија за 2007 година

Предлагач и изготвувач: ЈПКД "Комуналец" Гевгелија
Рок: Јануари 2007 година

5.4.Извештај за работењето на ЈРП "Радио Телевизија Гевгелија"-Гевгелија за 2006 година

Предлагач и изготвувач: ЈРП"Радио Гевгелија" Гевгелија
Рок: Април 2007 година.

5.5.Програма за работа на ЈРП "Радио Телевизија Гевгелија" - Гевгелија за 2007 год.

Предлагач и изготвувач: ЈРП"Радио Гевгелија" Гевгелија
Рок: Јануари 2007 година

5.6.Годишна завршна сметка за работењето на ЈРП "Радио Телевизија Гевгелија" - Гевгелија за 2006 година

Предлагач и изготвувач: ЈРП"Радио Гевгелија" Гевгелија
Рок: Февруари 2007 година

5.7.Правилник за организација и систематизација на работата на Општинската установа за деца Детска градинка "Детска Радост" Гевгелија

Предлагач и изготвувач: Општинска установа за деца

Рок: Јануари 2007 година

5.8.Статут на Јавното претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во општина Гевгелија

Предлагач и изготвувач: Јавното претпријатие

Рок: До Јули 2007 година

5.9.Програма за работа на Јавното претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во општина Гевгелија

Предлагач и изготвувач: Јавното претпријатие

Рок: До Јули 2007 година

## 6.ОПШЕСТВЕНИ ДЕЈНОСТИ

6.1.Годишна програма за работа на Општинските основни училишта за учебната 2007/2008 година на: "Крсте Мисирков", "Владо Кантарџиев", "Ристо Шуклев", "Климент Охридски" и "Васо Карајанов"

Предлагач и изготвувач: Општински основни училишта

Рок: Септември 2007 година

6.2.Извештај за работа на Општинските основни училишта за учебната 2006/2007 година на: "Крсте Мисирков","Владо Кантарџиев","Ристо Шуклев","Климент Охридски" и "Васо Карајанов"

Предлагач и изготвувач: Општински основни училишта

Рок: Септември 2007 година

6.3.Годишна програма за работа на Општинското средно училиште "Јосиф Јосифовски" Гевгелија за учебната 2007/2008 година

Предлагач и изготвувач: Општинско средно училиште

Рок: Август 2007 година

6.4.Извештај за работа на Општинското средно училиште "Јосиф Јосифовски" Гевгелија за учебната 2006/2007 година

Предлагач и изготвувач: Општинско средно училиште

Рок: Август 2007 година

6.5.Годишна програма за работа на Општинската установа за деца Детска градина "Детска Радост" Гевгелија за учебната 2007/2008 година

Предлагач и изготвувач: Општинската установа за деца

Рок: Август 2007 година

6.6.Извештај за работа на Општинската установа за деца Детска градинка "Детска Радост" Гевгелија за учебната 2006/2007 година

Предлагач и изготвувач: Општинска установа за деца

Рок: Август 2007 година

6.7.Годишна програма за работа на Општинската установа - библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија за 2007 година

Предлагач и изготвувач: Општинската установа - библиотека
Рок: Февруари 2007 година

6.8.Извештај за работа на Општинската установа - библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија за 2006 година

Предлагач и изготвувач: Општинска установа - библиотека
Рок: Јануари 2007 година

6.9.Годишна програма за работа на Општинската установа - Дом на култура "Македонија" Гевгелија за 2007 година

Предлагач и изготвувач: Општинска установа - Дом на култура
Рок: Февруари 2007 година

6.10.Извештај за работа на Општинската установа - Дом на култура "Македонија" Гевгелија за 2006 година

Предлагач и изготвувач: Општинска установа - Дом на култура
Рок: Јануари 2007 година

6.11.Годишна програма за работа на Општинската установа - Работнички универзитет "Кирил и Методија" Гевгелија за 2007 година

Предлагач и изготвувач: Општинската установа - Работнички универзитет
Рок: Февруари 2007 година

6.12.Извештај за работа на Општинската установа - Работнички универзитет "Кирил и Методија" Гевгелија за 2006 година

Предлагач и изготвувач: Општинска установа - Работнички универзитет
Рок: Јануари 2007 година

6.13.Извештај за работата на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито" за 2006 година.

Предлгач и изготвувач: ЈОУ "Јосип Броз Тито"
Рок: Јануари 2007 година

6.14.Годишна програма за работа на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито" за 2007 година.

Предлгач и изготвувач: ЈОУ "Јосип Броз Тито"
Рок: февруари 2007 година

6.15.Програма за остварување надлежностите на општината во областа на спортот

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Декември 2007 година

6.16.Одлука за категоризација на спортски објекти

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Во текот на 2007 година

6.17.Одлука за определување име на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти во општина Гевгелија
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Во текот на 2007 година

6.18.Одлука за почетокот и завршетокот на работното време во Општинската установа за деца Детска градинка "Детска Радост" Гевгелија
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Јануари 2007 година

6.19.Одлука за цената на услугите што ги дава Општинската установа за деца "Детска Радост" Гевгелија
Предлагач и изготвувач: Општинска установа за деца
Рок: Јануари 2007 година

6.20.Одлука за износот на надоместокот на трошоците што го плаќаат родителите на децата во Општинската установа за деца "Детска Радост" Гевгелија
Предлагач и изготвувач: Општинска установа за деца
Рок: Јануари 2007 година

6.21.Програма за општа туристичка пропаганда и информативна дејност
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Декември 2007 година

6.22.Информација за заштита на животната средина во општина Гевгелија
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Мај 2007 година.

6.23.Пограма за запрашување во општина Гевгелија
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Завод за зрдавствена заштита ПЕ-Гевгелија
Рок: Февруари 2007 година.

6.24.Информација за одржување и користење на јавниот простор за паркирање во Гевгелија
Предлагач: Градоначалник на општината.
Изготвувач:Општинска администрација
Рок. Април 2007 година

6.25.Информација за одржувањето и чистењето на оџаците и давањето оџачарски услуги во општина Гевгелија

Предлагач и изготвувач: ЈПКД "Комуналец"
Рок: Мај 2007 година

6.26.Извештај за јавната безбедност на подрачјето на општина Гевгелија

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Подрачна единица на МВР-Гевгелија
Рок. Април 2007 година

6.27.Информација за безбедност во сообраќајот на патиштата на подрачјето во општина Гевгелија

Предлагач и изготвувач:Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во општина Гевгелија
Рок. Април 2007 година

6.28.Информација за состојбата со дивите депонии во општина Гевгелија

Предлагач: Градоначалник на општината.
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Февруари и Септември 2007 година

6.29.Информација за состојбата во рекреативните и аматерските спортови во општина Гевгелија

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Јуни 2007 година.

6.30.Информација за состојбата со здравствената заштита на населението во општина Гевгелија

Предлагач и изготвувач: Завод за здравствена заштита ПЕ Гевгелија
Рок: Април 2007 година

6.31.Извештај за работата на комуналните инспектори

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Овластени комунални инспектори
Рок: Април и Октомври 2007 година

6.32.Извештај за работата на сообраќајниот инспектор

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Овластен сообраќаен инспектор
Рок: Април и Октомври 2007 година

6.33.Извештај за работата на градежните инспектори

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Овластени градежни инспектори
Рок: Април и Октомври 2007 година

6.34.Програма за еутаназија на кучиња и мачки скитници во општина Гевгелија
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Мај 2007 година

6.35.Информација за состојбата со младинските културни домови во населените места во општина Гевгелија
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Мај 2007 година

6.36.Информација за состојбата со објектите од областа на културата и користење на истите
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Мај-Јуни 2007 година

6.37.Програма за активности за заштита на објекти и одбележување настани од историско и културно значење за општината
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Јуни 2007 година

6.38.Извештај за активностите на Територијалната противпожарна единица во 2006 година
Предлагач и изготвувач: ТППЕ
Рок: Април 2007 година

6.39.Годишен извештај за работата на Советот за заштита на потрошувачите за 2007 година
Предлагач и изготвувач: Совет за заштита на потрошувачите
Рок: Декември 2007 година

6.40.Информација за тековно одржување на градските гробишта.
Предлагач и изготвувач: ЈПКД "Комуналец" Гевгелија
Рок: Во текот на 2007 година

6.39.Годишен извештај за работата на Партиципативното телот за 2007 година.
Предлагач и изготвувач:Партиципативното тело
Рок: Во текот на 2007 година

## 7.ДРУГИ АКТИВНОСТИ

7.1.Информација за состојбата со снабдувањето со вода за пиење во населените места во општина Гевгелија и барање на нови решенија за долгорочно снабдување на општина Гевгелија со вода
Предлагач и изготвувач: ЈПКД "Комуналец" Гевгелија
Рок: Мај 2007 година

7.2.Информација за можноста за снабдување со вода за пиење на населените места Негорци и Прдејци од градскиот водовод

Предлагач и изготвувач: ЈПКД "Комуналец" Гевгелија
Рок: Мај 2007 година

7.3.Информација за состојбата со снабдувањето со водата за наводнување на земјоделските култури во општина Гевгелија

Предлагач и изготвувач: ЈВП "Гевгелиско Валандовско поле"
Рок: Февруари 2007 година

7.4.Информација за начинот и обемот на користење на земјоделското земјиште во државна сопственост во општина Гевгелија

Предлагач и изготвувач:ПЕ на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство и Одделение за премер и катастар
Рок: Февруари 2007 година.

7.5.Информација за состојбите со шумскиот фонд, пошумувањето и експлоатацијата на шумите во општина Гевгелија

Предлагач и изготвувач:Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, ЈП "Македонски шуми" Подружница Гевгелија
Рок: Април и Октомври 2007 година

7.6.Информација за состојбата со откупот и пласманот на земјоделските производи во општина Гевгелија

Предлагач и изготвувач:Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство - ПЕ Гевгелија
Рок: Април и Октомври 2007 година

7.7.Информација за состојбата со ловниот и риболовнот фонд во општина Гевгелија

Предлагач и изготвувач:Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство - ПЕ
Рок: Април 2007 година

7.8.Програма за активности од обласпа на заштитата на природните ресурси и реткости

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Во текот на 2007 година

7.9.Информација за состојбата со заштитата на историските и градителските традиции во општината

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација и Завод за заштита на споменициите на култура
Рок: Во текот на 2007 година.

7.10.Програма за активностите од областа на заштитата на археолошкото богатство на општина Гевгелија.

Предлагач: Градоначалник на опшитната
Изготвувач: Народен музеј
Рок: Јуни 2007 година

7.11.Информација за поставување на билборди во општина Гевгелија

Предлагач: Градоначалник на опшитната
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Април 2007 година

7.12.Информација за работењето на "Јужно Вардарската долина".

Предлагач и изготвувач: "Јужно Вардарската долина"
Рок: Во текот на 2007 година

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2507/1 Претседател
26.12.2006 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 97 атав 1 алинеа 3 од Законот за основно образование ("Сл.весник на РМ" бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 63/04, 82/04, 55/05, 81/05, 113/05 и 35/06год.) и член 55 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 и 11/05 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 26.12.2006 година, по расправата по Финансовиот план на Општинското основно училиште "Владо Кантарџиев" Гевгелија за 2007 година, го донесе следниот,

**З А К Л У Ч О К**

1.Се усвојува Финансовиот план на Општинското основно училиште "Владо Кантарџиев" Гевгелија за 2007 година донесено на седницата на Училишниот одбор на училиштето со Одлука бр.02-408/1 од 17.11.2006 година.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2509/1 Претседател
26.12.2006 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 97 атав 1 алинеа 3 од Законот за основно образование ("Сл.весник на РМ" бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 63/04, 82/04, 55/05, 81/05, 113/05 и 35/06год.) и член 55 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 и 11/05 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 26.12.2006 година, по расправата по Годишен

финансов план на Општинското основно училиште "Крсте Мисирков" Гевгелија за 2007 година, го донесе следниот,

**З А К Л У Ч О К**

1.Се усвојува Годишниот финансов план на Општинското основно училиште "Крсте Мисирков" Гевгелија за 2007 година донесено на седницата на Училишниот одбор на училиштето со Одлука бр.03-344 од 2011.2006 година.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2510/1 Претседател
26.12.2006 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 97 атав 1 алинеа 3 од Законот за основно образование ("Сл.весник на РМ" бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 63/04, 82/04, 55/05, 81/05, 113/05 и 35/06год.) и член 55 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 и 11/05 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 26.12.2006 година, по расправата по Финансовиот план на Општинското основно училиште "Ристо Шуклев" Негорци за 2007 година, го донесе следниот,

**З А К Л У Ч О К**

1.Се усвојува Финансовиот план на Општинското основно училиште "Ристо Шуклев" Негорци за 2007 година донесено на седницата на Училишниот одбор на училиштето со Одлука бр.03-248 од 3.11.2006 година.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2511/1 Претседател
26.12.2006 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 97 атав 1 алинеа 3 од Законот за основно образование ("Сл.весник на РМ" бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 63/04, 82/04, 55/05, 81/05, 113/05 и 35/06год.) и член 55 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 и 11/05 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 26.12.2006 година, по расправата по Финансовиот план на Општинското основно училиште "Климент Охридски" Миравци за 2007 година, го донесе следниот,

**З А К Л У Ч О К**

1.Се усвојува Финансовиот план на Општинското основно училиште "Климент Охридски" Миравци за 2007 год. донесено на седницата на Училишниот одбор на училиштето со Одлука бр.03-362 од 13.12.2006 година.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2512/1 Претседател
26.12.2006 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 97 атав 1 алинеа 3 од Законот за основно образование ("Сл.весник на РМ" бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 63/04, 82/04, 55/05, 81/05, 113/05 и 35/06год.) и член 55 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 и 11/05 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 26.12.2006 година, по расправата по Финансовиот план на Општинското основно музичко училиште "Васо Карајанов" Гевгелија за 2007 година, го донесе следниот,

## З А К Л У Ч О К

1.Се усвојува Финансовиот план на Општинското основно музичко училиште "Васо Карајанов" Гевгелија за 2007 година донесено на седницата на Училишниот одбор на училиштето со Одлука бр.0302-76 од 13.11.2006 година.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2513/1 Претседател
26.12.2006 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 89а став 1 алинеа 3 од Законот за средно образование ("Сл.весник на РМ" бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 78/03, 67/04, 55/05 и 113/05 год.) и член 55 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 и 11/05 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 26.12.2006 година, по расправата по Финансовиот план на Општинското средно училиште "Јосиф Јосифовски" Гевгелија за 2007 година, го донесе следниот,

## З А К Л У Ч О К

1.Се усвојува Финансовиот план на Општинското средно училиште "Јосиф Јосифовски" Гевгелија за 2007 година донесено на седницата на Училишниот одбор на училиштето со Одлука бр.02-1501/1-2 од 12.12.2006 година.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2514/1 Претседател
26.12.2006 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 98 став 1 алинеа 3 од Законот за заштита на децата ("Сл.весник на РМ" бр.98/00, 17/03, 65/04 и 113/05) и член 55 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 и 11/05 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 26.12.2006 година, по расправата по Финансовиот план на ЈОУ Детска градинка "Детска Радост" Гевгелија за 2007 година, го донесе следниот,

**З А К Л У Ч О К**

1.Се усвојува Финансовиот план на ЈОУ Детска градинка "Детска Радост" Гевгелија за 2007 година донесено на седницата на Управниот одбор на детската градинка со Одлука бр.02-245/2 од 9.11.2006 година.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2515/1 Претседател
26.12.2006 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија *Панде Кацарски с.р.*

Врз основа на член 13 став 3 од Законот за библиотеки ("Службен весник на РМ" бр.66/04) и член 55 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 и 11/05 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 26.12.2006 година, по расправата по Финансовиот план на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија за 2007 година, го донесе следниот,

**З А К Л У Ч О К**

1.Се усвојува Финансовиот план на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија за 2007 година донесено на седницата на Управниот одбор на Библиотеката со Одлука бр.0103-200 од 8.12.2006 година.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2516/1 Претседател
26.12.2006 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија *Панде Кацарски с.р.*

Врз основа на член 37 од Законот за култура-пречистен текст ("Службен весник на РМ" бр.66/04), член 44 од Законот за установите ("Службен весник на РМ" бр.32/05) и член 55 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 и 11/05 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 26.12.2006 година, по расправата по Годишниот финансов план на ЈОУ Дом на културата "Македонија" Гевгелија за 2007 година, го донесе следниот,

**З А К Л У Ч О К**

1.Се усвојува Годишниот финансов план на ЈОУ Дом на културата "Македонија" Гевгелија за 2007 година донесено на седницата на Управниот одбор на домот на културата со Одлука бр.0302-156а од 16.10.2006 година.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2517/1 Претседател
26.12.2006 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија *Панде Кацарски с.р.*

Врз основа на член 37 од Законот за култура-пречистен текст ("Службен весник на РМ" бр.66/04), член 44 од Законот за установите ("Службен весник на РМ" бр.32/05) и член 55 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 и 11/05 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 26.12.2006 година, по расправата по Финансовит план на ЈОУ Работнички универзитет "Кирил и Методиј" Гевгелија за 2007 година, го донесе следниот,

## З А К Л У Ч О К

1.Се усвојува Финансовит план на ЈОУ Работничкиот универзитет "Кирил и Методиј" Гевгелија за 2007 година донесено на седницата на Управниот одбор на Работничкиот универзитет со Одлука бр.54-03 од 19.12.2006 година.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2518/1 Претседател
26.12.2006 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Каџарски с.р.***

Врз основа на член 11 став 1 точка 6 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" 38/96, 6/02, 40/03 и 49/06 год.) и член 25 став 1 точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија"бр.8/02 и 11/05 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 26.12.2006 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**За давање согласност на Финансовиот извештај за приодот од 1.01.-30.09.2006 год. на ЈПКД"Комуналец" Гевгелија со подружниците Негорци, Прдејци и Смрдлива Вода**

1.Се дава согласност на Финансискиот извештај за периодот од 1.01.-30.09.2006 год. на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија со подружниците Негорци, Прдејци и Смрдлива Вода усвоено од Управниот одбор на Јавното претпријатие со заклучок бр.02-794/2 24.11.2006 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2508/1 Претседател
26.12.2006 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Каџарски с.р.***

**С О Д Р Ж И Н А**

1.Статут на општина Гевгелија ........................................................................ 292
2.Програма за работа на Советот на општина Гевгелија за 2007 година.. 322
3.Заклучок по Финансовиот план на ООУ "Владо Кантарџиев" Гевгелија за 2007 година ........................................................................................................ 335
4.Заклучок по Годишниот финансов план на ООУ "крсте Мисирков" Гевгелија за 2007 година ............................................................................................ 335
5.Заклучок по Финансовиот план на ООУ "Ристо Шуклев" Негорци за 2007 година ........................................................................................................ 335
6.Заклучок по Финансовиот план на ООУ "Климент Охридски" Миравци за 2007 година ........................................................................................................ 336
7.Заклучок по Финансовиот план на ООМУ "Васо Карајанов" Гевгелија за 2007 година ........................................................................................................ 336
8.Заклучок по Финансовиот план на ОСУ "Јосиф Јосифовски" Гевгелија за 2007 година ........................................................................................................ 336
9.Заклучок по Финансовиот план на ЈОУ Детска градинка "Детска Радост" Гевгелија за 2007 година ............................................................................................ 337
10.Заклучок по Финансовиот план на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија за 2007 година ............................................................................................ 337
11.Заклучок по Годишниот финансов план на ЈОУ Дом на културата "Македонија" Гевгелија за 2007 година ............................................................... 337
12.Заклучок по Финансовиот план на ЈОУ Работнички универзитет "Кирил и Методиј" Гевгелија за 2007 година ........................................................ 338
13.Решение за давање согласност на Финансовиот извештај за периодот од 1.01.-30.09.2006 год. на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија со подружниците Негорци, Прдејци и Смрдлива Вода ............................................................................... 338

"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба
Уредува и издава: Општина Гевгелија - Служба за административни работи
улица "Димитар Влахов" 4 тел. 213-843

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002 год.), член 28 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/2004 и 96/2004год.) и член 25 став 1 точка 4 од Статутот на општината Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгеллија" бр.8/02 и 11/05 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.12.2006 година, донесе

## Б У Џ Е Т
## на општина Гевгелија за 2007 година

### Член 1

Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година се состои од:

| | |
|---|---|
| **Вкупно приходи** | **210.844.145,00 ден.** |
| и тоа: | |
| -приходи на основен буџет | 167.992.853,00 ден. |
| -наменски дотации | 23.329.452,00 ден. |
| -приходи од самофинансирачки активности | 19.521.840,00 ден. |
| **Вкупно расходи** | **210.844.145,00 ден.** |
| и тоа: | |
| -утврдени намени | 210.844.145,00 ден. |

### Член 2

Приходите по извори и видови на приходи и расходите по основни намени и програми се утврдени во консолидираниот биланс на приходите и расходите, билансот на тековно - оперативни расходи и билансот на капитални расходи на општина Гевгелија за 2007 година и тоа како што следува:

од стр.341  до 390

**Член 3**

Овој Буџет на општина Гевгелија за 2007 година влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија", а ќе се применува од 1 Јануари 2007 година.

Бр.07-2534/1
28.12.2006 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002 год.), член 23 став 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/2004 и 96/2004год.) и член 25 став 1 точка 4 од Статутот на општината Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгеллија" бр.8/02 и 11/05 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.12.2006 година, донесе

## О Д Л У К А
### за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година

**Член 1**

Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година (во понатамошниот текст: Буџетот), се извршува според одредбите на оваа Одлука.

**Член 2**

Буџетот на општината се состои од: Основен буџет, Буџет на самофинансирачки активности, Буџет на донации и Буџет на дотации.

**Член 3**

Корисниците на средствата на Буџетот се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално и економично.

**Член 4**

Расходите утврдени со Буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да преземаат обврски.

За да се преземат нови обврски до Советот на општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи во сразмерен износ.

**Член 5**

Градоначалникот на општината ја следи реализацијата на планот на приходите и на другите приливи на основниот Буџет на општината.

За отстапувањето од планот на приходите и другите приливи ако е повисоко од 5%, градоначалникот доставува измени и дополнувања на Буџетот на општината до Советот на општината.

**Член 6**

Пренамената во рамките на одобрените буџети на буџетските корисници ја одобрува Советот на општината.

Во рамките на расходите утврдени во Буџетот на буџетскиот корисник, корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки, програми и потпрограми по претходно одобрение од Советот на општината.

**Член 7**

Буџетските корисници, во услови кога во буџетот на самофинансирачки активности, буџетот на донации или буџетот на дотации, планираните приходи и други приливи не се рализираат односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување или зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои градоначалникот ги доставува до Советот на општината на одобрување.

**Член 8**

Буџетските корисници по усвојувањето на Буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства. Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци.

**Член 9**

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во Буџетот, односно нето платите се утврдуваат за: избраните и именуваните лица нето појдовната основа за 1 коефициент изнесува просечно исплатената месечна нето плата по вработен во Републиката за претходната година, за вработените кои имаат статус на државни службеници вредноста на бодот за утврдување на нето платите изнесува 40,10 денари.

**Член 10**

Надоместокот за превоз до и од работно место, по преходно дадена писмена изјава, се исплатува само за вработените чие место на живеење е оддалечено над 2,5 км од работното место во висина на цената на јавниот превоз, но не повеќе од 900 денари.

**Член 11**

Надоместокот за храна во текот на еден месец (доколку исхраната не е организирана) изнесува 3.000 денари месечно.

Надоместокот за годишен одмор ќе изнесува 60% од просечно исплатената месечна нето плата по работник во Република Македонија.

**Член 12**

За деновите кога вработениот е на службен пат, боледување, годишен одмор или отсуство од работа по друг основ надоместокот за превоз и храна не се исплатуваат.

**Член 13**

Во случај на боледување подолго од шест месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита и спасување, и други случаи на работникот му се исплатува помош во висина од една последно исплатена просечна месечна плата во органот каде што е вработен.

**Член 14**

Користењето на средствата од Буџетот на општината за вршење на функциите на буџетските корисници се извршуваат со фактура во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди во случај кога за расходите не може да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи во противвредност од 100 ЕВРА каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

**Член 15**

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во поодделните програми и потпрограми ги извршува градоначалникот на општината.

**Член 16**

Буџетските корисници можат да вработуваат нови работници и да пополнуваат испразнети работни места само под услов, ако за тоа се обезбедени средства во Буџетот на општината. За обезбедените средства градоначалникот на општината дава писмено известување за обезбедени средства, по претходно дадено позитивно мислење од страна на Агенцијата за државни службеници на актите за систематизација.

**Член 17**

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на приходите на Буџетот.

Повратот на погрешно, на повеќе уплатени, односно наплатени приходи се врши со решение на градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

**Член 18**

Буџетот на општина Гевгелија се извршува од 1.01.2007 до 31.12.2007 год.

**Член 19**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија", а ќе се применува од 1-ви Јануари 2007 година.

Бр.07-2535/1
28.12.2006 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 17 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. Весник на Р.М. бр. 51/05 год.") и член 25 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија (Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 8/02 и 11/05 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.12.2006 година, донесе

## ГОДИШНА ПРОГРАМА
## за изработка на урбанистички планови
## во општина Гевгелија

## I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Со оваа програма се утврдуваат планските документи, кои ќе се изработат за урбанистичко уредување на просторот во градот Гевгелија, населените места и на подрачјето вон населените места (ГУП, и ДУП за градот Гевгелија, УП за село и УП за подрачје вон населено место), во општина Гевгелија, изворите на средства за финансирање и други прашања поврзани со планските документи.

Со изработка на урбанистичките планови треба да се обезбеди рационално искористување на просторот, намалување на бесправната изградба, вклопување на објектите, кои се бесправно изградени и отворање на нови локации за:

-домување
-деловни објекти
-индустрија и мало стопанство
-спорт и рекреација и
-планска изградба на комунални објекти

Преку донесените урбанистички планови Општината ги реализира усвоените годишни програми за комунално уредување, за изградба на локални патишта и улици, водоводни мрежи, фекални и атмосферски канализациски мрежи, заштита на животната средина и др.

Потребата од изработка на урбанистичките планови исто така е иницирано и од Одделението за урбанизам, градежништво, архитектура и заштитан а животна средина, врз основа на следењето на степенот на квалитетот и потребата за реализација на плановите, роковите на важноста на истите, новонастанатите промени и потреба за развој, како и предлозите, иницијативите и барањата од физичките и правните лица доставени до Одделението.

Изработката на урбанистичките планови ќе се финансира од Буџетот на општина Гевгелија за која намена се педвидени 3.000.000,00 денари

Урбанистичките планови ќе се изработуваат согласно Законот за јавни набавки од правни лица кои поседуваат лиценца за вршење на оваа дејност.

## II.ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

### 1.Измена и дополнување на Генералниот урбанистички план на градот Гевгелија

-Изработката на планот е во тек
-Фаза: Предлог на Генерален урбанистички план
-Површина на опфатот: проширување на урбанистичкиот опфат за домување, за индустрија и за мало стопанство, рекреација (проширување за 60ха, или вкупна површина на урбанистичкиот опфат 765,50ха).

## 2.ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

### 2.1.Детален урбанистички план за центарот на град Гевгелија(ревизија)

-Фаза: Нацрт и Предлог план
-Површина на опфатот   11,50 ха
-Намена на просторот:  објекти од јавен интерес, деловни објекти, трговија, услужни дејности, занаетчиство, хортикултурно уредување и сл.

**2.2.Детален урбанистички план за дел од 1-ва урбана единица,северно од ул."Маршал Тито"(ревизија)**
-Фаза: Нацрт и Предлог план
-Површина на опфат: 30 ха
**-Намена на просторот: домување, трговија, услужни дејности, хортикултурно уредување, комунални објекти и др.**

**2.3 Детален урбанистички план на дел од 3-та урбана единица во Гевгелија**
-Фаза: Нацрт и Предлог план
-Површина на опфат: 6 ха
-Намена на просторот: домување, трговија, услужни дејности, хортикултурно уредување, комунални објекти и др.

**2.4.Детален урбанистички план на дел од 4-та урбана единица во Гевгелија**
-Фаза: Нацрт Предлог план
-Површина на опфатот:    12 ха
-Намена на просторот: домување, трговија услужни дејности, хортикултурно уредување, комунални објекти и др.

**2.5.Детален урбанистички план на дел од 5-та урбана единица во Гевгелија**
-Фаза: Нацрт и Предлог план
-Површина на опфат: 8 ха
-Намена на просторот:  домување, трговија, услужни дејности, хортикултурно уредување, комунални објекти и др.

**2.6.Детален урбанистички план на дел од 7-ма урбана единица во Гевгелија**
-Фаза: Нацрт и Предлог план
-Површина на опфат:    15,50 ха
-Намена на просторот:  домување, трговија, услужни дејности, хортикултурно уредување, комунални објекти и др.

**2.7.Детален урбанистички план на Спортско-рекреативен центар (Касарна) во Гевгелија**
-Фаза: Нацрт и Предлпг план
-Површина на опфат 11,50 ха
-Намена на просторот: содржини за спорт и рекреација, базени, придружни содржини, хортикултурно уредување, угостителски дејности, комунални објекти и др.

**2.8. Детален урбанистички план на дел од Западна сервисна зона во Гевгелија**
-Фаза: Нацрт и Предлог план
-Површина на опфат   8,70 ха

-Намена на просторот: мали и средни стопански капацитети со придружни содржини, хортикултурно уредување, комунални објекти и др.

**2.9.Детален урбанистички план на дел од Источна индустриска зона во Гевгелија**

-Фаза: Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат: 8 ха

-Намена на просторот: мали и средни стопански капацитети со придружни содржини, хортикултурно уредување, комунални објекти и др.

**2.10.Детален урбанистички план на Североисточна сервисна зона во Гевгелија**

-Фаза: Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат: 18 ха

-Намена на просторот: мали и средни стопански капацитети, сервиси, услужни дејности, хортикултурно уредување, комунални објекти и др.

**2.11.Детален урбанистички план за 6-та УЕ во Гевгелија (ревизија)**

-Фаза: Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат: 30 ха

-Намена на просторот: мали и средни стопански капацитети, сервиси, услужни дејности, хортикултурно уредување, комунални објекти и др.

**2.12.Детален урбанистички план за индустриска зона Расадник**

-Фаза: Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат: 30 ха

-Намена на просторот: мали и средни стопански капацитети, сервиси, услужни дејности, хортикултурно уредување, комунални објекти и др.

**2.13.Детален урбанистички план од Турски гробишта до "Динќут"**

-Фаза: Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат: 16 ха

-Намена на просторот: мали и средни стопански капацитети, сервиси, услужни дејности, хортикултурно уредување, комунални објекти и др.

## 3.УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА СЕЛО

**3.1.Урбанистички план за дел од село Миравци**

-Фаза: Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат: 50 ха (според ГУП)

-Намена на просторот: домување, деловни простори, трговија, сервиси, јавни функции, мало стопанство, спорт и рекреација, партерно и хортикултурно уредување, комунални објекти и др.

-Изработка на планот ќе се реализира по урбани единици

**3.2.Урбанистички план за село Моин**

-Фаза : Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат 20 ха

-Намена на просторот: домување, деловни простори, трговија, сервиси, јавни функции, мало стопанство, партерно и хортикултурно уредување, комунални објекти и др.

**3.3.Урбанистички план за село Ново Конско**
-Фаза: Нацрт и Предлог план
-Површина на опфат: 15 ха
-Намена на просторот: домување, деловни простори, трговија, сервиси, јавни функции, мало стопанство, партерно и хортикултурно уредување, комунални објекти и др.

**3.4.Урбанистички план за село Смоквица**
-Фаза: Нацрт и Предлог план
-Површина на опфат: 20 ха
-Намена на просторот: домување, деловни простори, трговија, сервиси, јавни функции, мало стопанство, партерно и хортикултурно уредување, комунални објекти и др.

**3.5.Урбанистички план за село на населено место Давидово**
-Фаза: Нацрт и Предлог план
-Површина на опфат: 30 ха (според ДУП)
-Намена на просторот: домување, деловни простори, трговија, сервиси, јавни функции, мало стопанство, спорт и рекреација, партерно и хортикултурно уредување, комунални објекти и др.
-Изработка на планот ќе се реализира по урбани единици

**3.6.Урбанистички план за село Хума**
-Фаза : Нацрт и Предлог план
-Површина на опфат 20 ха
-Намена на просторот: домување, деловни простори, трговија, сервиси, јавни функции, мало стопанство, партерно и хортикултурно уредување, комунални објекти и др.

**3.7.Урбанистички план за село Конско**
-Фаза : Нацрт и Предлог план
-Површина на опфат 20 ха
-Намена на просторот: домување, деловни простори, трговија, сервиси, јавни функции, мало стопанство, партерно и хортикултурно уредување, комунални објекти и др.

**3.8.Урбанистички план за село Серменин**
-Фаза : Нацрт и Предлог план
-Површина на опфат 20 ха
-Намена на просторот: домување, деловни простори, трговија, сервиси, јавни функции, мало стопанство, партерно и хортикултурно уредување, комунални објекти и др.

**3.9.Урбанистички план на туристички локалитет Смрдлива Вода**

-Фаза: Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат: 30,0 ха

-Намена на просторот: викенд куќи, хотели, угостителски објекти, јавни содржини, рекреација и спорт, услужни содржини, комунални објекти и др.

## 4.УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО

### 4.1.Урбанистички план вон населено место западно покрај автопат Е 75 Прдејци-Смоквица

-Фаза: Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат: 12,00 ха

-Намена на просторот: Услужни објекти, придружни објекти, хортикултурно уредување, комунални објекти и др.

### 4.2.Урбанистички план вон населено место (покрај Автопак Е 75 од граница до мотел "Вардар" лево и десно од патот

-Фаза: Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат: 70 ха

-Намена на просторот: Услужни објекти, придружни објекти, хортикултурно уредување, комунални објекти и др.

### 4.3.Урбанистички план вон населено место - Негорски Бањи

-Фаза: Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат: 20,0 ха

-Намена на просторот: здравно - туристички и објекти за банско лекување, објекти за рекреација и спорт, услужни дејности, хортикултурно уредување, комунални објекти и др.

### 4.4.Урбанистички план вон населено место Мрзенци - Прдејци

-фаза: Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат 30,0 ха

-Намена на просторот: мали и средни стопански капацитети со придружни содржини : угостителство, сервиси, комунални објекти и др.

### 4.5.Урбанистички план вон населено место Прдејци-извор на термална вода

-Фаза: Нацрт и Предлог план

-Површиона на опфат 20,00 ха

-Намена на просторот: мали и средни стопански капацитети со придружни содржини : угостителство, сервиси, комунални објекти и др.

### 4.6.Урбанистички план вон населено место од Динќут до Живинарска фарма

-Фаза: Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат: 30,0 ха

-Намена на просторот: мали и средни стопански капацитети со придружни содржини, сервиси, услужни дејности, партерно и хортикултурно уредување, комунални објекти и др.

### 4.7.Урбанистички план за подрачје вон населено место од Затворот

**до КО Мрзенци**

-Фаза: Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат 20,0 ха

-Намена на просторот мали и средни стопански капацитети со придружни содржини, сервиси, услужни дејности, партерно и хортикултурно уредување, комунални објекти и др.

**4.8.Урбанистички план за подрачје вон населено место Мрзенци -Негорци**

-Фаза: Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат: 30 ха

-Намена на просторот: хотелски комплексти, придружни објекти, услужни, комунални, хортикултурно уредување и др.

**III.Оваа Годишна програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".**

Бр. 07-2538/1 Претседател
28.12.2006 год. на Совет на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 43 од Законот за градежното земјиште ("Службен весник на РМ"бр.53/2001), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен Весник на РМ"бр.5/2002) и член 25 став 1 точка 8 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/2002 и 11/2005), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на ден 28.12.2006 година, донесе:

## П Р О Г Р А М А
## за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2007 година

### ВОВЕД

Со оваа Програма за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2007 година, се уредува:

- **I.** Просторот кој е предмет на уредување;
- **II.** Обемот на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште;
- **III.** Обемот и степенот на опремување на градежното земјиште со објекти од комуналната инфраструктура;
- **IV.** Извори за финансирање на Програмата за уредување на градежното земјиште;
- **V.** Трошоци за уредување на градежното земјиште;
- **VI.** Висина на надоместокот за уредување на градежното земјиште;
- **VII.** Динамика и мерки за извршување на Програмата;
- **VIII.** Преодни и завршни одредби.

### I. ПРОСТОР КОЈ Е ПРЕДМЕТ НА УРЕДУВАЊЕ

Како простор кој е предмет на уредување се смета градежното изградено и неизградено земјиште на подрачјето на градот Гевгелија кое е опфатено со Генералниот урбанистички план на Гевгелија и Деталните урбанистички планови, градежното земјиште во населените места Негорци, Миравци, Мрзенци, Богородица, Прдејци локалитетот Смрдлива вода, за кои е донесена Урбанистичка документација за населено место односно Урбанистички план за село, просторот долж автопатот Е-75 на подрачјето на општина Гевгелија, како и просторите надвор од населените места за кои има донесено Урбанистички план вон населено место.

## II. ОБЕМ НА РАБОТИТЕ ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ И РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Под обем на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште се подразбира следново :

### II.1. Подготвителни работи

Во подготвителни работи за уредување на градежното земјиште спаѓаат:

- Оформување на геодетска документација;
- Извршување на основни геомеханички испитувања на градежни парцели каде ќе се градат објекти од комуналната инфраструктура.

### II.2. Расчистување на градежното земјиште

Расчистување на градежното земјиште се врши со цел да се опреми земјиштето со објекти од комуналната инфраструктура.

Под расчистување на градежното земјиште се смета:

- Изработка на елаборати за експропријација;
- Решавање на имотно-правните односи со сопственици на земјиштето;
- Решавање на станбеното прашање на сопствениците и носителите на станарско право на објектите кои се рушат;
- Уривање на постојни градежни објекти и расчистување на градежното земјиште.

## III. ОБЕМ И СТЕПЕН НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ СО ОБЈЕКТИ НА КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

Под обем на опремување на градежното земјиште се смета опремување со објекти од комунална инфраструктура заради обезбедување на непречен пристап до градежната парцела од јавен пат, поставување на водоводна, канализациона (фекална и атмосферска), електрична и друга инсталација со приклучоци до градежната парцела.

Уредувањето на градежното земјиште може да биде целосно или делумно, што го определува општината.

Под степен на уреденост на градежното земјиште се подразбира обемот на опременост на земјиштето со објекти од комуналната инфраструктура за задоволување на заедничката и индивидуалната комунална потрошувачка до границите на градежната парцела.

### III.1. Опремувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктурата надвор од градежната парцела

Опремувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктурата надвор од градежната парцела паѓа на товар на општината и се состои од:

- Проектирање и изградба на улици, паркиралишта, пешачки патеки и друго според урбанистичките планови;
- Проектирање и изградба на секундарна водоводна мрежа до градежната парцела;
- Проектирање и изградба на секундарна фекална канализација до собирна шахта;
- Проектирање и изградба на атмосферска канализација;
- Проектирање и изградба на нисконапонска електрична мрежа до приклучен орман;
- Проектирање и изградба на улично осветлување;
- Проектирање и изградба на зелени површини, со хидрантска мрежа и поставување на урбана опрема предвидена со деталните урбанистички планови и проектираното партерно решение.

### III.2. Опремувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктурата во границите на градежната парцела

Опремувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктурата во границите на градежната парцела го врши инвеститорот и се состои од:

- Проектирање и изградба на приклучок на водоводната мрежа со водомерна шахта и водомер и врска со секундарната водоводна мрежа;
- Проектирање и изградба на приклучок на фекалната канализација со посебна шахта и врска со собирна шахта;
- Проектирање и изградба на приклучок на атмосферската канализација со посебна шахта и врска со собирната шахта;
- Проектирање и изградба на приклучок на ниско-напонската електрична мрежа во приклучен ормар (за индивидуални станбени објекти), а за колективни станбени објекти до и со приклучен разводен ормар;
- Одводнување на градежната парцела од буични води; и
- Друго.

## IV. ИЗВОРИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Изворите за финансирање на Програмата за уредувањето на градежното земјиште во општина Гевгелија се:

1. Надоместок за уредување на градежно земјиште (комуналии);
2. Надоместок за употреба на градежно земјиште-Рента (Ненаплатени побарувања од претходните години);
3. Комунални такси;
4. Трансфери од владини институции;

5. Надоместок за изработка на просторни и урбанистички планови;
6. Пренесен вишок на приходи од 2006 година.

Износите на секој поединечен извор на приходи се прикажани во Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година, а во оваа програма се прикажани како приходи и расходи искажани во програми и потпрограми.

Вкупни приходи искажани по програми и потпрограми се следните:

1. Програма Е. Општинска администрација
1.1Потпрограма ЕА Капитални трошоци на општината **4.500.000,00 ден.**
2. Програма Ф. Урбанистичко планирање и уредување на просторот **43.810.000,00 ден.**
3. Програма Ј. Комунални дејности **41.200.000,00 ден.**
4. Програма Л. Спорт и рекреација (Капитални расходи)
4.1. Потпрограма Л.А Спорт и рекреација (Капитални расходи) **3.000.000,00 ден.**

**ВКУПНО ПРИХОДИ: 92.510.000,00 ден.**

## V. ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Трошоците за реализација на оваа Програма за уредување на градежното земјиште се прикажани во следните програми и потпрограми и се наменети за реализација на предвидените активности во секоја потпрограма:

### 1. ПРОГРАМА Е. ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА

**Потпрограма Е А КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ НА ОПШТИНАТА**

1. **Изработка на проектна документација** **500.000,00 ден.**
   - 1.1.1. Проектна документација за доградба на административната зграда на општина Гевгелија
   - 1.1.2. Проектна документација за реконструкција на Народниот театар во Гевгелија
2. **Изградба на објекти** **2.000.000,00 ден.**
   - 2.1.1. Доградба на административната зграда на општина Гевгелија
3. **Реконструкција на објекти** **2.000.000,00 ден.**
   - 3.1.1. Реконструкција на Народниот театар во Гевгелија
   - 3.1.2. Реконструкција на Културниот дом во Негорци
   - 3.1.3. Реконструкција на Младински дом во Миравци
   - 3.1.4. Реконструкција на кровот на младински дом во Богородица
   - 3.1.5. Реконструкција на дворот во училиштето во Мрзенци
   - 3.1.6. Реновирање на објект на Работнички универзитет
   - 3.1.7. Реновирање на Младински дом во Мрзенци
   - 3.1.8. Реновирање на Младински дом во Прдејци
   - 3.1.9. Реновирање на училишна зграда во Кованец

**Вкупно Е А 4.500.000,00 ден.**

## 2. ПРОГРАМА Ф. УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ И УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

**Потпрограма Ф 1 УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ**

**1. Изработка на урбанистички планови 3.000.000,00 ден.**

**1.1. Генерален урбанистички план**

1.1.1. Измена и дополнување на Генералниот урбанистички план за Гевгелија *

**1.2. Детални урбанистички планови**

1.2.1. Детален урбанистички план за центарот на град Гевгелија (Ревизија) *
1.2.2. Детален урбанистички план за дел од 1-ва урбана единица северно од ул.гМаршал Титог (Ревизија) *
1.2.3. Детален урбанистички план за дел од 3-та урбана единица во Гевгелија *
1.2.4. Детален урбанистички план за дел од 4-та урбана единица во Гевгелија *
1.2.5. Детален урбанистички план за дел од 5-та урбана единица во Гевгелија *
1.2.6. Детален урбанистички план за дел од 7-ма урбана единица во Гевгелија *
1.2.7. Детален урбанистички план на Спортско-рекреативен центар (Касарна) во Гевгелија *
1.2.8. Детален урбанистички план за 6-та урбана единица во Гевгелија (Ревизија)
1.2.9. Детален урбанистички план за западна сервисна зона 8,7 ха
1.2.10. Детален урбанистички план за дел од источната индустриска зона 8 ха
1.2.11. Детален урбанистички план за североисточната сервисна зона
1.2.12. Детален урбанистички план за индустриска зона Расадник
1.2.13. Детален урбанистички план за делот од Турските гробишта до "Динќут"

**1.3. Урбанистички планови за село**

1.3.1. Урбанистички план за дел од село Миравци *
1.3.2. Урбанистички план на туристичкиот локалитет Смрдлива Вода *
1.3.3. Урбанистичка план за с.Моин
1.3.4. Урбанистичка план за с.Ново Конско
1.3.5. Урбанистичка план за с.Смоквица
1.3.6. Урбанистичка план за с.Давидово
1.3.7. Урбанистичка план за с.Хума
1.3.8. Урбанистичка план за с.Серменин

1.3.9. Урбанистичка план за с.Конско

**1.4. Урбанистички планови вон населено место**

1.4.1. Урбанистички план вон населено место за подрачје западно покрај автопат Е75 Прдејци - Смоквица *

1.4.2. Урбанистички план вон населено место (покрај автопат Е-75 од граница до мотел "Вардар", лево и десно од патот)

1.4.3. Урбанистички план вон населено место - Негорски бањи

1.4.4. Урбанистички план вон населено место (Мрзенци-Прдејци) 120 ха

1.4.5. Урбанистички план вон населено место (Прдејци-извор на термална вода)

1.4.6. Урбанистички план вон населено место (од Динќут до Живинарска фарма)

1.4.7. Урбанистички план вон населено место Мрзенци-Негорци

1.4.8. Урбанистички план вон населено место од Затворот до КО Мрзенци

**Вкупно Ф 1 3.000.000,00 ден.**

* Забелешка: За изработка на Урбанистичките планови од точка 1.1.1., 1.2.1. до 1.2.7., 1.3.1., 1.3.2. и 1.4.1. склучен е Договор со изработувачот на плановите "Ин-Пума" Скопје, меѓутоа нивната изработка и плаќање ќе се одвиваат во текот на 2007 година и од тие причини се ставени и во оваа Програма.

**Потпрограма Ф 2 УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**

**1. Договорни услуги 1.000.000,00 ден.**

1.1.1. Рушење на објекти (дивоградби, по основ на експропријации и др.)

**2. Други оперативни расходи 2.000.000,00 ден.**

1.1.2. Други стручни услуги

1.1.3. Други оперативни трошоци

**Вкупно Ф 2 3.000.000,00 ден.**

**Потпрограма Ф А УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ- КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ**

**1. Изработка на проектна документација 500.000,00 ден.**

1.1.1. Проектна документација за ново Градско пазариште во Гевгелија

1.1.2. Проектна документација за нова Автобуска станица во Гевгелија

1.1.3. Проектна документација-Идеен проект за Мултифункционален јавен објект (библиотека)

1.1.4. Проектна документација за изградба



од Мрзенски пат кон винарска визба "Риго Импекс"

1.1.6. Проектна документација за реконструкција

на покривот на Пионерски дом
1.1.7. Проектна документација за уредување на центарот на градот
1.1.8. Проектна документација за летна сцена во Гевгелија
1.1.9. Проектна документација за спомен обележје на Леонид Јанков
1.1.10. Проектна документација за спомен обележје на д-р Александар Синѓер
1.1.11. Проектна документација за спомен обележје на Илија Џаџев

**2. Изградба на улици 25.510.000,00 ден.**

**2.1. Долен строј и асфалтирање**

2.1.1. Изградба на улици во Индустриска зона “Блокотехна"
2.1.2. Изградба на улица од Мрзенски пат кон винарска визба “Риго Импекс“
2.1.3. Сообраќајно поврзувување на “Бул. Гевгелија” со ул.“Б. Кидрич”
2.1.4. Изградба на улици во 7-ма УЕ во Гевгелија
2.1.5. Продолжување на ул."Серменинска"
2.1.6. Изградба на авенија ”Рауљ”
2.1.7. Продолжување на ул.”Илија Миов” до ул.“Мечкин Камен"
2.1.8. Продолжување на ул. “Ристо Јанев”
2.1.9. Улица ”Кукушка”-крак запад
2.1.10. Улици во Смрдлива Вода
2.1.11. Улици во Негорци
2.1.12. Улица "Нова" и други улици во Богородица
2.1.13. Улици во Миравци
2.1.14. Улици во Давидово

**2.2. Бетонирање на улици**

2.2.1. Улица ”Деко Ковачев”-крак на запад
2.2.2. Улица пред Станбен блок во центарот на градот
2.2.3. Улица ”Моински пат”-крак кон север
2.2.4. Улица ”Маршал Тито”-крак кон југ
2.2.5. Улица ”Титоградска”-крак кон север
2.2.6. Улица ”Солунска”-крак кон југ
2.2.7. Улица ”Јанко Урдинов”-крак кон север, крак кон југ - "Браќа Миладинови"
2.2.8. Улица ”Гоце Делчев”- крак кон север
2.2.9. Улица ”Танче Канберов”-крак кон југ
2.2.10. Улица ”Илинденска”-крак кон запад
2.2.11. Улица ”Петар Мусев”-крак кон запад
2.2.12. Улица ”Јосиф Јосифовски”-патека кон центарот
2.2.13. Улица ”Ѓорѓи Стамов”
2.2.14. Улица "Ристо Фршинин" краци на југ 1 и 2 (кај Чоневци и [illegible]
[illegible]
2.2.16. Улица "Мирче Ацев" крак кон запад
2.2.17. Улица "Партизанска"- крак

2.2.18. Улица "Железничка"- крак
2.2.19. Улица "Скопска"-крак на север кон ОУ"К.Мисирков"
2.2.20. Улица "Никола Карев"-крак на север
2.2.21. Улици во Негорци
2.2.22. Улици во Миравци
2.2.23. Улици во Моин (недовршен дел)

**2.3. Изградба на тротоари**

2.3.1. Тротоари на “Моински пат" до локалитет "Динќут"
2.3.2. Тротоари на “Булевар Гевгелија“
2.3.3. Тротоари на ул. “Сава Михајлов"
2.3.4. Тротоар на јужен дел од ОУ"Владо Кантарџиев"
2.3.5. Тротоари на ул."Ристо Фршинин"

**3. Реконструкција на улици 2.000.000,00 ден.**

3.1.1. Улица "Маршал Тито"
3.1.2. Улица "Радован Ковачевиќ"
3.1.3. Улица "Јосиф Јосифовски"
3.1.4. Улица "Ѓоко Тутушев"
3.1.5. Улица "Македонија"
3.1.6. Улица "Мирче Ацев"
3.1.7. Улица "Деко Ковачев"
3.1.8. Тротоар-пешачка патека од ДГ "Детска Радост" кон “Булевар Гевгелија"
3.1.9. Улици во Миравци

**4. Изградба на други објекти 6.800.000,00 ден.**

4.1.1. Регулација на коритото на "Сува Река"
4.1.2. Изградба на објект за згрижување на домашни животни скитници

**5. Надомест за одземен имот 3.000.000,00 ден.**

5.1.1. “Булевар Гевгелија“-(Западен)
5.1.2. “Булевар Гевгелија“ до 9-та УЕ
5.1.3. Ново Градско пазариште
5.1.4. Продолжение на ул. "Илија Миов"до ул. "Мечкин Камен"
5.1.5. Улици во 7-ма УЕ
5.1.6. Улица “Кукушка”-краци
5.1.7. Улица “Солунска”-крак исток
5.1.8. Улица “Митко Зафиров” - крак југ
5.1.9. Улица "Нова"
5.1.10. Улица "Скопска" - крак на север
5.1.11. Куќа во дворно место на "Детска Радост"
5.1.12. Куќа во дворно место на Гимназијата

**Вкупно Ф А 37.810.000,00 ден.**

## 3. ПРОГРАМА Ј. КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ



**(ОДРЖУВАЊЕ)**

**1. Одржување на канализации и одводни канали 3.000.000,00 ден.**

1.1.1. Одржување на постојната фекална и атмосферска канализација
1.1.2. Одржување на заштитен канал "Рауљ"
1.1.3. Одржување и уредување на одводни канали во Мрзенци
1.1.4. Одржување и уредување на одводен канал од железничката пруга до Вардар

**Вкупно Ј 2 3.000.000,00 ден.**

**Потпрограма Ј 3** ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

**1. Одржување на јавно осветлување**

**1.1. Електрична енергија 4.500.000,00 ден.**

1.1.1. Електрична енергија за јавно осветлување
1.1.2. Обврски од претходни години

**1.2. Одржување на јавно осветлување 1.400.000,00 ден.**

1.2.1. Одржување на јавно осветлување и набавка на материјали за јавно осветлување

**1.3. Други оперативни расходи 100.000,00 ден.**

1.3.1. Други оперативни расходи

**Вкупно Ј 3 6.000.000,00 ден.**

**Потпрограма Ј 4** ЈАВНА ЧИСТОТА

**1. Расчистување и уредување на депонии 700.000,00 ден.**

1.1.1. Расчистување и уредување на диви депонии

**2. Набавка на опрема 150.000,00 ден.**

2.1.1. Набавка на опрема за одржување на јавна чистота

**3. Ангажирање на работници 150.000,00 ден.**

3.1.1. Ангажирање на сезонски работници

**Вкупно Ј 4 1.000.000,00 ден.**

**Потпрограма Ј 7** ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО

**1. Уредување и одржување на паркови и зеленило 1.000.000,00 ден.**

1.1.1. Хортикултурно уредување на јавни површини
1.1.2. Одржување на зелени површини
1.1.3. Одржување на локалитет "Динќут"
1.1.4. Уредување и одржување на локалитет



**Вкупно Ј 7 1.000.000,00 ден.**

**Потпрограма Ј 8** ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ

**1. Дезинфекција, дезинсекција, дератизација 300.000,00 ден.**

1.1.1. Дезинфекција, дезинсекција, дератизација
1.1.2. Еутаназија на животни скитници

**2. Други тековни расходи 200.000,00 ден.**

2.1.1. Подигање на хаварисани возила
2.1.2. Други комунални услуги

**Вкупно Ј 8 500.000,00 ден.**

**Потпрограма Ј А ИЗГРАДБА НА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ**

**1. Изработка на проектна документација 400.000,00 ден.**

1.1.1. Проектна документација за изградба на електрична инсталација на Моински пат до и на локалитетот "Динќут"
1.1.2. Проектна документација за изградба на електрична инсталација на Моински пат -крак инд.зона
1.1.3. Проектна документација за изградба на електрична инсталација на делот од железничката станица до реката Вардар
1.1.4. Проектна документација за улично осветлување во 7-ма УЕ во Гевгелија
1.1.5. Проектна документација за улично осветлување населба "Касарна"
1.1.6. Проектна документација за улично осветлување на улици и делови од градот каде не постои улично осветлување

**2. Изградба на електрични инсталации 3.600.000,00 ден.**

2.1.1. Изградба на улично осветлување на ул."Маршал Тито"
2.1.2. Изградба на улично осветлување во населба "Касарна"
2.1.3. Изградба на улично осветлување на Моински пат до локалитетот "Динќут" вклучувајќи го и целиот локалитет
2.1.4. Изградба на улично осветлување во 7-ма УЕ во Гевгелија
2.1.5. Изградба на улично осветлување на улица "Солунска"
2.1.6. Изградба на улично осветлување во локалитет "Смрдлива Вода"
2.1.7. Изградба на улично осветлување во с.Миравци
2.1.8. Изградба на улично осветлување во с.Мрзенци
2.1.9. Изградба на улично осветлување во с.Смоквица
2.1.10. Изградба на улично осветлување во с. Милетково
2.1.11. Изградба на улично осветлување во с. Кованец
2.1.12. Осветлување на детски игралишта
2.1.13. Изградба на електрична инсталација во југозападна сервисна зона
2.1.14. Изградба на трафостаници



**Вкупно Ј А 4.000.000,00 ден.**

**Потпрограма Ј Е ИЗГРАДБА НА ПРОСТОР ЗА ПАРКИРАЊЕ**

1. **Изградба на паркиралишта** **1.000.000,00 ден.**

1.1.1. Изградба на нови паркинг простори во Гевгелија

**Вкупно Ј Е** **1.000.000,00 ден.**

**Потпрограма Ј Г** **ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ**

1. **Изработка на проектна документација** **500.000,00 ден.**

1.1.1. Студија за подобрување на квалитетот на водоснабдувањето на Гевгелија во периодот 2007-2025 година

1.1.2. Проектна документација за реконструкција на регионална водоводна мрежа во Гевгелија (замена на азбестни цевки)

1.1.3. Проектна документација за изградба на нов резервоар за вода во с. Моин

1.1.4. Проектна документација за водоснабдување на Негорци и Прдејци

1.1.5. Проектна документација за поврзување на Негорци и Прдејци со градскиот водовод

1.1.6. Проектна документација за изградба на водоводна линија за подобрување на водоснабдувањето на југозападниот дел од градот

1.1.7. Проектна документација за водовод во Смрдлива вода

2. **Изградба на капацитети за водоснабдување** **2.000.000,00 ден.**

2.1.1. Изградба на водовод во 7-ма УЕ

2.1.2. Изградба на водовод во индустриска зона “Блокотехна”

2.1.3. Изградба на водовод во југозападната сервисна зона

2.1.4. Изградба на водоводна линија за подобрување на водоснабдувањето на југозападниот дел од градот

2.1.5. Изградба на водоводна линија северно од Булевар Гевгелија

2.1.6. Проширување на водоводна мрежа во Прдејци и поврзување со градскиот водовод

2.1.7. Изградба на водовод Моин (Резервоар)

2.1.8. Доизградба на системот за водоснабдување на Н.Конско

2.1.9. Водовод во Смрдлива вода

2.1.10. Водовод во Кованец

3. **Реконструкција на капацитети за водоснабдување** **2.000.000,00 ден.**

3.1.1. Реконструкција на дел од водоводната мрежа во Гевгелија (замена на азбестните цевки)

3.1.2. Реконструкција на доводен цевовод за Петрово

3.1.3. Реконструкција (заштита) на незаштитениот дел од



3.1.4. Реконструкција на стара водоводна мрежа во Миравци

4. **Изградба на други објекти** **6.000.000,00 ден.**

4.1.1. Изградба на мала акумулација “Сарандар“

**Вкупно Ј Г 10.500.000,00 ден.**

**Потпрограма Ј И** ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ

**1. Изработка на проектна документација 1.000.000,00 ден.**

1.1.1. Проектна документација за изградба на канализациона мрежа во Индустриска зона “Блокотехна“

1.1.2. Проектна документација за изградба на Пречистителна станица Негорци

1.1.3. Проектна документација за изградба на фекална канализација во с. Моин

1.1.4. Проектна документација за изградба на фекална канализација во Ново Конско

1.1.5. Проектна документација за изградба на фекална канализација во с. Смоквица

1.1.6. Проектна документација за изградба на атмосферска канализација од железничката пруга до реципиентот (Вардар)

1.1.7. Проектна документација за изградба на атмосферска канализација на ул. “7-ми Ноември“ (Водна заедница-семафори)

1.1.8. Проектна документација за изградба на атмосферска канализација на ул. ”Јанко Урдинов”

1.1.9. Проектна документација за изградба на атмосферска канализација на ул. ”Радован Ковачевиќ”

1.1.10. Проектна документација за изградба на атмосферска канализација на ул. ”7-ми ноември” (од ул."Н.Карев" до каналот "Рауљ")

**2. Изградба на пр. станици, колектори и др. објекти 9.000.000,00 ден.**

**2.1. Фекални канализации**

2.1.1. Колектор до пречистителна станица

2.1.2. Фекална канализација во Индустриска зона ”Блокотехна"

2.1.3. Фекална канализација во југо-западна сервисна зона

2.1.4. Довршување на фекалната канализација во 7-ма УЕ

2.1.5. Фекална канализација долж патот Гевгелија-Мрзенци-Негорци од Мрзенци кон Гевгелија (поврзување со градската канализација);

2.1.6. Довршување на фекалната во Негорци

2.1.7. Фекална канализација во Миравци-втора фаза

2.1.8. Фекална канализација во Богородица-секундарна мрежа

2.1.9. Фекална канализација во Смрдлива вода

**2.2. Атмосферски канализации**

2.2.1. Атмосферска канализација на ул. ”Јанко Урдинов”

2.2.2. Атмосферска канализација на ул. ”Радован Ковачевиќ”

2.2.3. [illegible] дна заедница до семафори)

2.2.4. Атмосферска канализација на ул. ”7-ми Ноември” (од ул."Н.Карев" до каналот "Рауљ")

2.2.5. Атмосферска канализација на ул."Нако Вардарски" во Гевгелија

**2.3. Одводни канали**

2.3.1. Доизградба на одводен канал "Рауљ"

**Вкупно Ј И 10.000.000,00 ден.**

**Потпрограма Ј К ЈАВНА ЧИСТОТА (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)**

**1. Набавка на градежни машини и возила за комунална хигиена**

**1.1. Машини за изградба 500.000,00 ден.**

1.1.1. Набавка на градежна машина

**1.2. Купување на други машини 1.700.000,00 ден.**

1.2.1. Набавка на возило за комунална хигиена

**Вкупно Ј К 2.200.000,00 ден.**

**Потпрограма Ј М ИЗГРАДБА НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)**

**1. Изработка на проектна документација 100.000,00 ден.**

1.1.1. Проектна документација за паркови и зеленило

**2. Изградба на паркови и зеленило 600.000,00 ден.**

2.1.1. Изградба на паркови и зеленило

**3. Реконструкција на паркови и зеленило 300.000,00 ден.**

3.1.1. Реконструкција на паркови и зеленило

**Вкупно Ј М 1.000.000,00 ден.**

**Потпрограма Ј Н УРБАНА ОПРЕМА (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)**

**1. Изработка на проектна документација 50.000,00 ден.**

1.1.1. Проектна документација за поставување урбана опрема

**2. Изградба на објекти 650.000,00 ден.**

2.1.1. Изградба на фонтани

**3. Набавка на урбана опрема 300.000,00 ден.**

3.1.1. Набавка и монтирање на клупи, корпи за отпадоци, табли со натписи, часовници и друга урбана опрема

**Вкупно Ј Н 1.000.000,00 ден.**

## 4. ПРОГРАМА Л. СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА

**Потпрограма Л А СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)**

**1. Изработка на проектна документација 500.000,00 ден.**

1.1.1. [illegible]



**2. Изградба на спортски објекти 2.000.000,00 ден.**

2.1.1. Изградба на спортски терени во Касарната

2.1.2. Изградба на спортско игралиште покрај Западен Булевар

2.1.3. Велосипедска патека на тротоарот на Моински пат до локалитет "Динќут"
2.1.4. Изградба на спортскиот терен помеѓу ул."Белградска" и "Гоце Делчев"
2.1.5. Изградба на спортски терени во Негорци и Прдејци

**3. Реконструкција на спортски објекти 500.000,00 ден.**

3.1.1. Реновирање на ДТВ "Партизан "
3.1.2. Реконструкција на ракометно и кошаркарско игралиште во градски стадион
3.1.3. Реконструкција на локалитет "Динќут"

**Вкупно Л А 3.000.000,00 ден.**

**Рекапитулација на расходите:**

| | |
|---|---|
| **Програма Е Општинска администрација** | **4.500.000,00 ден.** |
| Потпрограма Е А Капитални трошоци на општината | 4.500.000,00 ден. |
| **Програма Ф Урбанистичко планирање и уредување на просторот** | **43.810.000,00 ден** |
| Потпрограма Ф 1 Урбанистичко планирање | 3.000.000,00 ден. |
| Потпрограма Ф 2 Уредување на градежно земјиште | 3.000.000,00 ден. |
| Потпрограма Ф А Уредување на градежно земјиште - (Капитални расходи) | 37.810.000,00 ден. |
| **Програма Ј Комунални дејности** | **41.200.000,00 ден.** |
| Потпрограма Ј 2 Одведување и пречистување на отпадни води | 3.000.000,00 ден. |
| Потпрограма Ј 3 Јавно осветлување | 6.000.000,00 ден. |
| Потпрограма Ј 4 Јавна чистота | 1.000.000,00 ден. |
| Потпрограма Ј 7 Одржување и користење на паркови и зеленило | 1.000.000,00 ден. |
| Потпрограма Ј 8 Други комунални услуги | 500.000,00 ден. |
| Потпрограма Ј А Изградба на јавно осветлување | 4.000.000,00 ден. |
| Потпрограма Ј Е Изградба на простор за паркирање | 1.000.000,00 ден. |
| Потпрограма Ј Г Изградба на системи за водоснабдување | 10.500.000,00 ден. |
| Потпрограма Ј И Изградба на системи за одведување и прочистување на отпадни води | 10.000.000,00 ден. |
| Потпрограма Ј К Јавна чистота (Капитални расходи) | 2.200.000,00 ден. |
| Потпрограма Ј М Паркови и зеленило (Капитални расходи) | 1.000.000,00 ден |
| Потпрограма Ј Н Урбана опрема (Капитални расходи) | 1.000.000,00 ден. |
| **Програма Л Спорт и рекреација** | **3.000.000,00 ден.** |
| Потпрограма Л А Спорт и рекреација-Капитални трошоци | 3.000.000,00 ден. |



Во текот на реализација на Програмата може да се врши прераспределба на средствата од една во друга позиција со одлука на Советот на општината.

## VI. ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

### VI.1. Висина на надоместокот за уредување на градежно земјиште

Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште зависи од степенот на уреденост на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура.

Под степен на уреденост на градежното земјиште се подразбира обемот на опременост на земјиштето со објекти од комуналната инфраструктура за задоволување на заедничката и индивидуалната комунална потрошувачка до границите на градежната парцела.

Степенот на уреденост на градежното земјиште според Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост ("Службен весник на РМ" бр.80/01 год.) може да биде основен, повисок или понизок од основниот.

Основен степен на уреденост според претходно споменатиот правилник преставува опременост на земјиштето со непречен пристап до градежната парцела од јавен пат, електрична мрежа, водоводна мрежа и фекална канализација.

Повисок степен на уреденост преставува опременост на земјиштето покрај со објектите на основниот степен и плус еден или повеќе други објекти од останата инфраструктура и тоа: ПТТ мрежа; улици, тротоари, паркинзи, пешачки патеки и други површини согласно урбанистичките планови; атмосферска канализација; улично осветлување; топлификациона мрежа; гасоводна мрежа и пречистителна станица за отпадни води.

Доколку земјиштето е опремено со помалку објекти од основниот степен се смета за понизок степен на одреденост.

Трошоците за уредување на градежно земјиште се утврдуваат согласно реалните трошоци направени за соодветниот степен на опременост на градежното земјиште со објектите на комуналната инфраструктура.

Надоместокот за уредување на градежно земјиште се пресметува на корисната (нето) површина на објектот што се гради помножена со соодветните коефициенти утврдени во Правилникот и утврдените трошоци за одделните степени на уреденост на градежното земјиште.

Надоместокот за уредување на градежно земјиште според претходните критериуми изнесува:

<u>**За градот Гевгелија**</u>

*<u>1. Основен степен на уреденост на градежното земјиште.</u>*

Надоместокот за основен степен на уреденост на градежното земјиште за гра



1.2. Деловни и јавни објекти 2.500,00 ден./м²
1.3. Производни (индустриски) објекти 1.000,00 ден./м²
1.4. Бензински пумпи (згради, настрешници, резервоари, рампи) 6.200,00 ден./м²

*2.Понизок степен на уреденост на градежното земјиште.*

Надоместокот од претходниот став ќе се намали ако нема еден од објектите на комуналната инфраструктура што го сочинуваат основниот степен во зависност од неговото процентуално учество во трошоците за основен степен на уреденост на градежното земјиште и тоа:

| | |
|---|---|
| - за непречен пристап до градежна парцела од јавен пат | 50% |
| - за електрична мрежа | 20% |
| - за водоводна мрежа | 15% |
| - за канализациона мрежа | 15% |

*3. Повисок степен на уреденост на градежното земјиште.*

Надоместокот за основниот степен на уреденост ќе се зголеми доколку покрај објектите кои го сочинуваат основниот степен на уреденост постојат еден или повеќе други објекти од останата инфраструктура и тоа за:

| | |
|---|---|
| - за улици, тротоари, паркинзи, пешачки патеки и други површини согласно урбанистичките планови | 20% |
| - за улично осветлување | 10% |
| - за телекомуникациони инсталации | 10% |
| - за атмосферска канализација | 10% |

Повисокиот степен на уреденост на градежно земјиште не се применува за изградба на производни (индустриски) објекти.

**Населени места Негорци, Миравци, Мрзенци, Богородица и Прдејци**

Надоместокот за основен степен на уреденост на градежното земјиште за населените места Негорци, Миравци, Мрзенци, Богородица и Прдејци, изнесува:

| | |
|---|---|
| 1.1. Станбени објекти | 750,00 ден./м$^2$ |
| 1.2. Деловни и јавни објекти | 1.250,00 ден./м$^2$ |
| 1.3. Производни (индустриски) објекти | 500,00 ден./м$^2$ |
| 1.4. Бензински пумпи (згради, настрешници, резервоари, рампи) | 6.200,00 ден./м$^2$. |

Надоместокот за понизок или повисок степен на уреденост ќе се намали или зголеми за процентите кои се утврдени за градот Гевгелија.

Повисокиот степен на уреденост на градежно земјиште не се применува за изградба на производни (индустриски) објекти.

**Туристички локалитет Смрдлива Вода**

Надоместокот за основен степен на уреденост на градежното земјиште за Туристичкиот локалитет Смрдлива Вода, според претходно наведените критериуми из



| | |
|---|---|
| 1.2. Деловни и јавни објекти | 2.500,00 ден./м$^2$ |

Надоместокот за понизок или повисок степен на уреденост ќе се намали или зголеми за процентите кои се утврдени за градот Гевгелија.

Средствата што ќе се остварат по основ на надоместок за уредување на градежно земјиште во населените места Негорци, Миравци, Мрзенци, Богородица,

Прдејци и туристичкиот локалитет Смрдлива Вода, во целост ќе се употребат за реализација на инфраструктурни објекти во овие населени места.

За изградба на објекти долж автопатот Е-75 на подрачјето на општина Гевгелија и за просторите надвор од населените места за кои има донесено Урбанистички план вон населено место

Надоместокот за основен степен на уреденост на градежното земјиште за изградба на објекти долж автопатот Е-75 на подрачјето на општина Гевгелија и за просторите надвор од населените места за кои има донесено Урбанистички план вон населено место, според претходно наведените критериуми, изнесува:

| | |
|---|---|
| 1.1. Деловни и јавни објекти | 5.000,00 ден./$м^2$ |
| 1.2. Производни (индустриски) објекти | 3.000,00 ден./$м^2$ |
| 1.3. Бензински пумпи (згради, настрешници, резервоари, рампи) | 6.200,00 ден./$м^2$. |

Надоместокот за понизок или повисок степен на уреденост ќе се намали или зголеми за процентите кои се утврдени за градот Гевгелија.

Одредбите од овој поднаслов се применуваат на објекти предвидени со проектот (студијата) за просторна организација на придружни и услужни објекти и содржини на автопатот Е-75, Коридор 8, 10 и 10а кои поминуваат низ подрачјето на општина Гевгелија.

## VI.2. Начин на плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште

Надоместок за уредување на градежно земјиште се утврдува со пресметка, по што се склучува Договор со инвеститорот за регулирање на начинот на плаќање на надоместокот.

Надоместок за уредување на градежно земјиште може да се плати во цел износ одеднаш, за што се одобрува попуст од 10% на пресметаниот износ, или може да се плати 50% веднаш, а останатите 50% најмногу до 6 еднакви месечни рати.

Инвеститорите - правни лица, можат да вршат плаќање најмногу до 6 еднакви месечни на рати, доколку пресметаниот надоместок е повисок од 300.000,00 денари, со тоа што 50% од износот треба да го платат веднаш, а останатите 50% на рати со задолжително обезбедување на плаќањето со Банкарска гаранција или друго средство за обезбедување.

Инвеститорите-физички лица, може да вршат плаќање најмногу до 12 еднакви месечни рати, доколку пресметаниот надоместок е повисок од 150.000,00 денари, со тоа што 50% од износот треба да го платат веднаш, а останатите 50% од надоместокот на рати.

За објекти во VII-та, дел од IV-та и дел од V-та УЕ во Гевгелија, изградени или започнати без одобрение за градење пред 01.04.2003 година, кои се евидентирани од Комисија за евидентирање на изградени објекти во ВИИ-та УЕ, во текот на месец април 2003, износот на надоместокот се намалува за 50%, и истиот може да се плати најмногу до 12 еднакви месечни рати, доколку сопствениците на објектите склучат Договор за регулирање на начинот на плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште заклучно со 31.12.2007 година.

Конечното Одобрение за градење, Одделението за урбанизам ќе го издаде по целосната исплата на надоместокот за уредување на градежно земјиште.

Доколку инвеститорите не ги почитуваат договорените обврски ќе се преземаат мерки согласно Закон.

## VII. ДИНАМИКА И МЕРКИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Динамиката на извршувањето на оваа Програма ќе зависи пред се од приливот на средствата од надоместокот за уредување на градежното земјиште, и другите извори предвидени со оваа Програма.

Заради успешното реализирање на Програмата, неопходно е да се почитуваат договорените обврски, а против нередовните плаќачи да се преземаат мерки за присилна наплата на долгот.

## VIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

1. За реализација на Програмата надлежен е Градоначалникот на општина Гевгелија.
2. Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Гевгелија”, а ќе се применува сметано од 01.01.2007 година.

Бр.07-2536/1
28.12.2006год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 106 став 2 од Законот за јавните патишта ("Службен весник на РМ" бр.26/96, 40/99, 96/2000, 29/2002, 68/2004 и 31/2006) и член 25 став 1 точка 12 од Статутот на општина Гевгелија (“Службен гласник на општина Гевгелија” бр.8/2002 и 11/2005), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на ден 28.12.2006 година, донесе:

## ГОДИШНА ПРОГРАМА
### за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Гевгелија за 2007 година

### I.

Со оваа Програма се утврдуваат изворите на средствата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во 2007 година, нивниот распоред и начин на користење и обемот на работите.

### II.



ло
следните извори на приходи:

1. Трансфери од владини институции, и тоа од:
   1.1. Фонд за магистрални и регионални патишта, наменети за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици;

1.2. Биро за стопански недоволно развиени подрачја, наменети за неповратно учество во финансирање на проекти од стопанската инфраструктура во стопански недоволно развиени подрачја.

2. Надоместок за уредување на градежно земјиште (комуналии); и
3. Комунални такси.

Износите на секој поединечен извор на приходи се прикажани во Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година, а во оваа програма се прикажани како приходи и расходи искажани во програми и потпрограми.

Вкупни приходи искажани по потпрограми се следните:

1. Потпрограма Ј 6. Одржување и заштита на локалните патишта и улици и регулирање на режим на сообраќајот **1.000.000,00 ден.**
2. Потпрограма Ј Д. Изградба и реконструкција на локални патишта и улици **11.500.000,00 ден.**
3. Потпрограма Ј Ф. Изградба на сообр. сигнализација **3.000.000,00 ден.**

**ВКУПНО ПРИХОДИ: 15.500.000,00 ден.**

**III.**

Средствата во висина од 15.500.000,00 денари се распределени во следните потпрограми и се наменети за реализација на предвидените активности во секоја потпрограма:

**Потпрограма Ј.6. ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ И РЕГУЛИРАЊЕ НА РЕЖИМ НА СООБРАЌАЈОТ**

1. **Одржување на улици и патишта** **800.000,00 ден.**
   1.1. **Тековно одржување**
      1.1.1. Крпење на ударни дупки
      1.1.2. Зимско одржување
   1.2. **Расчистување на улици и патишта**
      1.2.1. Расчистување на локалниот пат Гевгелија-Богородица
      1.2.2. Расчистување на локалниот пат Негорци-Кованец

2. **Поправка и одржување на опрема** **200.000,00 ден.**
      2.1.1. Поправка и одржување на семафори

**Вкупно Ј 6 1.000.000,00 ден.**



**ПАТ**

1. **Изработка на проектна документација** **500.000,00 ден.**
      1.1.1. Проектна документација за изградба на пристапен пат до споменикот на Мрзенски рид
      1.1.2. Проектна документација за изградба на пат

од мост на Сува река до гранична караула

1.1.3. Проектна документација за изградба на мост на локален пат Негорци-Кованец (кај Негорци)

1.1.4. Проектна документација за изградба на мост на патот од Негорци за оранжериите

**2. Изградба на улици и патишта 10.000.000,00 ден.**

2.1.1. Поставување на долен строј на дел "Јужен заобиколен пат"(поврзување со ул."Железничка")

2.1.2. Изградба на локалниот пат Понов мост-Богородица

2.1.3. Изградба на пристапен пат до “Споменик на слободата"на Мрзенски рид

2.1.4. Проширување на патот од мостот до с. Моин (проширен дел)

2.1.5. Проширување на патот од Живинарска фарма до с.Н.Конско

2.1.6. Продолжување на изградбата на патот за с.Хума

**3. Реконструкција на улици и патишта 1.000.000,00 ден.**

3.1.1. Реконструкција на локалниот пат Негорци-Серменин

3.1.2. Реконструкција на улици во с.Конско

**Вкупно Ј Д 11.500.000,00 ден.**

**Потпрограма Ј Ф. ИЗГРАДБА НА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА**

**1. Изработка на проектна документација 300.000,00 ден.**

1.1.1. Проектна документација за поставување на семафори на крстосница на ул. “Деко Ковачев“со “Булевар Гевгелија“

1.1.2. Проектна документација за поставување на семафори на крстосница на ул. "Мирче Ацевв""Р. Жинзифов" и "Р. Фршинин"

1.1.3. Проектна документација за поставување на семафори на крстосница на “Булевар Гевгелија“ со ул.“Индустриска“

1.1.4. Проектна документација за поставување на семафори на вкрстувањето на влезната улица во градот со стариот автопат

**2. Изградба и поставување на сообраќајна сигнализација 2.700.000,00 ден.**

2.1.1. Поставување на семафори на крстосницата на ул."Деко Ковачев" со "Булевар Гевгелија"

2.1.2. Поставување на семафори на крстосницата на ул.“Мирче Ацев“, “Р. Жинзифов“ и “Р. Фршинин“



Гевгелија со ул.“Индустриска“

2.1.4. Поставување на семафори на вкрстувањето на влезната улица во градот со стариот автопат

2.1.5. Поставување на сообраќајни знаци, ознаки и патокази на улици и локални патишта

2.1.6. Обележување на улици и локални патишта со хоризонтална сигнализација

**Вкупно Ј Ф 3.000.000,00 ден.**

---

**ВКУПНО РАСХОДИ: 15.500.000,00 ден.**

**IV.**

За реализација на Програмата надлежен е Градоначалникот на општина Гевгелија.

**V.**

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Гевгелија”, а ќе се применува сметано од 01.01.2007 година.

Бр.07-2537/1<br>28.12.2006год.<br>Гевгелија

Претседател<br>на Советот на општина Гевгелија,<br>***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 9 став 4 од Законот за таксата за привремен престој ("Службен весник на РМ" бр.19/96 и 26/02 год.) и член 25 став 1 точка 44 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија"бр.8/02 и 11/05 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата, одржана на 28.12.2006 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
### за општа туристичка пропаганда и за подобрување на условите за престој на туристите во општина Гевгелија

1.Со оваа Програма се уредува намената на средствата за општа туристичка пропаганда и за подобрување на условите за престој на туристите за 2007 година.

2.Средствата за финансирање на општа туристичка пропаганда и за подобрување на условите за престој на туристите за 2007 година се утврдува во износ од 500.000,00 денари (петстотина иљјади денари) и се обезбедуваат од таксата за привремен престој наплатена на подрачјето на општина Гевгелија.

3.Средствата од оваа програма ќе се користат за:

- Изработка и печатење на туристички пропаганден материјал (папки, беџови, ќе си со грбот на општина Гевгелија и сл.)______________ 80.000,00 ден.

- Изработка на ЦД и ВЕБ страна за туристичка понуда 120.000,00 ден.



**Вкупно: 500.000,00 ден.**

По потреба, во текот на реализацијата на Програмата, може да се врши прераспоредување на средствата од една во друга позиција.

4.Оваа Програма ќе се реализира според динамиката на приливот на средствата од таксата за привремен престој од посетителите на Гевгелија, согласно Законот за јавни набавки.

5.За спроведување на оваа Програма се грижи градоначалникот на општина Гевгелија.

6.Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2539/1
28.12.2006 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

**С О Д Р Ж И Н А**


1.Буџет на општина Гевгелија за 2007 година .............................................. 340

2.Одлука за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 год... 391

3.Годишна програма за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија ........................................................................................................... 393

4.Програма за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2007 година ..................................................................................................... 399

5.Годишна програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Гевгелија за 2007 година ....................... 415

6.Програма за општа туристичка пропаганда и за подобрување на условите за престој на туристите во општина Гевгелија ....................................................... 418



**"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба**
**Уредува и издава: Општина Гевгелија - Служба за административни работи**
**улица "Димитар Влахов" 4 тел. 213-843**

# O P [ T I N A   G E V G E L I J A

# SLU@BEN GLASNIK
# NA OP[TINA GEVGELIJA
# REGISTAR ZA 2006 GODINA

2006 година Гевгелија

# ХРОНОЛОШКИ РЕГИСТАР
# НА ПРОПИСИТЕ И ДРУГИТЕ АКТИ ОБЈАВЕНИ ВО "СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА" ВО 2006 ГОДИНА

Ред.бр. Бр./стр.

1.Одлука за општински линиски превоз на патници во општина Гевгелија ....................3/18
2.Одлука за усвојување на Годишната програма за работа на Јавната општинска установа за деца Детска градинка "Детска радост" Гевгелија за 2005/2006 година ....................3/28
3.Одлука за купување на теренско моторно возило за потребните на општина Гевгелија .................... 4/32
4.Одлука за донесување на Буџетски календар ....................6/71
5.Одлука за висината на надоместокот на членовите на Советот на општина Гевгелија ....................6/74
6.Одлука за именување пет члена во Управниот одбор на ОЈУ Матична библиотека "Годе Делчев" Гевгелија ....................8/88
7.Одлука за именување пет члена во Управниот одбор на ОЈУ Домот на куклтурата "Македонија" Гевгелија ....................8/89
8.Одлука за именување пет члена во Управниот одбор на ОЈУ Работнички универзитет "Кирил и Методија" Гевгелија ....................8/89
9.Одлука за именување пет члена во Управниот одбор на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито" Гевгелија ....................8/90
10.Одлука за утврдување приоритет за изградба на фекална канализација - втора фаза од секундарна мрежа во Миравци ....................11/122
11.Одлука за определување средства за надомест за експропријација на недвижен имот за изградба (продолжување) на ул."Илија Миов" Гевгелија .11/122
12.Одлука за утврдување места за истакнување на изборни плакати ...11/123
13.Одлука за формирање на медицинска екипа за укажување на медицинска помош на порeдените лица во пожар .................... 11/124
14.Одлука за измена и дополнување на Одлуката за изградба - поставување на објекти на градежно земјиште на општина Гевгелија од лица чии станови се одземени со денационализацијата ....................12/131
15.Одлука за измени на Буџетот на општина Гевгелија за 2006 година ....................12/132
16.Одлука за измена и дополнување на Одлуката за именување претседател и членови и нивни заменици во Комисијата за утврдување пазарната вредност на недвижниот имот во општина Гевгелија .................... 15/152
17.Одлука за именување на членови во Медицинската екипа за укажување медицинска помош на повредени лица во пожар ....................15/152
18.Одлука за измени и дополнувања на Буџетот на општина Гевгелија за 2006 година ....................18/189
19.Одлука за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2006 година .................... 18/230

20.Одлука за продажба на патнички моторни возила сопственост на општина Гевгелија ....................18/230

21.Одлука за усвојување на Локален акционен план за социјална заштита ....................18/231

22.Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работа на Општинското ОУ "Владо Кантарџиев" Гевгелија за учебната 2005/2006 година ....................19/235

23.Одлука за усвојување на Годишната програма за работа на Општинското ОУ "Владо Кантарџиев" Гевгелија за учебната 2006/2007 година ....................19/235

24.Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работа на Општинското ОУ "Крсте Мисирков" Гевгелија за учебната 2005/2006 година ....................19/236

25.Одлука за усвојување на Годишната програма за работа на Општинското ОУ "Крсте Мисирков" Гевгелија за учебната 2006/2007 година ....................19/236

26.Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работа на Општинското ОМУ "Васо Карајанов" Гевгелија за учебната 2005/2006 година ....................19/236

27.Одлука за усвојување на Годишната програма за работа на Општинското ОМУ "Васо Карајанов" Гевгелија за учебната 2006/2007 година ....................19/237

28.Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работа на Општинското ОУ "Ристо Шуклев" Негорци за учебната 2005/2006 година ....................19/237

29.Одлука за усвојување на Годишната програма за работа на Општинското ОУ "Ристо Шуклев" Негорци за учебната 2006/2007 година ....................19/238

